БИБЛИСКА
ДОКТРИНА

јули ■ август ■ септ. ■ 2017

# Евангелието во посланието до Галатјаните



Христијанска
адвентистичка црква

# ЕВАНГЕЛИЕТО ВО ГАЛАТЈАНИТЕ

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јули, август, септември 2017.

**ЕВАНГЕЛИЕТО ВО ГАЛАТЈАНИТЕ**
Автори: *Карл П. Косерт*
Број 3/2017

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

СОДРЖИНА:

1. Павле, апостол на незнабошците .................................. 7
2. Павловиот авторитет и евангелието ........................... 14
3. Единството на евангелието........................................... 21
4. Оправдување само со вера ............................................ 28
5. Старозаветната вера ..................................................... 35
6. Приоритет на ветувањата.............................................. 42
7. Патот кон верата............................................................ 49
8. Од робови до наследници.............................................. 56
9. Павловиот пастирски повик......................................... 63
10. Два завета...................................................................... 70
11. Слобода во Христа....................................................... 77
12. Да живееме по Духот.................................................... 84
13. Евангелието и црквата.................................................. 91
14. Да се фалиме со крстот................................................. 98

**Додаток**

Утрински стихови - јули.................................................. 106
Утрински стихови - август ............................................... 107
Утрински стихови - септември ....................................... 108
Секојдневно читање на Библијата .................................. 109
Текстови за вечерно богослужение ..................................110
Табели за почеток на сабота во Македонија....................111



## ВОВЕД
## ЕВАНГЕЛИЕТО ВО ГАЛАТЈАНИТЕ

Протестантскиот свет се подготвува да ја одбележи 500-годишнината од почетокот на протестантската реформација, кога Мартин Лутер, воден од Светиот Дух, на милиони луѓе им ги приближил библиските вистини кои долго биле скриени поради повеќевековното влијание на суеверјето и обичаите. Би можеле да кажеме дека протестантизмот настанал благодарение на страниците на посланието до Галатјаните (како и посланието до Римјаните). Токму со читање на посланието до Галатјаните, Мартин Лутер бил поттикнат од славната Радосна вест за оправдувањето со вера, возвишена вистина која станала двигател на протестантската реформација и милиони луѓе ослободила од повеќевековните теолошки и црковни заблуди. Она што го прочитал во оваа книга го променило Лутера, и светот повеќе никогаш не бил ист.

И адвентистите на седмиот ден, многу векови по Лутера, исто така многу му должат на посланието до Галатјаните. Проучувајќи ја оваа библиска книга, Вагонер и Џонс ѝ помогнале на Христијанската адвентистичка црква во 80-тите и 90-тите години на 19 век повторно да ја откријат вистината за оправдувањето со вера.

Зошто посланието до Галатјаните претставува основа за протестантската реформација? Со што допрела до срцето на мнозина, како и до самиот Мартин Лутер? За разлика од останатите библиски книги, посланието до Галатјаните на својствен начин се занимава со бројни теми важни за христијанскиот живот. Токму во ова послание Павле ги опфаќа прашањата врзани за слободата, улогата на законот во спасението, нашата положба во Христа, одликите на животот со кој управува Светиот Дух, како и повеќевековното прашање: на кој начин грешниот човек да биде прав пред светиот и праведен Бог?

Се разбира, и други книги, како што е посланието до Римјаните, се занимаваат со некои од овие клучни прашања, но посланието до Галатјаните е сепак поинакво. Не само што е поконцизно, туку и сите негови богати теми се напишани со силно лично и длабоко проживеано искуство, со пасторален тон кој дури и денес едноставно не може а да не го допре срцето отворено за влијанието на Божјиот дух.

Иако Павловото послание ни се обраќа лично нам, нашето разбирање може да биде поцелосно ако ги познаваме историските при-

лики за кои зборува Павле, вдахнат од Светиот Дух.

Многу библиски научници веруваат дека Посланието до Галатјаните е можеби една од првите Павлови посланија. Напишано е околу 49-та година по Христа, непосредно по познатиот Ерусалимски собор (Дела 15). Затоа оваа книга можеби претставува најстар познат христијански документ. Како што јасно се кажува во *Дела на апостолите* и Посланието до Галатјаните, првата црква се соочила во остри судири во врска со природата на спасението, особено во случајот со незнабошците. Според група еврејски верници, кои биле познати под името јудаисти, за незнабошците не било доволно само да веруваат во Исуса. Тие морале да бидат обрежани и да го следат Мојсеевиот закон (Дела 15,1). Затоа, не треба да нè чуди што неколку јудаисти, кога Павле ја основал црквата меѓу незнабошците во Галатија, отпатувале таму „за да постават сè на свое место“.

> *Токму во ова послание Павле ги опфаќа прашањата врзани за слободата, улогата на законот во спасението, нашата положба во Христа, одликите на животот со кој управува Светиот Дух, како и повеќевековното прашање: на кој начин грешниот човек да биде прав пред светиот и праведен Бог?*

Кога веста за тоа прашање стигнала до Павле, тој реагирал доста бурно. Препознавајќи дека тоа лажно евангелие за спасение преку вера и дела може да ја смали вредноста на Христовото дело, Павле на Галатјаните им напишал огнена одбрана на вистинското евангелие. Со најсилни изрази го поистоветил лажното учење со она што тоа навистина е – легализам.

Поуката за ова тромесечје нè повикува да тргнеме на едно патување со апостол Павле кој ги моли Галатјаните да му останат верни на Исуса. Во исто време, ни дава можност да размислуваме за сопственото сфаќање на вистините кои на Лутер му овозможиле конечно да се одвои од Рим и да го обнови библиското Евангелие.

*Доктор Карл Косерт е професор по библиски студии на Универзитетот Вала Вала во Вашингтон.*

**Поука 1**
**24 - 30 јуни 2017**

# ПАВЛЕ, АПОСТОЛ НА НЕЗНАБОШЦИТЕ



**ПРОЧИТАЈ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 6,9-15; 9,1-9; 1. Самоилова 16,7; Матеј 7,1; Дела 11,19-21; 15,1-5.**

**ЗАПОМНИ ГО СТИХОТ: „Кога го чуја тоа, се смирија и Го славеа Бога, велејќи: 'И така, Бог им даде и на народите покајание за живот!'“** (Дела 11,18)

Не е толку тешко да се разбере зошто Савле од Тарс (по своето обратување познат и како апостол Павле) постапил така како што постапил. Како лојален Јудеец кој целиот свој живот учел за важноста на законот и за скорешното политичко избавување на Израел, едвај можел да се помири со идејата дека долгоочекуваниот Месија ќе биде срамно погубен како најголем злосторник.

Тогаш не е никакво чудо што заклучил дека Христовите следбеници се неверни на Тората и дека поради тоа го спречуваат остварувањето на планот што Бог го има со израелскиот народ. Нивното тврдење дека распнатиот Исус е Месија и дека станал од мртвите, според нивите уверувања било еднакво на целосен отпад од верата. Таквата бесмислена работа не можела да се трпи, и не требало да се покажува ни милост кон оние кои одбивале да се откажат од своите отпаднички идеи. Савле бил решен да стане Божје орудие кое ќе го ослободи Израел од неверниците. И токму затоа, првично на светите страници се појавува како прогонител на своите земјаци кои верувале дека Исус бил Месија.

Меѓутоа, Бог имал поинакви планови со Павле, планови кои тој воопшто не можел ни да ги насети: не само што требало овој Јудеец да проповеда дека Исус е Месија, туку тоа требал да го прави меѓу незнабошците!

## ПРОГОНУВАЧ НА ХРИСТИЈАНИТЕ

Савле од Тарс за првпат се појавува во *Дела на апостолите* како еден од учесниците во каменувањето на Стефан (Дела 7,58), а потоа и во врска со големото прогонство кое избило во Ерусалим (Дела 8,1-5). Петар, Стефан, Филип и Павле имаат важни улоги во книгата *Дела на апостолите* бидејќи учествувале во настани кои довеле до ширење на христијанската вера преку границите на јудејскиот свет. Стефан бил особено значаен бидејќи неговото проповедање и мачеништво оставиле мошне силен впечаток врз Савле од Тарс.

И самиот Стефан бил Јудеец кој зборувал грчки и припаѓал на седумте први избрани ѓакони (Дела 6,3-6). Според *Дела на апостолите*, група Јудејци од странските земји, кои дошле да живеат во Ерусалим, започнале расправа со Стефан (Дела 6,9) околу неговото проповедање на Христа како Месија. Можно е, па дури и многу извесно, дека Савле од Тарс бил учесник во тие расправи.

**Какви обвиненија биле подигнати против Стефан? На што ве потсетуваат тие обвиненија? Дела 6,9-15.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Огненото непријателство против проповедањето на Стефан изгледа потекнувало од две важни причини. Од една страна, Стефан ја разгорил омразата на своите противници со тоа што на прво место не го ставал еврејскиот закон и храмот, кои заземале централно место во јудаизмот и претставувале драгоцени симболи на религискиот и националниот идентитет. Меѓутоа, Стефан направил многу повеќе отколку само да ги потценува овие две омилени икони; тој огнено објавувал дека Исус, распнатиот и воскреснат Месија, претставува вистинско средиште на еврејската вера.

Според тоа, не е никакво чудо, што ова тврдење го разгневило фарисејот Савле (Филипјаните 3,3-6), Фарисеите припаѓале на еврејска верска група која строго ги почитувала еврејските закони. Савле согледал дека големите пророчки ветувања за Божјето царство сè уште не се исполниле (Даниел 2; Захарија 8,23; Исаија 40-45), така што веројатно мислел дека неговата задача е да му помогне на Бога да ја оствари таа цел – а тоа можело да се постигне само со чистење на Израел од религиозната расипаност, вклучувајќи ја и идејата дека Исус е Месија.

**Уверен дека е во право, Савле бил подготвен да ги прати во смрт оние за кои сметал дека се виновни. Иако и нам ни е потребна ревност за она во што веруваме, како да научиме да ја смириме нашата огненост, сфаќајќи дека, понекогаш, можеби и не сме во право?**

# ОБРАТУВАЊЕТО НА САВЛЕ

„А тој рече: „Кој си Ти, Господине?“ А Тој рече: „Јас Сум Исус, кого ти го гониш. Тешко е за тебе да се риташ против бодило!“ (Дела 9,5)

Иако Савловото прогонување на првата црква било прилично незабележително (тој само ја чувал облеката на убијците на Стефан), тоа понатаму брзо се засилило (види Дела 8,1-3; 9,1.2.13.14.21; 22,3-5). Некои зборови што ги употребува Лука за да го опише Савле, ни даваат слика на дива, граблива ѕверка или војник ограбувач кој се заветувал да го уништи својот противник. Зборот преведен како „пустошеше“ во Дела апостолски 8,3, на пример, во грчкиот превод на Стариот завет (Псалм 80,13) се употребува за да го опише дивото и разорно однесување на дивиот вепар. Савловиот поход против христијаните секако не е безволен чин, туку промислен и намерен план да се истреби христијанската вера.

**Проучи ги трите описи на Павловото обратување! Каква улога имала Божјата благодат во тоа искуство? Со други зборови, колку Савле ја заслужил добрината која Господ ја покажал кон него? Дела 9,1-18; 22,6-21; 26,12-19**

________________________________________________

________________________________________________

Савловото обратување, гледано од човечка перспектива, сигурно изгледало невозможно (а оттаму потекнува и неверувањето кое многумина го покажувале кога слушнале за тоа)!

Единственото нешто што Савле заслужувал, била казна, но Бог покажал голема благодат кон огнениот еврејски ревнител. Многу е важно да забележиме дека Савловото обратување не се случило независно од другите настани.

Савле не бил неверник. Бил религиозен, иако во тешка заблуда што се однесува до разбирањето на Бога. Зборовите што Исус му ги упатил наСавле: „Тешко е за тебе да се риташ против остенот!“ (Дела 26,14), покажуваат дека Светиот Дух го осведочувал Савле. Во стари времиња, „остенот“ бил стап со остар шилец на врвот кој се употребувал за да се придвижат воловите што го воделе плугот. Савле некое време се спротивставувал на Божјите поттици, но најпосле, на својот пат кон Дамаск, при чудесната средба со воскреснатиот Исуса, одлучил повеќе да не дава отпор.

**Како изгледало твоето искуство на обратување? Можеби не било толку драматично како Савловото – повеќето не се – но на кој начин и ти си станал примател на Божјата благодат? Зошто е важно никогаш да не заборавиме што сме добиле во Христа?**

________________________________________________

## САВЛЕ ВО ДАМАСК

Павле ослепел во текот на својата средба со Исуса, а тогаш добил налог да оди во куќата на човекот по име Јуда и таму да чека да дојде друг човек по име Ананија. Несомнено е дека Савловото физичко слепило силно потсетувало на уште поголемата духовна заслепеност која го навела да ги прогонува Исусовите следбеници.

Фактот дека Исус му се покажал на патот за Дамаск, сосем го променило неговиот живот. Она што Павле го сметал за потполно правилно, било целосно погрешно. Наместо да работи за Бога, тој работел против Него. Савле влегол во Дамаск како целосно променет човек, повеќе воопшто не личел на арогантниот и ревносен фарисеј кој тргнал од Ерусалим. Наместо да јаде и да пие, Савле првите три дена во Дамаск ги поминал во пост, молитва и размислување за сето она што се случило.

**Прочитај го текстот во Дела 9,10-14! Замисли што се случувало во мислите на Ананија! Савле повеќе не бил прогонител, туку Исусов следбеник! Повеќе не бил ни  Савле, туку Павле, Божје избрано орудие, апостол кој треба да го однесе евангелието во светот на незнабошците (види Дела 26,16-18).**

Воопшто не е чудно што Ананија бил доста збунет. Ако црквата во Ерусалим се двоумела дали да го прифати Павле, дури и по три години од неговото обратување (Дела 9,26-30), лесно може да ги замислиме грижите и стравувањата на верниците во Дамаск, неколку дена по тој настан!

Важно е да се нагласи дека Ананија добил видение од Господа, кој го запознал со изненадувачката и неочекувана вест за Савле од Тарс; сè што би било помало од видение, сигурно не би го осведочило дека е вистина она што го слушнал за обратувањето на Савле – дека непријателот на еврејските верници сега станал еден од нив!

Савле излегол од Ерусалим со овластување и налог од свештеничките поглавари да ја истреби христијанската вера (Дела 26,12). Меѓутоа, Бог имал сосема спротивен налог за Павле, налог кој почивал на многу поголемо овластување. Савле требало да го однесе евангелието во светот на незнабошците, замисла која можеби била многу понесфатлива и поневеројатна и од самото Савлово обратување.

Додека Савле се трудел да го спречи ширењето на христијанската вера, Бог сега го употребил за да ја прошири далеку преку границите кои еврејските верници би можеле некогаш да си ги замислат.

**Зошто мора да бидеме исклучително внимателни и воздражни кога го оценуваме духовното искуство на другите луѓе? Какви грешки и самиот си направил во своето оценување на другите луѓе, и што си научил од тие грешки? 1. Самоилова 16,7; Матеј 7,1; 1. Коринќаните 4,5**

## ЕВАНГЕЛИЕТО СЕ ШИРИ МЕЃУ НЕЗНАБОШЦИТЕ

**Каде е основана првата црква помеѓу незнабошците? Кои настани ги поттикнале верниците да одат во тоа и во други места? Дела 11,19-21.26. На што, од старозаветните времиња, ве потсетува овој настан? Даниел 2**

___

___

Прогонството кое избило во Ерусалим по смртта на ѓаконот Стефан, навело многу еврејски верници да побегнат скоро петстотини километри на север во Антиохија. Како главен град на римската провинција Сирија, Антиохија по своето значење била веднаш по Рим и Александрија. Нејзините жители, проценети на околу петстотини илјади, биле припадници на различни нации, и тоа ја правело не само идеално место за црква сочинета од голем број Евреи и незнабошци, туку и за почетна база на глобалната мисија на првата црква.

**Што е тоа што се случувало во Антиохија а го навело Варнава да го посети градот и подоцна да го повика и апостол Павле да му се придружи? Каква слика создадовте за црквата во тој град врз основа на библиските извештаи за неа? Дела 11,20-26.**

___

___

Да се состави хронологија на Павловиот живот е исклучително тешко, но изгледа дека поминале околу пет години од неговата посета на Ерусалим по неговото обратување (Дела 9,26-30) и од повикот на Варнава да му се придружи во Антиохија. Што правел Павле во текот на сите тие години? Тешко е да се каже со сигурност. Меѓутоа, врз основа на неговиот коментар во Галатјаните 1,21 можеби го проповедал евангелието на подрачјето на Сирија и Киликија. Некои сметаат дека во тоа време Павле бил исклучен од семејното наследство (Филипјаните 3,8) и дека претрпел големи тешкотии за кои дава опис во 2. Коринќаните 11,23-28.

Црквата во Антиохија цветала под водство на Светиот Дух. Описот во Дела 13,1 укажува дека повеќенационалната природа на градот многу брзо се одразила на етничката и културната разноликост на самата црква (Варнава доаѓал од Кипар, Луциј од Кирина, Павле од Киликија, Симон веројатно од Африка, а кон тоа треба да се додадат и многубројните незнабошци од разни земји). Светиот Дух сега одлучил со евангелието да допре и до многу други незнабошци, служејќи се притоа со Антиохија како база за далекусежните мисионерски активности, далеку од границите на Сирија и Јудеја.

## СУДИР ВО ЦРКВАТА

Се разбира, сѐ што е човечко не е совршено, така што не потрајало долго време а веќе почнале неволјите во тогашната заедница на верници. За почеток, не биле сите задоволни со влегувањето на незнабошците во првата црква. Недоразбирањата не биле околу замислата за мисијата меѓу незнабошците, туку околу условите под кои им било дозволено на незнабошците да пристапуваат кон црквата. Некои сметале дека само верата во Исуса не е доволна како знак за припадност на христијанството; мислеле дека кон верата мора да се додаде обрежувањето и послушноста на Мојсеевиот закон. За да бидат вистински христијани, зборувале тие, незнабошците мора да бидат обрежани (врз основа на текстот во Дела апостолски 10,1 до 11,18 можеме да ја видиме длабочината на поделбата што постоела меѓу Евреите и незнабошците. Тоа ни го открива Петровото искуство и реакцијата на верниците).

Службените посети од Ерусалим, кои го насочувале Филиповото дело меѓу Самарјаните (Дела 8,14) и работата меѓу незнабошците во Антиохија (Дела 11,22), зборуваат за тоа дека постоело интересирање за прифаќање на неевреите во христијанската заедница. Меѓутоа, реакцијата на крштавањето на Корнелиј, необрезан римски војник, претставува јасен пример за несогласувањето кое постоело меѓу првите христијани околу прашањето за примање на незнабошците во Црквата. Прифаќањето на по некој незнабожец, како што бил Корнелиј, направило некои да се чувствуваат непријатно, но намерните и планирани напори на апостол Павле широко да ја отвори вратата на Црквата за незнабошците на темел на исповедање на верата во Исуса Христа, предизвикале некои верници во црквата внимателно да ги насочат своите напори за да ја поткопаат службата на Павле.

**На кој начин некои верници од Јудеја се обиделе да го поткопаат Павловото дело во Антиохија меѓу обратениците од незнабоштво? Дела 15,1-5**

______________________________________________________________________

Иако Соборот во Ерусалим, според текстот во Дела 15, по прашањето на обрезанието конечно застанал на Павлова страна, спротивставувањето на неговата служба и натаму продолжило. Седум години по Соборот, во текот на последната посета на апостол Павле на Ерусалим, мнозина и натаму биле сомничави кон неговото евангелие. Всушност, кога Павле влегол во Храмот, скоро го изгубил својот живот кога Евреите од Азија повикале: „Израелци, помагајте! Овој е човекот, кој насекаде ги учи сите против народот, против Законот и против ова место! Освен тоа ги воведе и Грците во Храмот и така го онечисти ова свето место!“ (Дела 21,28; 21,20.21).

**Стави се себеси во положба на овие еврејски верници кои биле загрижени поради Павловото учење. Зошто нивната загриженост и противење на одреден начин имаат своја смисла? Што можеме да научиме за тоа на кој начин нашите однапред создадени идеи, како и културните и религиските навики и предрасуди, можат да нѐ заведат од правиот пат? Како да научиме да се заштитиме од сличните грешки, колку и да се добронамерни?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Павле порано бил познат како огнен поборник за еврејската вера и неуморен прогонувач на Исусовите следбеници. Бил храбар, независен, истраен, и неговите особини и способности му овозможиле да изврши речиси секоја должност. Бил во состојба да расудува со извонредна јасност, а неговата поразително остра зајадливост при расправиите, противниците ги доведувала во незавидна положба. Сега Евреите виделе дека тој млад човек со голема иднина се соединил со оние кои некогаш ги прогонувал и бестрашно проповедал во Исусово име.

Кога еден генерал ќе загине во некоја битка - тоа е загуба за неговата војска, но неговата смрт не ја зголемува силата на неговите непријатели. Меѓутоа, кога еден истакнат човек ќе премине на противничката страна, тогаш поранешната страна претрпува загуба, но оние на кои им пристапил се во големо предимство. Господ лесно можел да го убие Савле Таршанецот на неговиот пат за Дамаск и прогонувачката сила со тоа многу би загубила. Но Бог во своето провидение не само што му го поштедил животот на Савле, туку и го обратил, префрлајќи на тој начин еден од извонредните поборници од непријателската страна - на Христова страна. Речит говорник и строг критичар, Павле со својата непоколебливост и нескротлива храброст ги имал токму оние особини што ѝ биле неопходни на црквата“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 124, оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Што можеме да научиме од фактот дека најогорчените Павлови противници биле Евреи кои верувале во Христа?**

**2. Како можете да се заземете за религиозните начела и во исто време да бидете сигурни дека не се борите против Бога?**

**РЕЗИМЕ:** Савловата средба со воскреснатиот Исус на патот за Дамаск бил пресвртница во неговиот живот и во историјата на раната Црква. Бог го променил некогашниот прогонител на Црквата и од него направил свое избрано орудие за да го објави евангелието на незнабожечкиот свет. Меѓутоа, Павловото настојување на незнабошците да им овозможи да пристапат на Црквата само на темел на нивната вера, се покажало како неприфатливо за некои членови на Црквата – а тоа претставува силен пример како однапред создадените предрасуди и замисли можат да ја закочат мисијата на црквата.

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**Поука 2**
**1 - 7 јули 2017**

# ПАВЛОВИОТ АВТОРИТЕТ И ЕВАНГЕЛИЕТО



**ПРОЧИТАЈ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Петрово 3,15.16; Галатјаните 1; Филипјаните 1,1; Галатјаните 5,12.**

**ЗАПОМНИ ГО СТИХОТ: „Дали јас сега ги уверувам луѓето или Бога? Или настојувам да им угодам на луѓето? Ако уште би им угодувал на луѓето, немаше да бидам Христов служител“ (Галатјаните 1,10).**

Студентите на некој универзитет изградиле центар на својот кампус во кој биле добредојдени сите, без оглед на расата, полот, општествената положба или религиските уверувања. Замислете само како би било кога по неколку години студентите повторно би го посетиле својот центар и би виделе дека новите студенти го промениле изгледот на просториите. Наместо голема просторија за друштвени состаноци, во кој сите биле заедно, тие го поделиле просторот на многу мали соби во кои се состанувале групи поделени по раса, пол, општествен статус и религиски уверувања. Студентите коишто ја вནеле таа промена тврделе дека нивното право да ги променат правилата произлегува од стогодишната воспоставена пракса.

Тоа била состојба слична на онаа што ја затекнал апостол Павле кога го пишувал своето послание до црквите во Галатија. Неговиот план незнабошците да се придружат на Црквата врз основа на својата вера, лажните учители ја отфрлале поради стогодишната пракса според која сите обратеници во јудаизмот морале да бидат обрежани.

Апостол Павле добро сфатил дека ова гледиште претставува напад на суштината на самото евангелие; и токму затоа морал да одговори. Неговиот одговор бил Посланието до Галатјаните.

## ПАВЛЕ - ПИСАТЕЛ НА ПОСЛАНИЕТО

**Според сведочењето на Петар, како првата црква гледала на Павловите писма? Што можеме да научиме за начинот на кој дејствува вдахновението? 2. Петрово 3,15.16.**

---

Кога Павле им пишувал на Галатјаните, тој не се обидувал да создаде книжевно ремек-дело. Наместо тоа, под водство на Светиот Дух, Павле се обидувал да реши одредени проблеми кои се однесувале на него и на верниците во Галатија.

Писмата како што е посланието до Галатјаните имале многу важна улога во Павловата апостолска служба. Како мисионер меѓу незнабошците, основал неколку цркви кои биле расеани по Средоземјето. Иако ги посетувал овие цркви секогаш кога бил во можност, не успевал доволно да се задржи во секое место. За да го надомести своето отсуство, Павле на црквите им пишувал посланија и на тој начин ги насочувал. Со текот на времето, преписите на Павловите писма се разменувале меѓу црквите (Колошаните 4,16). Иако некои Павлови писма биле изгубени, најмалку тринаесет новозаветни книги го носат неговото име. И како што покажуваат Петровите зборови, посланијата на апостол Павле почнале да се сметаат како дел од Писмото. Тоа покажува колкав авторитет стекнала неговата служба уште на самиот почеток од историјата на црквата.

Имало времиња кога некои христијани сметале дека формата на Павловите посланија е единствена, т.е. посебна форма направена според вдахновението со цел да покаже дека содржи вдахновени зборови. Тоа гледиште се променило кога двајца млади научници од Оксфорд пронашле во Египет околу пет илјади фрагменти на стари папирусни документи (папирусот бил популарен материјал за пишување кој се употребувал неколку стотини години пред и по Христа). Освен неколку најстари библиски ракописи, пронашле и сметки, даночни потврди и лични писма.

Луѓето многу се изненадиле кога увиделе дека основната форма на Павловите писма всушност била вообичаена форма на пишување писма карактеристична за неговото време. Тој содржел: (1) почетен вовед во кој се споменувал испраќачот, примачот и поздрав; (2) зборови на благодарност; (3) основен текст на писмото; (4) завршни забелешки.

Накратко, Павле се служел со вообичаената форма на писма во тоа време и на своите современици им се обраќа со стил на кој тие биле навикнати.

**Кога би морала Библијата да се пишува во денешно време, каков облик и стил би очекувале Господ да употреби за да го досегне нашето срце, како и срцата на нашите современици?**

# ПАВЛОВИОТ ПОВИК

Иако Павловите посланија обично ја следат основната форма на старите писма, Посланието до Галатјаните содржи и низа единствени карактеристики коишто не ги наоѓаме во останатите Павлови посланија. Кога ќе ги препознаеме, тие можат да ни помогнат подобро да ја разбереме состојбата на црквата на која Павле ѝ се обраќа.

**Спореди го Павловиот поздрав во Галатјаните 1,1.2 со поздравот што го упатил во Ефесјаните 1,1, Филип. 1,1 и 2. Сол. 1,1. На кој начин Павловиот поздрав упатен до Галатјаните е сличен или различен од останатите?**

---

Павловиот почетен поздрав во Галатјаните не само што е подолг од останатите посланија, туку содржи и целосен опис за темелот на неговиот апостолски авторитет. Буквално, зборот „апостол“ значи „некој кој е испратен“ или „весник“. Во Новиот завет, во најстрога смисла, тој се однесува на првите дванаесет Христови следбеници, како и на останатите на кои воскреснатиот Христос ги испратил да проповедаат за Него (Галатјаните 1,19; 1. Коринќаните 15,7). Павле изјавува дека припаѓа на таа избрана група.

Фактот што Павле одбил неговото апостолство да почива на што било што доаѓа од човек, како да зборува за тоа дека некои верници во Галатија се обиделе да го поткопаат неговиот апостолски авторитет. Зошто? Како што видовме, на некои верници од црквата воопшто не им се допаѓала пораката на Павле дека спасението се темели единствено на верата во Христа, а не на делата на законот. Тие сметале дека Павловото евангелие ја поткопува послушноста. Тие биле многу итри противници. Знаеле дека темелот на Павловото евангелие е непосредно поврзан со изворот на неговиот апостолски авторитет (Јован 3,34), па затоа одлучиле да изведат силен напад против тој авторитет.

Сепак, не го отфрлиле непосредно Павловото апостолство; тие само тврделе дека тоа не е толку важно. На ист начин тврделе дека Павле не е еден од првите Христови следбеници; според тоа, неговиот авторитет не потекнува од Бога туку од луѓето – можеби од црковните старешини од Антиохија кои ги избрале Павле и Варнава за мисионери (Дела 13,1-3). Или, можеби, само од Ананија, кој го крстил Павле (Дела 9,10-18). Павле, според нивно мислење, бил само весник од Антиохија или од Дамаск – и ништо повеќе. Во согласност со тоа, сметале дека неговата вест е само негово сопствено мислење, а не Божја Реч.

Павле препознал каква опасност претставувале овие тврдења, така што веднаш почнал да го брани своето од Бога дадено апостолство.

**На кои сè начини, дури и подмолно, во денешно време се поткопува авторитетот на Библијата во рамките на нашата црква? Како да ги препознаеме таквите предизвици? Што е уште поважно, како влијаеле тие предизвици на нашето размислување во врска со авторитетот на Библијата?**

## ПАВЛОВОТО ЕВАНГЕЛИЕ

**Освен што го брани своето апостолство, што друго нагласува Павле во својот уводен поздрав упатен до Галатјаните? Спореди го текстот во Галатјаните 1,3-5 со текстовите во Ефесјаните 1,2; Филип. 1,2 и Колош. 1,2.**

___

Една од единствените карактеристики на Павловите писма е начинот на кој тој ги поврзува зборовите „благодат" и „мир" во својот поздрав. Комбинацијата на овие два збора претставува промена на најкарактеристичниот поздрав во грчкиот и еврејскиот свет. Таму каде што грчкиот писател напишал „поздрави" (chairein), Павле пишува благодат, збор кој на грчки јазик звучи многу слично (charis). Кон тоа Павле го додава и карактеристичниот еврејски поздрав „мир".

Комбинацијата на овие два збора не претставува само љубезен поздрав. Многу повеќе од тоа, бидејќи овие два збора ја опишуваат суштината на неговото евангелие. (Всушност, Павле ги употребува овие два збора повеќе од кој било друг новозаветен писател). Благодатта и мирот не доаѓаат од Павле, туку од Бог Отецот и Господа Исуса Христа.

**Кои аспекти на евангелието ги опфаќа апостол Павле со својот поздрав? Галатјаните 1,1-6.**

___

___

Иако Павле во својот уводен поздрав има многу малку простор за да може опширно да проговори за природата на своето евангелие, тој мајсторски ја опишува неговата суштина во само неколку кратки стихови. Која е централната вистина врз која се темели евангелието? Според Павле, тоа не е усогласеноста со законот - точка која ја нагласувале неговите противници. Спротивно на тоа, евангелието во целост се потпира на она што Христос го направил за нас со својата смрт на крстот и воскреснувањето од мртвите. Христовата смрт и воскресение постигнале нешто што ние самите никогаш не би го постигнале за себе. Тие ја скршиле силата на гревот и смртта, ослободувајќи ги Христовите следбеници од силата на злото, која долго држела мнозина во страв и во окови.

И додека Павле расправа за прекрасната порака на благодатта и мирот којашто Бог ни ја праќа преку Христа, спонтано почнува да го слави Бога со зборовите кои се запишани во петтиот стих.

**Напиши ја суштината на евангелието со исто толку зборови како што употребил и апостол Павле во Галатјаните 1,1-5. Прочитај го својот состав во сабота пред класата.**

## НЕМА ДРУГО ЕВАНГЕЛИЕ

**Што обично доаѓа по уводниот поздрав во Павловите посланија? Во што се разликува посланието до Галатјаните од останатите посланија? Спореди со Галатјаните 1,6 со Римјаните 1,8; 1. Коринќаните 1,4; Филипјаните 1,3 и 1. Солуњаните 1,2.**

________________________________________________________________

Иако Павле во своите посланија до црквите расправа за сите видови локални предизвици и проблеми, сепак се држи за правилото по уводните поздрави да упатува зборови на молитва или благодарност на Бога за верата на своите читатели. Тоа го прави дури и во посланието до Коринќаните, каде што верниците се бореле со сите видови нехристијанско однесување (спореди 1. Коринќаните 1,4 и 5,1). Состојбата во Галатија била толку вознемирувачка што Павле целосно го изоставува благодарењето и веднаш преминува на основната тема.

**Со кои строги и сериозни зборови се служи Павле за да ја покаже својата загриженост поради она што се случувало во Галатија? Гал. 1,6-9; 5,12.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Павле не се притеснува од ниту еден збор што го изрекува како обвинение против Галатјаните? Едноставно кажано, тој ги обвинува дека го изневериле својот повик како христијани. Всушност, зборот „одвратувате“ кој се појавува во шестиот стих, често се употребувал за војниците кои се откажале од својата верност кон татковината и ја напуштиле војската. Зборувајќи со духовен јазик, Павле вели дека Галатјаните се превртливци кои му го свртеле грбот на Бога.

На кој начин Галатјаните го напуштале Бога? Со тоа што се свртеле кон друго евангелие. Павле не кажува дека постои повеќе од едно евангелие, туку дека во црквата постојат такви кои зборуваат дека верата во Христа не е доволна (Дела 15,1-5) и се однесуваат како навистина да постои и некое друго евангелие. Павле многу се вознемирил поради ваквото изопачување на евангелието, што изразува желба сите кои проповедаат некое друго евангелие да го почувствуваат врз себе Божјето проклетство (Гал. 1,8). Павле бил толку возбуден поради тоа, што двапати ја изразил истата мисла (Гал. 1,9).

**Денес постои тенденција, дури и во нашата Црква во некои места, искуствата да се ставаат над доктрината. Она што најмногу вреди, така ни велат, тоа е нашето искуство, нашиот однос кон Бога. Колку и да е искуството важно, што ни кажуваат Павловите списи за важноста на правилната доктрина?**

## ИЗВОР НА ПАВЛОВОТО ЕВАНГЕЛИЕ

**Предизвикувачите на немирите во Галатија тврделе дека Павловото евангелие во суштина е придвижувано од неговата желба да добие одобрување од луѓето. Што би можел Павле поинаку да напише во своето послание кога навистина би барал само одобрување од луѓето? Гал. 1,6-9.11-24**

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

Зошто Павле не барал од обратениците од незнабоштво да се обрежат? Павловите противници зборувале дека Павле сакал обратување по секоја цена! Можеби мислеле дека Павле не сакал да бара обрежување од нив бидејќи знаел оти незнабошците се против таквите барања. Сакал сакал да им угоди на луѓето! Одговарајќи на таквите обвиненија, Павле им укажува на своите противници на остриите зборови што ги напишал во Галатјаните 1,8.9. Ако сакал само одобрување од луѓето, секако дека би дал некој друг одговор!

**Зошто Павле рекол дека е невозможно некој да се биде Христов следбеник и едновремено да се труди да им угоди на луѓето?**

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

**По Павловите изјави во Галатјаните 1,11.12, имено, дека своето евангелие и авторитет го примил непосредно од Бога, на кој начин Павле повторно го изразува своето осведочување во Галатјаните 1,13-24?**

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

Текстот во Галатјаните 1,13-24 ни дава автобиографски извештај за Павловата состојба пред обратувањето (Галатјаните 1,13.14), за време на обратувањето (Гал. 1,15.16) и по обратувањето (Гал. 1,16-24). Павле тврди дека околностите што го следеле во секој од тие периоди, прават, можноста некој да каже дека своето евангелие го примил од кој било друг освен од Бога, да биде апсолутно неприфатлива. Павле не бил подготвен мирно да набљудува како некој ја руши неговата порака, изразувајќи сомнеж во неговиот апостолски повик. Тој многу добро знае што му се случувало, знаел што бил повикан да проповеда, и тоа сака да го прави по секоја цена.

**Колку си сигурен во твојот повик во Христа? Како можеш да бидеш целосно сигурен дека Бог те повикал? Во исто време, дури и ако си сигурен во својот повик, зошто мораш да научиш да ги слушаш и советите на своите ближни?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Во скоро секоја црква имало верници кои биле Евреи по раѓање. Кај тие обратеници еврејските учители имале слободен пристап и преку нив наоѓале поддршка во црквата. Било невозможно со доказите од Библијата да се соборат доктрините што ги проповедал апостол Павле; токму затоа преминале кон најбескрупулозни методи со кои сакале да го потиснат неговото влијание и да го ослабат неговиот авторитет. Објавувале дека тој не бил Христов ученик и дека од Него не добил никаков налог; но сепак се осмелил да ги проповеда доктрините кои непосредно се спротивставувале на доктрините што ги проповедале Петар, Јаков и останатите апостоли...

Павловата душа се вознемирила кога го видела сето зло кое се заканувало брзо да ги уништи тие цркви. Веднаш им напишал на Галатјаните, разобличувајќи ги нивните лажни теории, и со голема строгост укорувајќи ги оние кои се оддалечиле од верата“ (Елена Вајт, *Sketches From the Life of Paul,* стр. 188.189).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Прочитајте ги во класата своите објаснувања на суштината на евангелието. Што научивте од објаснувањата на другите?**

**2. Во својот поздрав до Галатјаните, Павле изјавува дека Исусовата смрт се случила од определени причини. Кои биле тие причини и какво е нивното значење за нас денес?**

**3. Во Галатјаните 1,14 Павле вели дека многу ревнувал за традициите на своите татковци. Под „традиции“ веројатно мисли на устените преданија на фарисеите. Какво место имаат традициите во нашата вера? Која опомена ни ја упатува Павловото искуство во однос на целокупното прашање поврзано со традициите?**

**4. Зошто Павле навидум бил толку „нетрпелив“ кон оние кои верувале поинаку од она што тој го проповедал и го правел? Прочитај повторно што пишува за оние кои верувале поинаку, кои поинаку гледале на евангелието? Како би гледале денес на некој кој има толку строги и непоколебливи гледишта во нашата Црква?**

**РЕЗИМЕ:** Лажните учители во Галатија се обидувале да ја поткопаат Павловата служба тврдејќи дека неговата евангелска порака не потекнува од Бога. Павле се соочува со овие обвиненија во почетните стихови на посланието до Галатјаните. Тој смело изјавува дека постои само еден пат на спасение и опишува на кој начин настаните во времето на неговото обратување покажале дека неговиот повик и неговото евангелие доаѓаат од Бога.

**Поука 3**
**8 - 14 јули 2017**

# ЕДИНСТВОТО НА ЕВАНГЕЛИЕТО



**ПРОЧИТАЈ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Галатјаните 2,1-14; 1. Коринќаните 1,10-13; 1. Мојсеева 17,1-21; Јован 8,31-36; Колошаните 3,11.**

**ЗАПОМНИ ГО СТИХОТ: „Исполнете ја мојата радост, и мислете исто имајќи ја истата љубов, еднодушни со мисли насочени кон едно“ (Филипјаните 2,2).**

Протестантскиот реформатор Жак Калвин верувал дека разединетоста и неслогата се најважни орудија на сатаната во борбата против црквата, така што често зборувал дека христијаните мора да се чуваат од расколот како од лепра.

Меѓутоа, дали може единството да се чува на штета на вистината? Замислете Мартин Лутер, таткото на протестантската реформација, во име на единството да одлучел да ги отфрли своите гледишта за спасението со вера кога бил изведен пред суд на соборот во Вормс?

„Кога реформаторот би попуштил само во едно прашање, сатаната и неговите чети би постигнале победа. Но, неговата непоколеблива цврстина била средство црквата да се ослободи и да започне нова подобра ера“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 166).

Во Галатјаните 2,1-14 наоѓаме дека апостол Павле прави сè што е во негова моќ за да го сочува единството на апостолскиот круг, наспроти обидите на некои верници да го поткопаат. Но, иако тоа единство било мошне важно за Павле, сепак тој одбил да дозволи тоа да се постигне на штета на вистината на самото евангелие. Иако има место за разлика во рамките на единството, евангелието никогаш не смее да биде жртвувано во целиот тој процес.

## ВАЖНОСТА НА ЕДИНСТВОТО

**Колку било важно за апостол Павле единството во црквата? 1. Коринќаните 1,10-13**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Бидејќи ги отфрлил приговорите дека неговото евангелие не доаѓа од Бога, Павле во Галатјаните 2,1.2 го насочува своето внимание на едно друго обвинение кое било подигнато против него. Лажните учители во Галатија почнале да тврдат дека Павловото евангелие не е во согласност со она што го учеле Петар и останатите апостоли. Зборувале дека Павле е, всушност, отпадник.

Одговарајќи на ова обвинение, Павле го наведува патувањето во Ерусалим најмалку 14 години по неговото обратување. Иако не сме целосно сигурни кога се случило патувањето, ниедно патување во тие стари времиња не било ни лесно ни едноставно. Ако патувал по копнен пат од Антиохија до Ерусалим, на оддалеченост од околу 400 км, тоа би траело најмалку три седмици и би вклучувало многу тешкотии и опасности. Но, наспроти сите неволји, Павле тргнал на пат, на затоа што апостолите го повикале да дојде, туку затоа што Светиот Дух така му наредил. И додека престојувал во Ерусалим, им го претставил своето евангелие на апостолите.

Зошто го сторил тоа? Сигурно не поради тоа што негувал некое сомневање во веста што ја објавувал! Секако, не му било потребно никакво охрабрување од нивна страна. Всушност, истото тоа евангелие го објавувал веќе четиринаесет години и, иако не му била потребна дозвола или одобрение од нивна страна, високо ја ценел поддршката на останатите апостоли и охрабрувањето кое тие можеле да му го дадат.

Според тоа, обвинението дека неговата порака е поинаква не била само напад на Павле, туку и на единството меѓу апостолите и на самата црква. Одржувањето на единството меѓу апостолите било мошне битно, бидејќи поделбата меѓу Павловата мисија меѓу незнабошците и мајката црква во Ерусалим можела да има разорни последици. Без заедништвото меѓу христијаните од еврејството и незнабоштвото и самиот „Христос би бил поделен, така што целата енергија што ја вложувал Павле во евангелизацијата на незнабожечкиот свет би била залудно потрошена“ (F. F. Bruce, *The Epistle to the Galatians*, p 11).

**Кои прашања во денешно време го загрозуваат единството на црквата? Кога ќе ги дефинираме, многу е поважно како ќе им пристапиме и како ќе ги решаваме, зар не? Дали има нешто поважно од единството?**

## ОБРЕЗАНИЕТО И ЛАЖНИТЕ БРАЌА

**Зошто обрезанието била многу жешка тема во расправите меѓу Павле и некои учители од еврејството? Види 1. Мојсеева 17,1-22; Галатјаните 2,3-5; 5,2.6; Дела 15,1.5. Зошто не е толку тешко да се разбере дека обратениците од еврејството верувале оти обратениците од незнабоштво мора да се обрежат?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Обрезанието било знак на заветниот однос кој Бог го воспоставил со Аврам, таткото на еврејскиот народ. Иако се обрезувале само Аврамовите машки потомци, и сите останати биле повикани да се приклучат на заветниот однос со Бога. Знакот на обрезанието, според 1. Мојсеева 17 глава, му бил даден на Аврам. Тоа се случило по погрешниот обид на Аврам – кога стекнал син од робинката на Сара – да му помогне на Бога да го исполни ветувањето за машки потомок.

Обрезанието било соодветен знак на заветот. Тоа било потсетување дека ни најдобрите човечки планови не можат да го постигнат она што Бог ветил дека ќе го стори. Физичкото обрезание било само симбол на обрезанието на срцето (5. Мојсеева 10,16; 30; Еремија 4,4; Римјаните 2,29). Тоа претставувало отфрлање на довербата во себе и прифаќање на потпирањето со вера во Бога.

Меѓутоа, обрезанието во Павлово време станало почитуван знак на националниот и верскиот идентитет, а не симбол на она што вистински требало да означува. Околу 150 години пред Исусовото раѓање, некои претерано огнени еврејски ревнители ги натерале сите необрезани Евреи да се обрежат, но не само нив, туку и сите жители на околните покраини кои ги имале под своја власт. Некои дури верувале дека обрезанието е пропусница за спасение. Тоа може да се види по прастарите натписи на гробовите на Јудејците: „Обрезаните не слегуваат во гехена (пекол)“ (C.E.B. Cranfield, *A Critical and Exegetical Commentary on the Epistle to the Romans*, p. 172).

Би било погрешно да се смета дека Павле бил против самиот чин на обрежување. Павле само сметал дека е погрешно да се бара од обратените незнабошци да се обрежат. Лажните учители зборувале: „Ако не се обрежете според законот на Мојсеј, не може да се спасите!“ (Дела 15,1) Всушност, проблемот не бил самото обрезување, туку спасението. Спасението се стекнува само со вера во Христа, но луѓето се обидуваат да го заработат со сопствена послушност, односно преку делата на законот.

**Денес обрезанието можеби не претставува проблем. Меѓутоа, со што се бориме ние како црква, а што би можело да биде слично на ова?**

## ЕДИНСТВО ЗА РАЗЛИЧНОСТА

**Павле вели дека лажните браќа „кои се вовлекле за да ја согледуваат нашата слобода, која ја имаме во Христа Исуса, за да нѐ поробат!“ Галатјаните 2,1-10. Од што се слободни христијаните? Јован 8,31-36; Римјаните 6,6.7; 8,2.3; Галатјаните 3,23-25; Евреите 2.14.15. На кој начин ние за себе стекнуваме искуство во поглед на стварноста на својата слобода?**

___

___

___

Слободата, како опис на христијанското искуство, за Павле претставува многу важна замисла. Тој се служи со овој поим многу почесто од другите писатели на Новиот завет, а во самото послание до Галатјаните зборовите слобода и слободен се појавуваат многу пати. Меѓутоа, слободата за христијанинот значи слобода во Христа. Тоа е можност да живее со неограничена преданост кон Бога. Таа опфаќа слобода од робувањето на желбите на грешната природа (Римјаните 6), слобода од осудата на законот (Римјаните 8,1.2) и слобода од силата на смртта (1. Коринќаните 15,55).

**Апостолите признале дека на Павле му е „поверено Евангелието меѓу необрезаните“ (Галатјаните 2,7). Што навестува тоа за природата на единството во различноста во рамките на самата Црква?**

___

___

Апостолите признале дека Господ го повикал Павле да го проповеда евангелието на незнабошците, исто онака како што го повикал Петар да им го проповеда на Евреите. Во двата случаи, евангелието било исто, но начинот на кој било претставено зависел од народот кој апостолите се обидувале да го досегнат. Евангелието носело „таква единственост која претставува темел на христијанското единство, единство во различноста“ (J. Дан, *The Epistle to the Galatians,* стр. 106).

**Колку треба да бидеме отворени за методите на евангелизирање и сведочење кои ги поминуваат границите на „нашата зона на удобност“? Дали постојат некои облици на евангелизирање кои ви пречат? Ако е така, кои се тие облици и зошто ви пречат? Како можеме да знаеме дека овој метод е добар?**

___

## СУДИРОТ ВО АНТИОХИЈА (ГАЛАТЈАНИТЕ 2,11-13)

Некое време по Павловото советување во Ерусалим, Петар ја посетил Антиохија во Сирија, која била место на првата црква обратеници од незнабоштво и база на Павловата мисионерска активност опишана во *Дела на апостолите*. Додека престојувал во тоа место, Петар слободно јадел со обратениците од незнабоштво, но кога група еврејски обратеници пристигнала во градот, Петар, плашејќи се од последиците и гласините, целосно го променил своето однесување.

**Зошто Петар можел и подобро да се однесува? Спореди со Галатјаните 2,11-13 и Дела 10,28. Што ни кажува неговото однесување за фактот колку длабоко нашата култура и традиција можат да се вкоренат во самите нас и во нашиот живот?**

---

Некои погрешно помислиле дека Петар и другите Евреи со него престанале да ги почитуваат старозаветните прописи за чистата и нечистата храна. Меѓутоа, тоа не било вистина. Ако Петар и останатите еврејски христијани ги отфрлиле еврејските закони за исхрана, сигурно во Црквата би се подигнал голем бунт. Ако се случило тоа, сигурно ќе останел некој запис, но таков запис никаде не е пронајден. Многу поверојатно е дека проблемот бил во седењето на заедничка маса со обратениците од незнабоштво. Бидејќи многу Евреи незнабошците ги сметале за нечисти, постоел обичај да се избегнуваат, што е можно повеќе, општествените контакти со незнабошците.

И самиот Петар се борел со овој проблем, така што дури видението кое го добил од Бога му помогнало ова прашање јасно да го согледа. Петар му рекол на Корнелиј, откако влегол во неговата куќа: „Вие знаете дека на Јудеец не му прилега да се дружи со човек од друг род и да доаѓа при него. Но, мене Бог ми покажа никого да не наречувам поган или нечист“ (Дела 10,28). Иако знаел за подобро, бил толку уплашен да не ги навреди своите земјаци, што се вратил на своите стари патишта. Тоа покажува колку бил силен повикот на културата и традицијата во животот на Петар.

Меѓутоа, Петровите постапки Павле ги забележува со нивното право име: грчкиот збор што го употребил во Галатјаните 2,13 е зборот hypocrisy. Тој кажува дека „со нивното лицемерие беше заведен дури и Варнава“. Тешки зборови упатени од страна на еден Божји човек до друг.

**Зошто е многу лесно да се биде лицемер? (Зар не сме сите склони да бидеме слепи кон сопствените мани и грешки, додека желно трагаме по грешките на другите?) Какво лицемерство согледуваш во твојот живот? Како да го препознаеш и да го искорениш?**

## ПАВЛОВИТЕ ГРИЖИ (ГАЛАТЈАНИТЕ 2,14)

Секако дека состојбата во Антиохија била многу напната: Павле и Петар, двајцата старешини во црквата, се наоѓале во отворен судир. Павле не се воздржувал да го повика Петар на одговорност поради неговото однесување.

**Кои причини ги навел Павле кога јавно му се спротивставил на Петар? Галатјаните 2,11-14**

___

Според мислењето на Павле, проблемот не бил во Петровата одлука да јаде со посетителите од Ерусалим. Старите обичаи и традиции на гостопримливост секако дека го барале тоа од него.

Проблемот бил во „вистината на евангелието“. Значи, не било спорно дружењето ниту пак обичаите при јадењето. Однесувањето на Петар во вистинска смисла ја поткопувала целокупната порака на евангелието.

**На кој начин Павле ни помага да ја разбереме неговата остра реакција? Галатјаните 3,28; Колошаните 3,11.**

___

За време на неговата средба со Петар и со останатите апостоли во Ерусалим, заеднички дошле до заклучок дека обратениците од незнабоштво треба да ги уживаат сите благослови во Христа, без претходно обрезување. Петровото сегашно однесување ја загрозувало таа спогодба. Иако обратениците од еврејство и незнабоштво се здружиле во заедништвото на верата и љубовта, сега црквата се поделила и изгледало дека како таква ќе продолжи и во иднина.

Од Павлова перспектива, однесувањето на Петар укажувало дека обратениците од незнабоштво во најдобар случај се христијани од втор ред, така што поверувал дека неговите постапки ќе ги принудат обратениците од незнабоштво да се покорат, доколку сакаат да бидат примени во целосно заедништво. И затоа Павле вели: „Ако ти, кој си Јудеец, живееш како народите; а не јудејски, како можеш да ги принудуваш народите да живеат јудејски?“ (Гал. 2,14). Изразот „живеат јудејски“ можел поточно да се преведе како „ги јудаизираш“. Тој збор бил општо прифатен со значењето „да се прифати еврејскиот начин на живот“. Се употребувал и за незнабошците кои ги посетувале службите во синагогите и учествувале во другите еврејски обичаи. Таа била причината што Павловите противниците во Галатија, кои тој ги нарекува лажни учители, често пати да се нарекуваат „јудаисти“.

**Како Петровото однесување да не било доволно, и Варнава се повел по него - човекот за кој се мислело дека никогаш нема да го стори тоа. Колку силен пример на однесување според притисокот на околината! На кој начин можеме да се заштитиме да не бидеме повлечени во погрешна насока под притисок на дејствувањето на оние кои се околу нас?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОЧУВАЊЕ

„Дури и најдобрите меѓу луѓето, ако бидат препуштени сами на себе, можат да направат сериозни грешки. Колку повеќе одговорности се ставаат врз плеќите на еден човек, колку повисока е неговата положба и можноста да диктира и контролира, толку повеќе неволји ќе направи во изопачувањето на срцето и умот, доколку внимателно не го следи Господовиот пат. Во Антиохија Петар паднал на подрачјето на чесноста. Павле морал лице в лице да му се спротивстави на неговото подривачко влијание. Овој пример е запишан со цел другите да имаат полза од него и да биде свечено предупредување за луѓето кои се наоѓаат на високи положби, да не паднат на подрачјето на чесноста, туку да останат цврсти во начелата“ (*The SDA Bible Commentary*, 6 книга, стр. 1108).

## ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Многу малку луѓе уживаат во судири, но понекогаш тие се неопходни. Во кои околности Црквата треба да ја осуди заблудата и да ги дисциплинира оние кои одбиваат да прифатат укор?**

**2. Додека нашата црква расте по светот, таа истовремено станува сè поразнолика. Кои чекори треба да ги преземе Црквата за да се осигура дека нејзиното единство нема да биде загрозено од таквата разноличност? Како да научиме да ја прифатиме различноста на културите и традициите и во нив да уживаме, додека истовремено го чуваме сопственото единство?**

**3. Кога го објавуваме евангелието на другите култури, кои битни елементи мораат да останат непроменети, а што може да се промени? Како да научиме да ја препознаваме разликата меѓу она што мора да остане и она што, ако биде потребно, може да се промени?**

**РЕЗИМЕ: Инсистирањето на некои христијани од еврејството дека незнабошците мораат да се обрежуваат за да станат вистински Христови следбеници, претставувало сериозна закана за единството на Црквата. Наместо да дозволат ова спорно прашање да ја подели Црквата на две различни движења, апостолите работеле заедно, и покрај меѓусебните судири, за да обезбедат Христовото тело да остане единствено и верно на вистината на Евангелието.**

**Поука 4**
**15 - 21 јули 2017**

# ОПРАВДУВАЊЕ САМО СО ВЕРА



**ПРОЧИТАЈ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Галатјаните 2,15-21; Ефесјаните 2,12; Филипјаните 3,9; Римјаните 3,10-20; 1. Мојсеева 15,5.6; Римјаните 3,8.**

**ЗАПОМНИ ГО СТИХОТ: „Зашто јас умрев преку Законот за Законот, за да живеам за Бога. Со Христа сум распнат на крстот; и јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене: а животот што сега го живеам во телото, го живеам преку верата во Божјиот Син, кој ме возљуби и се предаде себеси за мене“ (Галатјаните 2,19.20).**

Како што видовме минатата седмица, Павле во Антиохија јавно му се спротивставил на Петар поради неговата недоследност, поради разликата меѓу верата што ја проповедал и однесувањето кое го покажувал. Одлуката на Петар повеќе да не јаде со некогашните незнабошци зборувала дека во најдобар случај тој ги смета за христијани од втор ред. Неговото однесување укажувало дека тие, доколку навистина сакаат да станат дел од Божјето семејство и да ги уживаат благословите на заедништвото покрај трпезата, најпрвин ќе мораат да се подложат на обредот на обрезание.

Што навистина му рекол Павле на Петар во тој напнат момент? Во поуката за оваа седмица, збиено ќе проучиме за она што се случувало. Овој текст е еден од најсуштествените извештаи во Новиот завет, и токму затоа е исклучително значаен бидејќи за првпат нѐ запознава со неколку зборови и изрази кои се темелни за разбирање на евангелието и остатокот на Павловото послание до Галатјаните. Тие клучни зборови, меѓу другото, се оправдувањето, праведноста, делата на законот, верувањето и не само верата туку и Исусовата вера.

**Што мислел Павле да каже со овие изрази и што учат тие за планот на спасението?**

## ПРАШАЊЕТО ЗА „ОПРАВДУВАЊЕТО“ (ГАЛАТЈАНИТЕ 2,15.16)

**Павле им пишувал на Галатјаните: „Ние сме по раѓање Јудејци, а не грешници од народите!“ (Галатјаните 2,15) Што сакал со ова да нагласи?**

---

Павловите зборови мора да се разберат во контекстот во кои се изречени. Во обидот да ги придобие своите браќа, еврејските христијани, за своите гледишта, Павле почнува со нешто што е прифатливо и за нив - со традиционалната разлика меѓу Евреите и незнабошците. Евреите биле Божји избраници, на кој им бил доверен Неговиот закон и кои ги уживаат благодетите на заветниот однос со него. Меѓутоа, незнабошците се грешници; Божјиот закон не го скротува нивното однесување и тие се наоѓаат надвор од заветното ветување (Ефес. 2,12; Рим. 2,14). Иако незнабошците очигледно се „грешници“, во 16 стих Павле ги предупредува еврејските христијани дека нивните духовни предности не ги прават повеќе прифатливи пред Бога бидејќи никој не може да се оправда преку „делата на законот“.

**Во Галатјаните 2,16.17. Павле четири пати го употребува зборот „оправдување“. Што мисли да каже кога вели „оправдување“? Види 2. Мојсеева 23,7 и 5. Мојсеева 25,1.**

---

---

Глаголот „оправдува“ е клучен збор за Павле. Од триесет и девет пати во Новиот завет, овој збор се појавува дваесет и седум пати во Павловите посланија. Тој се служи со него осум пати во Галатјаните, а од тоа четири пати во Галатјаните 2,16.17. Оправдувањето е правен термин, кој се употребува во судниците. Зборот е поврзан со пресудата што ја изрекува судија кога објавува дека некој е ослободен од обвинението кое е подигнато против него. Оправдувањето е поим спротивен на осудата. Освен тоа, бидејќи зборовите „праведен“ и „прав“ доаѓаат од ист грчки корен така што, кога некој е „оправдан“, значи дека се смета и за „праведен“. Според тоа, оправдувањето опфаќа и повеќе отколку само помилување или проштавање; тоа е прогласување дека таа личност е праведна.

За некои еврејски верници, меѓутоа, оправдувањето се однесувало и на меѓусебните односи. Тоа го опфаќало и нивниот однос со Бога и Неговиот завет. Да се биде „оправдан“, значело и тоа дека таа личност се смета како верен член на Божјата заветна заедница, односно на Аврамовото семејство.

**Прочитај го текстот во Галатјаните 2,15-17! Што кажува Павле тука и како тие негови зборови можете да ги примените во своето христијанско искуство?**

## ДЕЛАТА НА ЗАКОНОТ

**Павле три пати нагласува во Галатјаните 2,16 дека никој не се оправдува со „делата на законот“. Што значи неговиот израз „дела на законот“? На кој начин следните текстови ни помагаат да го разбереме нивното значење? Галатјаните 2,16.17; 3,2.5.10; Римјаните 3,20.28**

Пред да го разбереме изразот „дела на законот“, најпрво треба да разбереме што подразбира Павле под изразот закон. Зборот *закон* (грчки nomos) се повторува 121 пат во Павловите писма. Тој може да се однесува на неколку различни поими, вклучувајќи ја Божјата волја за Неговиот народ, на првите пет Мојсееви книги, на целиот Стар завет, па дури и на општите начела. Меѓутоа, првенствената смисла во која Павле го употребува е целокупната збирка на Божји заповеди кои Бог преку Мојсеј му ги дал на својот народ.

Изразот „дела на законот“, според тоа, ги опфаќаат сите барања содржани во заповедите, кои биле објавени преку Мојсеја, без оглед дали се работи за моралниот или за церемонијалниот закон. Павле нагласува дека, без оглед колку напорно се труди некој да го следи и да го слуша Божјиот закон, самата послушност никогаш нема да биде доволно добра за да може Бог да нè оправда, за да може да нè прогласи за праведни. Тоа доаѓа оттаму што законот налага апсолутна верност во мислите и делата - не само некое време туку цело време, не само кон некои заповеди туку кон сите.

Иако изразот „дела на законот“ не се појавува во Стариот завет, а го нема ниту во Новиот, освен во Павловите посланија, вчудоневидувачка потврдата на неговото значење се појавила во 1947 година, со откривањето на ракописите на Мртвото море, збирка од списи што ги препишувала група Евреи, наречени есени, која живеела во времето на Исуса Христа. Иако напишани на еврејски јазик, еден ракопис го содржи овој израз. Насловот на ракописот е *Migsat Ma'as Ha Torah*, што би можело да се преведе како „Важни дела на законот“. Ракописот опишува неколку прашања втемелени на библискиот закон за спречување на обесветување на светите работи, вклучувајќи и некои кои ги означувале Евреите како поинакви од незнабошците. На крајот, писателот вели дека, ако ги чините „делата на законот“, ќе бидете прогласени за „праведни пред Бога“. Спротивно на Павле, писателот на своите читатели им ја нуди праведноста втемелена на однесувањето, а не на темелот на верата.

**Колку добро го држиш Божјиот закон во своето лично искуство? Дали навистина мислиш дека добро го држиш законот за да се оправдаш пред Бога со своето држење на законот (Рим. 3,10-20)? Ако не, во која мера твојот одговор ти помага да разбереш што кажува Павле овде?**

## ТЕМЕЛОТ НА НАШЕТО ОПРАВДУВАЊЕ

**„И да се најдам во Него, немајќи своја правда, која доаѓа од Законот; туку по правдата, која доаѓа преку верата на Христа: правдата од Бога врз основа на верата“ (Филипјаните 3,9).**

Не треба да мислиме дека еврејските христијани сметале дека верата во Христа не е важна; всушност, сите тие биле Христови следбеници. Сите верувале во Него. Меѓутоа, нивното однесување покажувало дека мислеле оти верата сама по себе не е доволна и дека морала да биде надополнета со послушноста, како нашата послушност да му додава нешто на самото дело на оправдување. Тие зборувале дека оправдувањето се добивало и со вера и со дела. Начинот на кој Павле неколкупати ја спротивставува верата во Христа на делата на законот, укажува на неговото силно противење на таквиот пристап - „и едното и другото“. Верата, и само верата, претставува темел на оправдувањето.

Освен тоа, за Павле верата не е некоја апстрактна замисла; таа е нераздвојно поврзана со Исуса. Всушност, изразот два пати преведен како „вера во Христа“ во Галатјаните 2,16 е многу побогат од кој било друг превод. Изразот на грчки јазик значи Исусова „вера“ или „верност“. Ова буквално значење, според Павле, ја прикажува силната спротивност меѓу делата на законот кои ние ги правиме и Христовите дела, направени во наша полза, дела кои Тој, со својата верност (оттука и „верата во Христа“) ги направил за нас.

Важно е да имаме на ум дека верата сама по себе не придонесува за оправдувањето, небаре верата би била заслужна за сѐ. Наместо тоа, верата е средство преку кое се фаќаме за Исуса и Неговите дела сторени за нас. Ние не се оправдуваме врз основа на сопствената вера, туку на темелот на Христовата верност за нас, која за себе ја бараме со вера.

Христос го направил она што секој поединец пропуштил да го направи, а тоа е: Тој е единствениот кој му бил верен на Бога во сѐ што правел. Нашата надеж е во Христовата, а не во нашата верност. Како што вели еден писател: „Ние веруваме во Христа, но не затоа да се оправдаме со тоа верување, туку за да може да се оправдаме со Неговата верност кон Бога“ (J. McRay, *Paul: His Life and Teaching,* стр. 355).

Еден стар сириски превод на текстот во Галатјаните 2,16 добро го пренесува значењето на Павловите зборови: „Поради тоа знаеме дека човекот не се оправдува со делата на законот, туку со верата во Исус кој е Месија, и ние веруваме во Него, во Исуса како Месија, за да можеме да се оправдаме со Неговата вера, верата на Месија, а не со делата на законот“.

**Прочитај ги текстовите во Римјаните 3,22.26; Галатјаните 3,22; Ефесјаните 3,12 и Филипјаните 3,9! На кој начин овие текстови, и она што го прочитавме во претходните текстови, ни помагаат да ја разбереме восхитувачката вистина дека Христовата верност, Неговата совршена послушност на Бога се единствениот темел на нашето спасение?**

## ПОСЛУШНОСТ СО ВЕРА

Павле објаснува дека верата е основниот факт во христијанскиот живот. Таа е средство преку кое се држиме за ветувањата што ги имаме во Христа. Но, што навистина претставува верата? Што е опфатено со неа?

**Што ни кажуваат следните текстови за потеклото на верата? 1. Мојсеева 15,5.6; Јован 3,14-16; 2. Коринќаните 5,14.15; Галатјаните 5,6.**

---

Вистинската библиска вера е одговор на Бога. Верата не е чувство или став за кој човекот се одлучил затоа што Бог го бара тоа од него. Напротив, вистинската вера се зачнува во срцето во кое преовладува свеста за благодарноста и љубовта како одговор на Божјата добрина. И затоа, кога Библијата зборува за верата, верата секогаш одговара на некоја иницијатива која е преземена од Бога. Во случајот со Аврам, на пример, верата е негов одговор на восхитувачките Божји ветувања кои ги добил (1. Мојсеева 15,5.6), додека во Новиот завет Павле вели дека верата во крајна линија е втемелена на нашата свест за она што Христос го сторил за нас на крстот.

**Ако верата е одговор на Бога, што треба тој одговор да содржи во себе? Што ни кажуваат следните текстови за природата на верата? Јован 8,32.36; Дела 10,43; Римјаните 1,5.8; 6,17; Евреите 11,6; Јаков 2,19.**

---

Многумина ја дефинираат верата како „верување". Оваа дефиниција е проблематична, бидејќи во грчкиот јазик зборот „вера" е едноставен именски облик на глаголот „верува". Да се употреби еден облик за да се дефинира друг, тоа би било како да кажеме: „Вера значи да се има вера!" Со тоа ништо не би објасниле. Внимателното истражување на Библијата открива дека верата не опфаќа само знаење за Бога, туку и ментална согласност или прифаќање на тоа знаење. Ова е една од причините зошто е толку важно да стекнеме правилна слика за Бога. Изопачените идеи за Божјиот карактер можат да направат човекот тешко да може да верува. Меѓутоа, не е доволно само интелектуално прифаќање на евангелието, бидејќи во таа смисла и „демоните веруваат". Вистинската вера го подразбира начинот на кој човекот живее. Во Римјаните 1,5 Павле пишува за „послушноста со вера". Тој не вели дека послушноста е иста со верата. Тој сака да каже дека вистинската вера влијае на целокупниот човеков живот, а не само на умот. Таа опфаќа преданост на нашиот Господ и Спасител Исус Христос, а не само прифаќање на листа со правила. Верата подеднаква го опфаќа она што го правиме, и начинот на кој живееме, и во кого се надеваме, како и она во што веруваме.

## ДАЛИ ВЕРАТА ГО ПОДДРЖУВА ГРЕВОТ?

Едно од најважните обвиненија против Павле гласи дека неговото евангелие за оправдувањето само преку вера ги охрабрува луѓето да грешат (Римјаните 3,8; 6,1). Несомнено е дека тужителите мислеле дека луѓето, доколку не мораат да го држат законот за да му угодат на Бога, не треба воопшто да бидат загрижени поради начинот на кој живеат.

**На кој начин Павле одговара на обвиненијата, дека доктрината за оправдувањето само преку вера го охрабрува грешното однесување? Гал. 2,17.18**

---

---

На обвиненијата на своите противници, Павле одговара со најсилни можни изрази: „Сочувај Боже!“ Иако е можно кога некој ќе дојде кај Христа повторно да падне во грев, одговорноста сигурно не почива само на Христа. Ако го кршиме законот, ние самите сме станале прекршители на законот.

**Како го опишува Павле своето единство со Исуса Христа? На кој начин тој одговор ги отфрла приговорите на неговите противници? Гал. 2,19-21**

---

Павле заклучил дека докажувањето со неговите противници е едноставно бесмислено. Прифаќањето на Христа со вера не е неважно; тоа не е игра на небесно претворање, во која Бог го прогласува човекот за праведен без никаква вистинска промена во неговиот живот. Спротивно на тоа, прифаќањето на Христа со вера е исклучително радикален чекор. Тој опфаќа целосно единство со Христа - единство и во Неговата смрт и во воскресението. Зборувајќи со духовен јазик, Павле истакнува и дека сме распнати со Христа и дека нашите стари грешни патишта, кои се вкоренети во себичноста, се отфрлени (Римјаните 6,5-14). Ние сме направиле радикален прекин со минатото. Сè е ново (2. Коринќаните 5,17). Сме станале во нов живот во Исуса Христа. Воскреснатиот Христос живее во нас, секојдневно правејќи да стануваме сè послични на Него.

Верата во Христа, според тоа, не е изговор за грев, туку повик на многу подлабока и побогата заедница со Христа од онаа која би можеле да ја најдеме во религијата втемелена на законот.

**Како се однесуваш кон сфаќањето за спасението преку вера и само преку верата без делата на законот? Дали по малку можеби те плаши, бидејќи се наоѓаш во опасност да помислиш дека тоа може да стане оправдување за грев – или ти претставува извор на радост? Што покажува твојот одговор за тоа како го разбираш спасението?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Постојано ми беше укажувано на опасноста дека како Црква негуваме погрешни сфаќања за оправдувањето со вера. Со години ми беше покажувано дека сатаната ќе дејствува на посебен начин за да ги збуни нашите мисли во поглед на ова прашање. Долго се занимававме со Божјиот закон и тој во нашите цркви е претставуван скоро исто така лишен од познавањето на Исуса Христа и Неговиот однос кон законот како што била и жртвата на Каин. Ми беше покажано дека многумина се оддалечиле од верата поради измешаните и нејасни идеи за спасението, бидејќи проповедниците работеа на погрешен начин во обидите да ги досегнат срцата на луѓето. Фактот кој со години беше наметнуван на мојот ум е засметаната Христова праведност...“

„Не постои вистина со која би морале да се занимаваме посериозно, да ја повторуваме почесто, утврдувајќи ја посилно во мислите на секој од нас, како што е неможноста грешниот човек да заслужи нешто со своите добри дела. Спасението се добива само со вера во Исуса Христа“ (Елена Вајт, *Faith and Works,* стр. 18.19).

„Законот бара праведност и токму тоа грешникот му го должи на законот, но немоќен е да го исполни. Единствениот начин на кој може да се стекне праведноста е преку верата. Со вера може да се изнесат пред Бога Христовите заслуги и Господ ја става послушноста на својот Син на сметка на грешникот. Христовата праведност се прифаќа наместо човековиот пораз, и Бог ја прима, ѝ простува и ја оправдува покајничката душа која верува и кон неа се однесува како да е праведна, ја сака исто како што го сака својот Син“ (EGW, 1S 367).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Во првиот претходно наведен цитат, Духот на пророштвото вели дека ниедна тема не треба толку да се нагласува како темата за оправдување со вера. Како класа, расправајте за тоа дали нејзините коментари имаат подеднаква примена и за нас денес каква што имале кога ги напишала пред повеќе од сто години? Зошто мислиш така?**

**2. Зошто Павле вели дека Христос би умрел без никаква причина, ако оправдувањето би можело да се стекне со држење на законот? Галатјаните 2,21. Што мислел со тоа да каже?**

**РЕЗИМЕ:** Петровото однесување во Антиохија зборувало дека некогашните незнабошци не можат да станат вистински христијани доколку претходно не се обрежат. Павле ја разобличил неприфатливоста на ваквата идеја. Бог никого не може да го прогласи за праведен врз основа на неговото однесување, бидејќи дури ни најдобрите меѓу луѓето не се совршени. Единствено со прифаќање на она што Бог го сторил за нас преку Христа, грешниците можат да се оправдаат во Божјите очи.

**Поука 5**
**22 - 28 јули 2017**

# СТАРОЗАВЕТНАТА ВЕРА



**ПРОЧИТАЈ ГИ БИБЛИСКИТЕ СТИХОВИ: Галатјаните 3,1-14; Римјаните 1,2; 4,3; 1. Мојсеева 15,6; 12,1-3; 3. Мојсеева 17,11; 2. Коринќаните 5,21.**

**ЗАПОМНИ ГО СТИХОТ: „Христос нè откупи од проклетството на Законот, откако стана проклетство за нас, зашто е пишано: 'Проклет да е секој, кој виси на дрво!'“** (Галатјаните 3,13)

Момче направило мал брод, кој бил обоен и опремен како вистински. Еден ден некој му го украл бротчето и тоа било очајно. Поминувајќи покрај антикварницата ја здогледало својата играчка. Сето пресреќно, влетало во продавницата и повикало: „Ова е мојот брод!“ „Не!“- одговорил трговецот, „Бродот е мој, бидејќи јас го платив!“ „Да!“- се спротивставило момчето. „Но, бродот е мој, бидејќи јас го направив!“ „Во ред! – се сложил трговецот. „Ако ми платите два долара, бродот повторно може да биде ваш!“

Тоа биле многу пари за момчето, кое немало ни скршена паричка. Но, било како било, решило повторно да го има својот брод. Косело трева, извршувало секакви работи и наскоро успеало да ги обезбеди парите.

Повторно отишло во продавницата и рекло: „Го сакам својот брод!“ Ја платило бараната сума и ја добило играчката. Ја зело в раце, ја прегрнало, ја бакнало и рекло: „Мое драго мало бротче, те сакам! Повторно си мое. Ти си, всушност, двапати мое. Еднаш кога те направив и втор пат кога те откупив.

Така е и со нас. Ние, во извесна смисла, сме двапати Господови. Тој нè создал, па потоа сме стигнале во сатанската антикварница. Тогаш Исус дошол, нè откупил плаќајќи ја цената кај трговецот за антиквитети - но не со злато и сребро, туку со својата драгоцена пролиена крв. Ние сме Господови со создавањето и со откупувањето.

## НЕРАЗУМНИ ГАЛАТЈАНИ

**Како Павле ги укорил Галатјаните поради тоа што ги слушале јудаистичките учители? Во која смисла и ние можеме да бидеме во опасност да паднеме во истата духовна стапица, да почнеме како што треба а да завршиме во легализам? Галатјаните 3,1-5**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Неколку современи преводи се обиделе да ја изразат вистинската мисла на Павловите зборови упатени до „неразумните“ Галатјани. Вистинскиот збор со кои се служи апостол Павле е многу поостар. Тој гласи „anoetoi“ и доаѓа од збор кој означува здраво ментално здравје (nous). Буквално, употребениот збор значи „безумен“. Галатјаните едноставно не размислувале. Павле не запира овде, туку вели: бидејќи толку безумно се однесувале, мора да се запрашаме некој маѓесник да не ги маѓепсал. „Кој ве маѓепса?“ Неговиот избор на зборови овде може да навести дека конечниот извор на нивното однесување е самиот ѓавол (2. Коринќаните 4,4).

Во отпадништвото на Галатјаните, Павле најмногу бил зачуден од фактот што тие знаеле дека спасението се темели на Христовиот крст. Тоа, секако, не можеле да го заборават. Зборот преведен како „напишан“ или претставен во Галатјаните 3,1 се употребувал за да ги опише сите откриени објави. Всушност, Павле вели дека крстот бил до таа мера централна мисла на неговото проповедање што Галатјаните во својот ум можеле да си го претставаат распнатиот Христос (1. Коринќаните 1,23; 2,20). Во извесна смисла, Павле како да сака да каже дека тие со своите постапки се одвраќаат од крстот.

Павле потоа го споредува сегашното искуство на Галатјаните со она кое го стекнале кога за првпат ја прифатиле верата во Христа. Тоа го прави поставувајќи им неколку реторички прашања. Како го примиле Духот, односно, на кој начин првпат станале христијани? А потоа, од малку поинаква перспектива, зошто Бог им го дал својот Дух? Дали затоа што направиле нешто за да го заслужат? Секако дека не! Наместо тоа, го добиле поради тоа што поверувале во радосната вест за она што Христос веќе го направил за нив. Бидејќи добро започнале, што ги навело да помислат дека сега мора да се потпрат на сопственото однесување?

**Колку често се наоѓате себеси како размислувате: Добро ми оди. Јас сум навистина добар христијанин. Јас не го правам ова или она... и тогаш, ми се чини дека, на некој начин, јас сум доволно добар за да бидам спасен! Што е погрешно во ваквото размислување?**

## ВТЕМЕЛЕНИ НА ПИСМОТО

Сè до сега во своето писмо до Галатјаните Павле го бранел своето евангелие или оправдувањето со вера повикувајќи се на договорот на апостолите во Ерусалим (Галатјаните 2,1-10) и на личните искуства на самите Галатјани (Галатјаните 3,1-5). Почнувајќи од Галатјаните 3,6, Павле се обраќа преку сведоштвата на писмата за да добие конечна и завршна потврда на своето евангелие. Всушност, текстовите во Галатјаните 3,6 - 4,31 ги објавуваат доказите кои се втемелени на Писмото.

**Што сакал Павле да каже кога во Галатјаните 3,6-8 пишува за „Писмото“? Види во Римјаните 1,2; 4,3; 9,17**

---

---

Важно е да се сетиме дека во времето кога Павле го пишувал своето послание до Галатјаните, ја немало новозаветната збирка на светите списи. Според тоа, кога Павле се повикува на Писмото, го има на ум само Стариот завет.

Старозаветните списи имаат значајна улога во Павловите учења. Тој на нив не гледа како на мртви текстови, туку како на авторитативна и жива Божја реч. Во 2. Тимотеј 3,16 пишува: „Целото Писмо е од Бога вдахновено!“ Зборот преведен како дадено или вдахновено гласи „theopneustos“. Првиот дел на зборот „theo“ значи „Бог“, додека вториот дел „pneustos“ значи „вдахновен“. Библијата е од Бога вдахновна книга. Павле се служи со Писмото да покаже дека Исус е ветениот Месија (Римјаните 13,8-10), но и да ја докаже исправноста на своите учења (Галатјаните 3,8.9).

Многу е тешко точно да се одреди колку стотини пати Павле го цитира Стариот завет, но цитатите се наоѓаат во сите негови посланија, освен во најкратките, посланијата до Тит и Филимон.

**Внимателно прочитај го текстот во Галатјаните 3,6-14. Кои зборови всушност претставуваат цитати од старозаветните списи? Што ни зборува тоа за авторитативноста на Стариот завет за првите христијани, па и за самиот апостол Павле?**

---

---

**Дали понекогаш се фаќаш себеси како помислуваш дека некои делови од Библијата се помалку вдахновени од останатите? Според Павловата изјава во 2. Тимотеј 3,16, зошто таквото размислување може да биде многу опасно?**

## ПРИМЕНИ КАКО ПРАВЕДНИЦИ

**Што мислиш, зошто Павле прво се повикува на Аврам кога, врз основа на Писмото, ја докажува веродостојноста на својата евангелска порака? Галатјаните 3,6**

---

Аврам е централна личност во јудаизмот. Не само што бил прататко на еврејскиот народ туку и Евреите во времето на апостол Павле гледале на него како на прототип за тоа како треба да изгледа еден вистински Евреин. Многумина веруваат дека неговата најважна карактеристика била послушноста, и дека Бог го прогласил Аврама за праведен токму поради неговата послушност. Всушност, Аврам се откажал од својот дом и од своето родно место, го прифатил обрезанието, така што на Божја заповед бил подготвен да го жртвува дури и својот син. Тоа е вистинска послушност! Со своето нагласување на обрезанието, Павловите противници сигурно ги докажувале своите тези на овој начин. Меѓутоа, Павле ги изненадува своите противници повикувајќи се на Аврама – девет пати во Галатјаните – како пример на верата наместо пример за држење на законот.

**Разгледај го Павловото цитирање на текстот во 1. Мојсеева 1,6! Што значи текстот дека Аврамовата вера му се засметала во праведност? Види и Римјаните 4,3-6. 8-11.22-24!**

---

Додека поимот оправдување бил метафора позајмена од речникот на правниците, зборот „му се засмета“ доаѓа од деловниот свет. Тој значи да му „ставите некому нешто на сметка“. Тој е употребен не само за Аврам во Гал. 3,6, туку се појавува уште единаесет пати во врска со патријархот.

Во согласност со Павловата метафора, и на нашата сметка е ставена праведноста. Меѓутоа, се поставува прашањето: Врз основа на што Бог нè смета за праведници? Секако дека тоа не се случува врз основа на послушноста - независно од она што го тврделе Павловите противници. Без оглед што зборувале тие за Аврамовата послушност, самото Писмо објавува дека Бог ги засметал меѓу праведниците, само врз основа на неговата вера!

Библијата е јасна: Аврамовата послушност не била темел на неговото оправдување; наместо тоа, таа била последица на оправдувањето! Тој не правел нешто за да се оправда, туку го правел затоа што веќе бил оправдан! Оправдувањето води кон послушност, а не обратно!

**Што значи тоа - да бидеш оправдан не со она што си го правел, туку со она што Христос го направил за тебе! Зошто е оваа толку добра вест? Како да научиме вистината да стане наша вистина, односно да веруваме дека таа се однесува на на, без оглед на нашите сегашни и минати борби?**

## ЕВАНГЕЛИЕТО ВО СТАРИОТ ЗАВЕТ

„А и Писмото предвиде, дека Бог преку верата ги оправдува народите, и однапред му го навести Евангелието на Авраама: 'Во тебе ќе бидат благословени сите народи'" (Галатјаните 3,8). Павле пишува дека евангелието не му било објавено само на Аврам, туку дека го објавил самиот Господ; според тоа, морало да биде вистинско евангелие! Но, кога Господ му го објавил евангелието на Аврам? Павловото цитирање на текстот од 1. Мојсеева 12,3 укажува дека тој го имал во вид заветот што Бог го склучил со Аврам кога го повикал во 1. Мојсеева 12,1-3.

**Што ни кажува текстот во 1. Мојсеева 12,1-3 за природата на заветот што Бог го склучил со Аврам?**

---

Темел на Божјиот завет со Аврам претставуваат Божји ветувања. Четири пати Бог му рекол на патријархот: „Јас ќе направам". Божјите ветувања дадени на Аврам се прекрасни бидејќи се целосно еднострани. Бог ги дава сите ветувања; Аврам ништо не ветува. Тоа е наполно спротивно на она што повеќето луѓе се обидуваат да го направат во однос на Бога. Ние луѓето обично ветуваме дека ќе му служиме на Бога, ако Тој направи нешто за нас. Меѓутоа, тоа е чист легализам. Бог не барал од Аврам никакво ветување, туку со вера да ги прифати Неговите ветувања. Се разбира, тоа не била лесна задача, бидејќи Аврам допрва морал да научи целосно да се потпира на Бога, а не на себеси! (види 1. Мојсеева 22) Повикот на Аврам ја покажува суштината на евангелието, а тоа е спасението преку вера. Некои погрешно заклучуваат дека Библијата проповеда два начини на спасение. Тие тврдат дека во Стариот завет спасението било втемелено на држењето на заповедите, а потоа, бидејќи тоа не успевало, Бог го укинал Законот и направил спасението да може да се здобие со вера. Ништо друго не може да биде подалеку од вистината како ова тврдење! Како што напишал Павле во Галатјаните 1,7, постои само едно вистинско евангелие!

**Кои други примери на спасение со вера може да ги наведеме од Стариот завет? Види на пример 3. Мојсеева 17,11; Псалм 32,1-5; 2. Самоилова 12,1-13; Захарија 3,1-4.**

---

---

**Често се слуша изразот евтина благодат. Сепак, тоа е погрешен назив. Благодатта не е евтина – таа е бесплатна, во најмала рака, барем за нас. Меѓутоа, ние ја уништуваме кога мислиме дека со своите дела можеме да додадеме нешто на оваа благодат, или кога мислиме дека можеме да ја земеме како изговор за нашите гревови. Кон кое од овие две мислење натежнуваш во своето лично искуство и на кој начин може тоа да го прекинеш?**

## ОТКУПЕНИ ОД ПРОКЛЕТСТВОТО (ГАЛАТЈАНИТЕ 3,9-14)

Нема сомневање дека Павловите противници биле збунети од неговите остри зборови упатени во Галатјаните 3,10. Секако не мислеле за себе дека се наоѓаат под проклетство; ако ништо друго, очекувале да бидат благословени поради својата послушност. Но, Павле е многу јасен: „Имено, кои ги прават делата на Законот, под клетва се, зашто е пишано: 'Проклет да е секој, кој не е постојан во сѐ што е напишано во Книгата на Законот, да го исполнува тоа'".

Павле споредува две сосема различни можности: спасението со вера и спасението со дела. Заветните благослови и заветните проклетства кои се запишани во 5. Мојсеева 27 и 28 глава се многу јасни и конкретни. Оние кои слушаат ќе бидат благословени, а оние кои се непослушни ќе бидат проклети. Тоа значи, ако некој сака да се потпре на послушноста на законот за да биде прифатен пред Бога, мора да го држи целиот закон. Ние немаме право да одбираме што сакаме да слушаме, ниту пак смееме да мислиме дека Бог е подготвен да ги занемари нашите грешки кои повремено ги правиме. Тоа е навистина сѐ или ништо!

Се разбира, лоша вест не само за незнабошците, туку и за Павловите легалистички противници, затоа што „сите згрешија и им недостасува Божјата слава" (Римјаните 3,23). Колку и да се трудиме да бидеме добри, законот мора да нѐ осуди како престапници на законот.

**На кој начин Христос нѐ избавил од проклетсвото на законот? Види Галатјаните 3,13; 2. Коринќаните 5,21.**

---

Павле воведува уште една метафора за да опише што направил Бог за нас преку Христа. Зборот „откупи" значи „да се ослободи некој од ропство". Зборот се употребувал да ја означи откупнината која е платена за ослободување на заложниците или цената за ослободување на некој роб. Бидејќи плата за гревот е смрт, проклетството што го навлекува недржењето на законот, често било смрт. Откупнината платена за нашето ослободување не била безначајна; Бог ја платил нашата откупнина со смртта на својот Син (Јован 3,16). Исус нѐ откупил од проклетството станувајќи носител на гревот наместо нас (1. Кор. 6,20; 7,23). Тој доброволно го презел нашето проклетство врз себе и наместо нас ја претрпел целосната казна за гревот (2. Кор. 5,21).

Павле го цитира текстот од 5. Мојсеева 21,23 како библиски доказ. Во согласност со еврејскиот обичај, некој се наоѓал под Божје проклетство ако неговото тело, по извршувањето на смртната казна, било обесено на дрво. Исусовата смрт се сметала за пример на таа казна и тоа проклетство (Дела 5,30; 1. Петр. 2,24). Според тоа, не е никакво чудо што крстот бил камен на сопнување за некои Евреи кои не можеле да ја сфатат мислата дека Месија се нашол под Божје проклетство. Да, Месија навистина го поднел тоа проклетство, но тоа не било Негово туку наше!

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Врз Христа како наша замена и гаранција е положено беззаконието на сите нас. Тој се вброил меѓу престапниците за нас да нè откупи од осудата на Законот. Неговото срце го оптоварувала кривицата на секој Адамов потомок. Божјиот гнев кон гревот, страшниот израз на неговото незадоволство кон неправдата, ја исполнувале со ужас душата на неговиот Син. Во текот на целиот свој живот Христос на паднатиот свет му ги објавувал добрите вести за милоста и љубовта на Отецот која проштава.

Често зборувал за спасението на најголемите грешници. Меѓутоа, сега со страшниот товар на кривицата што ја носел, не можел да го види милостивото лице на Отецот. Повлекувањето на божественото лице од Спасителот во овој час на најголеми страдања го пробоďло неговото срце со таква болка што човекот никогаш не може потполно да ја сфати. Неговите душевни страдања биле толку големи што одвај ги чувствувал своите телесни болки.

Со жестоки искушенија сатаната навалувал на Исусовото срце. Спасителот не можел да види преку гробот. Надежта не му покажувала дека ќе излезе од гробот како победник ниту му зборувала за тоа дека Отецот ја прифатил неговата жртва. Се плашел дека гревот му е толку одвратен на Бога, што нивната разделба ќе биде вечна. Христос го чувствувал страдањето што ќе го чувствува грешникот кога милоста нема повеќе да се зазема за грешниот човечки род. Чувството на гревот што предизвикал гнев кај Отецот, а кој се урнал врз него како на човекова замена, ја загорчило чашата што ја пиел и го скршило срцето на Божјиот Син“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 753. оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Дури и денес, во нашата Црква, на некои им е многу тешко да го прифатат спасението само преку верата, дека нè спасува само Божјата благодат преку Христа, независно од нашите дела. Што се крие зад двоумењето на некои луѓе да ја прифатат оваа клучна вистина?**

**2. Павле зборувал многу остро за теолошката заблуда на спасување со делата на законот. Што ни кажува тоа за важноста да се има исправна теологија? Зошто ние, како Црква, треба да станеме, силно ако биде потребно, доколку во нашата средина се проповедаат заблуди?**

**РЕЗИМЕ:** Од почетокот до крајот на христијанскиот живот, темелот на нашето спасение е само верата во Христа. Токму поради својата вера во Божјите ветувања Аврам бил прогласен за праведен, а тој дар на праведност во денешно време му е достапен на секој оној што учествува во Аврамовата вера. Единствената причина што не сме осудени поради нашите грешки е фактот што Исус ја платил цената за нашите гревови, умирајќи наместо нас.

**Поука 6**
**Од 29 јули до 4 август 2017**

# ПРИОРИТЕТ НА ВЕТУВАЊАТА



**ПРОЧИТАЈ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Галатјаните 3,15-20; 1. Мојсеева 9,11-17; Матеј 5,17-20; 2. Мојсеева 16,22-26; 1. Мојсеева 15,1-6.**

**ЗАПОМНИ ГО СТИХОТ: „Зашто, ако наследството доаѓа од Законот, тоа веќе не е од ветувањето; но Бог му го подари на Авраама преку ветувањето“ (Галатјаните 3,18).**

Во дадена пригода некој запрашал еден политичар: „Дали ги одржавте сите ветувања кои ги дадовте во текот на предизборната борба?“ Тој одговорил: „Па, добро, во најмала рака ги одржав ветувањата коишто имав намера да ги одржам!“

Кој не се нашол, во ова или во некое друго време, на едната или на другата страна од некое неодржано ветување? Зар не се случило некој да биде тој што прекршил дадено ветување или му бил одадено ветување, но останало неисполнето?

Понекогаш луѓето даваат ветувања, со намера да ги исполнат, но подоцна тоа, сепак, не го прават; други даваат ветувања иако знаат – во моментот кога звукот ќе ги напушти нивните усни или буквите страницата на нивното писмо – дека сето тоа било голема лага.

За наша среќа, Божјите ветувања спаѓаат во сосема друга категорија. Божјата реч е сигурна и непроменлива. „Реков - ќе исполнам, наумив - ќе извршам“ (Исаија 46,11).

Во поуката за оваа седмица, Павле го насочува нашето внимание на односот меѓу Божјите ветувања кои му биле дадени на Аврам и законите дадени на Израел, 430 години подоцна. Како треба да го разбереме односот меѓу тие две категории и какви последици има тоа на проповедањето на евангелието?

## ЗАКОНОТ И ВЕРАТА (ГАЛАТЈАНИТЕ 3,15-18)

Дури и кога неговите противници би се сложиле дека Аврамовиот живот првенствено бил обележан со вера, Павле знаел дека и понатаму ќе постојат прашања околу тоа зошто Бог му го дал законот на Израел четрсто и триесет години по Аврам. Зар давањето на законот не ги поништил сите дотогашни спогодби?

**Зошто Павле ја нагласува сличноста помеѓу нечиј тестамент и Божјиот завет со Аврам? Галатјаните 3,15-18.**

_______________________________________________

_______________________________________________

Заветот и тестаментот обично се разликуваат. Заветот главно претставува меѓусебна спогодба меѓу две или повеќе лица, кој често бил нарекуван договор или повелба; спротивно на тоа, тестаментот е изјава на една поединечна личност. Грчкиот превод на Стариот завет, Септуагинта, никогаш Божјиот завет со Аврам не го преведува со грчкиот збор кој се употребува како знак на меѓусебен договор или спогодба (*syntheke*). Наместо тоа, се употребува збор кој означува тестамент или последна волја (*diatheke*). Зошто? Веројатно затоа што преведувачите сфатиле дека Божјиот завет со Аврам не бил договор меѓу две лица, во кои меѓусебно се разменуваат ветувања. Спротивно на тоа, Божјиот завет не бил втемелен на ништо друго, освен на Неговата волја. Не е додаден никаков услов: „ако“, „кога“ или „меѓутоа“! Едноставно, Аврам требало да се потпре на Божјата реч!

Павле се фаќа за ова двојно значење на зборовите тестамент и договор, за да ги објасни посебните карактеристики на Божјиот завет со Аврам. И како што е случај со човечкиот тестамент, Божјето ветување се однесува на посебен корисник, на Аврам и неговите потомци (1. Мојсеева 12,1-5; Галатјаните 3,16); тоа содржи некое наследство (1. Мојсеева 13,15; 17,8; Римјаните 4,13; Галатјаните 3,29). За Павле е најважна непроменливата природа на Божјето ветување. На ист начин како што човечкиот тестамент не може да се смени кога еднаш ќе стапи на сила, така и давањето на законот преку Мојсеј, не може едноставно да го укине Божјиот претходен завет со Аврам. Божјиот завет е ветување (Галатјаните 3,16), а во никој случај Бог не ги крши своите ветувања (Исаија 46,11; Евреите 6,18).

**Замени го во следните текстови зборот *завет* со зборот *ветување*. Каква е природата на *заветот* во секој од овие текстови? На кој начин вистинското разбирање на Божјиот завет како ветување го прави текстот појасен, и како тоа ни помага појасно да разбереме што е заветот? 1. Мојсеева 9,11-17; 15,18; 17,1-21. Што ни кажува ова за Божјиот карактер и за тоа колку можеме да му веруваме?**

## ВЕРАТА И ЗАКОНОТ (РИМЈАНИТЕ 3,31)

Павле огнено се борел да го докаже првенството на верата во човековиот однос со Бога. Тој неколку пати изјавувал дека ни обрезанието ни кое било друго дело на законот не претставуваат предуслов за спасение, бидејќи „знаеме дека човекот не се оправдува од делата на Законот“ (Галатјаните 2,16). Дотолку повеќе, не делата на законот, туку верата претставува обележје на верникот (Галатјаните 3,7). Ова повторено отфрлање на вредностите на делата на законот го поставуваат прашањето: „Зар законот нема баш никаква вредност? Зар Бог го укинал својот закон?

**Бидејќи спасението се добива само со вера, а не со делата на законот, дали Павле сака да каже дека верата го укинува законот? Што ни кажуваат за тоа следните текстови? Текстот во Римјаните 3,31 спореди го со Римјаните 7,7.12; 8,3 и Матеј 5,17-20.**

---

Павловото докажување во Римјаните 3 претставува паралела на неговата расправа за верата и законот во Галатјаните. Чувствувајќи дека неговите коментари би можеле да наведат некого да заклучи дека ја воздигнува верата на штета на законот, Павле го поставува реторичкото прашање: „Дали го укинуваме Законот преку верата? Зборот преведен како „укинуваме“ во Римјаните 3,31 гласи *katargeo*. Павле често пати се служи со овој збор и истиот може да се преведе и како „укине“ (Римјаните 3,3), „поништи“ (Ефес. 2,15) или „да направи да не вреди“ (Рим. 6,6). Се разбира, кога Павле би сакал да ја изрази мислата дека законот на некој начин бил укинат на крстот, како што денес некои тврдат, ова би бил вистинскиот момент за тоа. Меѓутоа, Павле не само што ја отфрла таквата можност со решително „не“, туку додава дека всушност, неговото евангелие го „утврдува“ законот!

„Планот на оправдување со вера открива дека Бог го воздигнува својот закон со тоа што бара и принесува жртва помирница. Кога оправдувањето со вера би го укинувало Божјиот закон, тогаш не би постоела потреба за Христовата помирувачка смрт, која го ослободува грешникот од неговите гревови и го обновува неговиот мир со Бога. Уште повеќе, вистинската вера опфаќа во себе неограничена подготвеност за послушност на Божјата волја во животот и покорување на Неговиот закон... Вистинската вера втемелена на совршената љубов кон Спасителот, единствено може да нè наведе да бидеме послушни на законот“ (*SDA Bible Commentary* 6, 510).

**Какви би биле последиците ако Павле навистина мислел дека верата ја укинува потребата за држење на законот? Дали тогаш, на пример, прељубата повеќе не би била грев или кражбата, па дури и убиството? Размислете за жалоста, болките и страдањата од кои би биле поштедени кога би го почитувале Божјиот закон! Низ какви страдања сте поминале вие самите поради тоа што не сте го почитувале Божјиот закон?**

## ЦЕЛТА НА ЗАКОНОТ

**Во Галатјаните 3,19-29 Павле неколкупати се повикува на законот. На кој закон првенствено мисли Павле во овој дел на посланието до Галатјаните?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Некои веруваат дека зборот „додека“ во 19. стих укажува на тоа дека овој закон бил привремен, и поради тоа помислиле дека се работи за церемонијалниот закон, бидејќи целта на тој закон се остварила на крстот, и затоа тој законот бил укинат. Иако само по себе тоа има смисла, изгледа дека тоа не била целта на Павловото докажување. Иако и церемонијалниот и моралниот закон биле „додадени“ на Синај поради престапите, ќе видиме, разгледувајќи го следното прашање, дека Павле во прв ред на ум го имал моралниот закон.

**Дали Павле навистина мисли дека законот бил „додаден“? Ако е навистина така, на што бил додаден и зошто? Спореди Галатите 3,19 и Римјаните 5,13.20!**

________________________________________________________________________

Павле не вели дека законот бил додаден на Божјиот завет со Аврам, како некој додаток на тестамент со кој се менува неговата првична волја. Законот постоел долго време пред Синај. Наместо тоа, Павле мисли дека законот му бил објавен на Израел со една сосем поинаква цел. Требало народот повторно да му се врати на Бога, да се пренасочи кон Бога и Неговата благодат која Тој му ја нуди на секој кој со вера доаѓа кај него. Законот ни ја покажува нашата грешна состојба и нашата потреба за Божјата благодат. Законот не бил поставен да биде некаква програма за „заработување“ на спасението. Сосема спротивно, Павле кажува дека законот е даден за да се „зголеми престапувањето“ (Римјаните 5,20), а тоа значи да ни покаже многу појасно што претставува гревот во нашиот живот (Римјаните 7,13).

Додека церемонијалниот закон укажувал на Месија и ја нагласувал светоста и потребата за Спасител, токму моралниот закон, преку своите одредби „не прави“, укажувал што е гревот, што ни укажува на тоа дека гревот не бил дел од нашата природна состојба туку тој претставува кршење на Божјиот закон (Римјаните 3,20; 5,13.20; 7,7.8.13). И токму затоа Павле зборува: „Каде нема Закон нема ни престапување!“ (Римјаните 4,15)

„Законот дејствува како лупа. Таа направа не го зголемува бројот на нечистите места кои ја валкаат облеката, туку прави тие подобро да се истакнат и подобро да се видат отколку со голо око“ (V. Hendriksen, *NT Commentary: Exposition on Galatians,* стр. 141).

## ТРАЕЊЕ НА БОЖЈИОТ ЗАКОН

**Дали Павловата изјава дека законот е додаден на Синај, значи дека законот не постоел пред тоа? Ако не е така, во што е разликата пред и по Синај? 1. Мојсеева 9,5.6; 18,19; 26,5; 39,7-10; 2. Мојсеева 16,22-26**

____________________________________________________________

Бог немал потреба да му го открива на Аврам својот закон преку грмотевици, молњи и смртна казна (2. Мојсеева 19,10-23). Тогаш зошто одбрал на тој начин да им го објави својот закон на Израелците? Тоа се случило од причина што при нивното робување во Египет ја изгубиле од вид Божјата величина и Неговите високи морални мерила. Како последица, требало да станат свесни за величината на својата грешност и светоста на Божјиот закон. Откровението на Синај го направило токму тоа.

**Што сакал Павле да каже кога нагласил дека законот бил додаден „додека не дојде Семето, кому Му е дадено ветувањето“? Галатјаните 3,16-19**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Многумина овие зборови ги сфатиле како да подразбираат дека законот, кој бил даден на Синај, бил привремен; дека бил прогласен дури 430 години по Аврам, а дека е укинат кога се појавил Христос. Меѓутоа, ова толкување се спротивставува на она што го кажува Павле за законот во Римјаните, како и на други текстови во Библијата, како, на пример, оној во Матеј 5,17-19.

Заблудата во која паѓаат читателите на овој текст се огледува во тоа што претпоставуваат дека зборот „додека“ секогаш укажува на ограничено траење на времето. Меѓутоа, тоа не е случај! Опишувајќи го човекот кој се бои од Бога, Псалмот 112,8 вели: „Неговото срце е храбро, нема да се плаши сѐ додека не гледа победоносно над своите непријатели!“ Дали ова значи дека ќе се плаши додека ги победува своите непријатели? Во Откровение 2,25 Исус вели: „Но држете го она, што го имате, додека дојдам“. Дали Исус мисли дека по неговото доаѓање повеќе нема да има потреба да бидеме верни?

Улогата на законот не се завршила со Христовото доаѓање. Тој ќе продолжи да укажува на гревот сѐ додека постои. Павле, всушност, сакал да каже дека Христовото доаѓање претставува пресвртница во човечката историја. Христос може да го направи она што законот никогаш не може да го направи- да осигура вистински лек за гревот, што значи да го оправда грешникот и со својот Дух да го исполни својот закон во нив (Рим. 8,3.4). **Дали некогаш си помислил: кога Господ би го направил за мене ова или она, никогаш повеќе нема да се посомневам во Него! Сети се што се случило на Синај, сети се на моќната манифестација на Божјата сила пред Израелците – а сепак, што направиле? Што ни кажува тоа за вистинската вера и како да ја стекнеме и да ја сочуваме?**

## НАДМОЌНОСТ НА ВЕТУВАЊЕТО

**„Тоа е оној што на собирот во пустината на Планината Синајска беше со ангелот кој му зборуваше, и со татковците наши; оној што прими животворни зборови нам да ни ги предаде“ (Дела 7,38).**

Во Галатјаните 3,19.20 Павле го продолжува својот ток на мислите за законот кој не го укинува заветот на благодатта; тоа е важно бидејќи, во случај теологијата на неговите противници да била исправна, законот би го сторил токму тоа. Размисли каква би била тогаш нашата положба како грешници кога би мораle да се потпираме на сопственото држење на законот, наместо на Божјата благодат. На крајот навистина би останале без никаква надеж!

Иако подробностите на Павловиот коментар во Галатјаните 3,19.20 се тешки, неговата основна мисла е јасна: законот е помагач на ветувањето, бидејќи бил објавен со посредство на Мојсеј и ангелите. Во 2. Мојсеева не се спомнува врската меѓу ангелите и објавувањето на законот, но се спомнува на неколку други места во Библијата (5. Мојс. 33,2; Дела 7,38.53; Евреите 2,2). Павле го употребува зборот „посредник“ во 1. Тимотеј 2,5 во однос на Христа, но неговите коментари овде многу силно навестуваaат дека на ум го има текстот во 5. Мојсеева 5,5, каде што Мојсеј вели: „Во тоа време јас стоев меѓу Господа и вас, за да ви ги известам Господовите зборови, зашто вие не сакавте, заради стравот од огнот, да се искачите на горатa“.

Иако објавувањето на законот на Синај било величествено, извршено во присуство на безбројните ангели, сепак тоа било посредно. Потполно спротивно на тоа, Божјето ветување дадено на Аврам (преку него и на сите верници) било непосредно, бидејќи немало потреба за посредник. И на крајот, колку и да бил важен законот, ништо не можело да го замени ветувањето за спасението со вера преку благодатта. Наспроти тоа, законот ни помага подобро да разбереме колку е величествено даденото ветување.

**На кој начин би ја објаснил природата на Аврамовите непосредни средби со Бога? Какви благослови може да ни донесе таквата непосредна Божја близина? 1. Мојсеева 15,1-6; 18, 1-33; 22, 1-18**

---

---

**Сети се на бројните средби на луѓето и Бога во Библијата: Адам и Ева (1. Мојсеева 3); Јакововите скали (1. Мојсеева 28); Павле на патот за Дамаск (Дела 9). Можеби сами не сте искусиле нешто толку драматично, но на кој начин Бог вам ви се откривал? Освен тоа, запрашајте се, дали постои нешто што ја спречило таквата средба како што Аврам ја имал со Бога? Ако има некои пречки, кои чекори би можеле да ги преземете, за да дојде до промена?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Израелскиот народ за време на своето робување во голема мера го загубил поимот за Бога и за начелата на аврамовскиот завет. Кога ги ослободил од Египет, Бог настојувал да им ја открие својата моќ и милост за да ги одоброволи да го љубат и да имаат доверба во него. Ги довел до бреговите на Црвеното Море - каде што не било можно да побегнат од Египќаните кои им биле зад петиците - за да сфатат колку се беспомошни и колку им е неопходна божествената помош. А тогаш се погрижил да ги ослободи од Египќаните кои ги гонеле. Така биле исполнети со љубов и со благодарност кон Бога и се здобиле со доверба во неговата моќ која им помагала. Тој ги врзал за себе како Ослободител од поминливото (египетско) ропство.

Меѓутоа, во нивните мисли требало да се втисне уште една голема вистина. Бидејќи живееле среде идолопоклонство и расипаност, тие немале вистинска претстава за Божјата светост, за тежината на грешноста на сопственото срце, за целосната неспособност само со своја сила да му се потчинуваат на Божјиот закон. А и не чувствувале колку им бил потребен Спасителот. На сето тоа требало да се научат“ (*Патријарси и пророци,* стр 371. ориг.).

„Божјиот закон, изговорен во страшната величественост од Синај, претставува изрекување осуда над грешникот. Службата на законот е да осуди, но во него нема сила да прости или да откупи“ (E.G.W, SDA BC 6, 1094).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размисли за целата идеја за ветувањето, особено за прекршените ветувања. Што мислите за оние кои ги прекршиле ветувања што ви ги дале? Има ли некоја разлика ако некој имал намера да го исполни ветувањето, а не можел или го променил мислењето, или никогаш немал намера да го исполни, а вие сте го сфатиле тоа? Што се случило со довербата по неисполнетото ветување, без оглед на причината? Колку ви значи сознанието дека можете да се потпрете на Божјите ветувања? Или би требало да се запрашате: како да научам да се потпирам на Божјите ветувања?**

**2. На кој начин се наоѓаме во опасност да се расипеме под влијанието на околината во толкава мера што ги губиме од вид важните вистини кои ни ги дал Бог? Како да станеме свесни за овие расипани влијанија и како да им се спротивставиме?**

**РЕЗИМЕ:** Давањето на законот на Синај не го укинало ветувањето кое Бог му го дал на Аврам, ниту пак законот ја променил содржината на заветните ветувања. Законот бил објавен за луѓето да станат свесни за вистинската големина на својата грешност и да ја препознаат својата потреба за Божјите ветувања кои му биле дадени на Аврам и на неговите потомци.

**Поука 7**
**5 - 11 август 2017**

# ПАТОТ КОН ВЕРАТА



**ПРОУЧИ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Галатјаните 3,21-25; 3. Мојсеева 18,5; Римјаните 3,9-19; 1. Коринќаните 9,20; Римјаните 3,1.2; 8,1-4.**

**ЗАПОМНИ ГО СТИХОТ: „Но Писмото сите ги затвори под грев, и врз основа на верата во Исуса Христа ветувањето да им биде дадено на оние, кои веруваат“ (Галатјаните 3,22).**

Гулабите писмоносци се познати по својата способност да летаат стотици километри на ден и да стасаат на своето одредиште со восхитувачка точност. Сепак, дури и најдобрите гулаби писмоносци понекогаш знаат да ја загубат ориентацијата и никогаш да не се вратат во местото од каде што тргнале. Најлошиот таков случај се случил во Англија, кога околу педесет и пет илјади такви птици, вредни околу шестотини илјади долари, никогаш не успеале да се вратат назад во своите гулабарници. Причината за таквата појава сè уште не е разјаснета до ден-денес.

И како што повеќето од нас, на овој или оној начин, искусиле што значи да се изгуби ориентација или да се изгубиме, тоа чувство, секако, не е пријатно. Тоа нè исполнува со страв и загриженост, а може да нè доведе и до моменти на паника.

Истото тоа може да се примени и на духовно поле. Дури и откако ќе го прифатиме Христа, можеме да се изгубиме или да ја изгубиме ориентацијата дури дотаму никогаш повеќе да не се вратиме кај Господа.

Меѓутоа, добрата вест е дека Бог не нè препуштил на самите нас. Тој го обележил патот кој води кон верата каква што е откриена во евангелието, а тој пат го опфаќа и законот. Многумина се трудат да ги раздвојат законот и евангелието, а некои дури сметаат дека тие се меѓусебно спротивни. Но, таквото мислење не само што е погрешно туку има и трагични последици. Без законот, ние не би го имале ни евангелието. Навистина е многу тешко да се разбере евангелието без законот.

## ЗАКОНОТ И ВЕТУВАЊЕТО

**„Дали е Законот противен на Божјите ветувања?“ (Галатјаните 3,21)**

Чувствувајќи дека неговите коментари би можеле да ги наведат неговите противници да заклучат дека тој се однесува со презир кон законот, или дека неговите коментари за предноста на Божјите ветувања пред законот се само прикриен начин на соборување на Мојсеевиот закон и Тората, Павле го поставува токму она прашање кое тие го имале на ум: „Дали ти кажуваш дека законот се спротивставува на Божјите ветувања?“ Павле потоа самиот дава јасен одговор: „Далеку од тоа!“ Нивниот заклучок е невозможен, бидејќи Бог не се спротивставува самиот на себе! Бог го дал и законот и ветувањата. Законот не е во спротиваставен однос со ветувањата. Тие имаат само различни функции и улоги во целокупниот Божји план на спасение.

**Кои погрешни сфаќања за улогата на законот ги негувале Павловите противници? Спореди Галатјаните 3,21; 3. Мојсеева 18,5 и 5. Мојсеева 6,24**

---

Тие луѓе верувале дека законот е во состојба да им даде духовен живот. Тоа нивно мислење веројатно произлегувало од погрешното толкување на старозаветните текстови во 3. Мојсеева 18,5 и 5. Мојсеева 6,24, каде што законот кажува како треба да живеат оние кои се опфатени со Божјиот завет. Законот навистина го уредувал животот во рамките на заветот, но тие заклучиле дека законот претставува извор на човековиот однос кон Бога. Меѓутоа, Библијата е јасна дека способноста за „давање на животот“ е сила која му припаѓа само на Бога и Неговиот Дух (2. Царевите 5,7; Немија 9,6; Јован 5,21; Римјаните 4,17). Законот никого не може духовно да го оживее. Меѓутоа, тоа не значи дека законот се спротивставува на Божјите ветувања.

Трудејќи се да ја докаже неспособноста на законот некому да му дарува живот, Павле го Галатјаните 3,22 напишал: „Но Писмото сите ги затвори под грев, и врз основа на верата во Исуса Христа ветувањето да им биде дадено на оние, кои веруваат“. Во Римјаните 3,9-19 Павле цитира низа стихови од Стариот завет за да покаже колку ние како луѓе сме зли. Редоследот на ваквите стихови не е случаен. Павле започнува со суштината на проблемот на гревот – а тоа е себичното однесување кое го измачува човековото срце – за потоа да премине на стиховите кои ја опишуваат раширеноста на гревот и неговата сеопфатност. Што сака Павле да нагласи? Поради сеопштата рашireност на гревот и ограничувањата на законот, ветувањето за вечниот живот може да допре до нас единствено преку Христовата верност која нам ни се припишува.

**Иако законот не може да нè спаси, кои големи благослови ни ги носи нашата верност кон законот? Со други зборови, какви практични ползувања сте искусиле во својот живот благодарение на тоа што сте послушни на Божјиот закон?**

## „ПОД СТРАЖАТА НА ЗАКОНОТ“

Во Галатјаните 3,23 Павле пишува дека „пред да дојде верата, бевме под стражата на законот“. Кога вели „ние“, Павле мисли на еврејските верници во галатските цркви. Тие го познавале законот, а Павле се обраќа до нив почнувајќи уште од текстот во Галатјаните 2,15. Тоа може да се забележи врз основа на спротивноста меѓу „нас“ во Галатјаните 3,23 и „вас“ во Галатјаните 3,26.

Во Галатјаните 3,23 стои: „пред да дојде верата“; но во грчкиот оригинал стои „пред верата“ да дојде. Бидејќи апостол Павле го споредува местото на законот пред и по Христа (Галатјаните 3,24), „верата“ најверојатно се однесува на нашата вера, а не на христијанската вера воопшто.

**Павле вели дека Евреите биле „под стражата на законот“ пред Христовото доаѓање. Што значи тоа „под законот“? Спореди со Галатјаните 3,22.23; Римјаните 6,14.15; 1. Коринќаните 9,20; Галатјаните 4,4.5.21; 5,18.**

---

---

Павле дванаесет пати во своите посланија се служи со изразот „под законот“.

1. „Под законот“ значи под негова сила или казна (Галатјаните 4,21). Павловите противници во Галатија се обидувале да стекнат животодавна праведност преку послушноста на законот. Меѓутоа, како што Павле веќе објаснил, тоа е невозможно (Галатјаните 3,21.22), бидејќи без Христа не можеме да бидеме послушни на законот. Павле подоцна ќе објасни дека со својата желба да бидат под законот, Галатјаните всушност го отфрлиле Христа (Галатјаните 5,2-4).

2. „Под законот“ во смисла на проклетство на законот (Римјаните 6,14.14). Бидејќи законот не може да донесе помирување за гревот, кршењето на неговите барања конечно доведува до осуда. Тоа е состојба во која се наоѓа целокупниот човечки род. Законот дејствува како стражар во зандана, затворајќи ги сите кои го прекршиле и на тој начин си навлекле смртна пресуда. Како што ќе видиме во утрешниот дел на поуката, употребата на зборот „стражар“ (Галатјаните 3,23) укажува на тоа дека Павле токму тоа сакал да го нагласи со употреба на изразот „под законот“ во овој текст.

Сродниот грчки збор *ennomos*, обично преведена како „под законот“, буквално значи „во рамките на законот“ и се однесува на животот според барањата на законот преку единството со Исуса Христа (1. Кор. 9,21). „Со делата на законот“, односно со обидите законот да се држи независно од Христа, никој не може да се оправда, бидејќи можат да бидат живи само оние кои ќе се оправдаат со вера (Гал. 3,11). Оваа вистина не го укинува законот, таа само покажува дека законот не може да ни даде вечен живот.

## ЗАКОНОТ КАКО НАШ „СТРАЖАР“

Павле наведува два основни заклучоци за законот: (1) законот не го укинува ниту го поништува Божјото ветување дадено на Аврам (Галатјаните 3,15-20); (2) законот не е спротивен на ветувањето (Галатјаните 3,21.22). Тогаш, каква улога има законот? Павле пишува дека бил додаден „заради престапите“ (Галатјаните 3,19), а тогаш ја проширува оваа мисла служејќи се со уште три поими или изрази кои се поврзани со законот: чувани (3,23), затворени (3,23) и воспитувач (3,24).

**Со молитва и мошне внимателно прочитај го текстот во Галатјаните 3,19-24! Што кажува Павле за законот?**

Посовремените преводи ги толкуваат Павловите коментари за законот во Галатјаните 3,19 на потполно негативен начин. Меѓутоа, оригиналниот грчки јазик ни оддалеку не толку едностран. Грчкиот збор преведен како „стража“ (3,23) буквално значи „чува“. Иако може да се употреби во негативна смисла, како, на пример, „да држи во покорност“ или „да стражари над“ (2. Коринќаните 11,32) во Новиот завет таа главно има многу попозитивна смисла како „заштитува“ или „одржува“ (Филипјаните 4,7; 1. Петрово 1,5). Истото се однесува и на зборот преведен како „затвори“ (Галатјаните 3,23). Тој збор може да се преведе како „заклучи“ (1. Мојсеева 20,18), како „зароби“ (2. Мојсеева 14,3; Исус Навин 6,1; Еремија 13,19); како „окружи“ (Лука 5,6) или „ограничи“ (Римјаните 11,32). Како што покажуваат овие примери, во зависност од контекстот, овој збор може да има и негативни и позитивни призвуци.

**Какви благослови им ги осигурал законот, вклучувајќи го моралниот и церемонијалниот, на синовите Израелови? Римјаните 3,1.2; 5. Мојсеева 7,12-24; 3. Мојсеева 18,20-30.**

---

Иако Павле може да проговори за законот со негативни изрази (Римјаните 7,6; Галатјаните 2,19), има и многу позитивни изрази кои тој ги кажува за законот (Римјаните 7,12.14; 8,3.4; 13,8). Законот не бил проклетство кое Бог би го изрекол над Израел; сосема спротивно на тоа, законот требало да им послужи како голем благослов. Иако неговиот жртвен систем не можел целосно да го отстрани гревот, тој укажувал на ветениот Месија кој можел да го направи тоа, додека Неговите закони, кои го насочувале човековото однесување, да го заштитат Израел од бројните зла коишто ги мачеле останатите цивилизации. Во светлината на Павловите позитивни коментари за законот кои ги дал на други места, би било многу погрешно да разбереме дека неговиот коментар е даден во негативна смисла.

**Размисли за некои добри работи кои се злоупотребени. На пример, лековите се дадени да ги отстрануваат болестите, но некој може да ги употреби како дрога. Какви примери на истото ова начело можете да забележите во сопствениот живот? На кој начин сознанието дека нешто што е добро може да биде злоупотребено ни помага да ја разбереме Павловата мисла?**

## ЗАКОНОТ КАКО НАШ СТРАЖАР

**Во Галатјаните 3,23 Павле го опишува законот како сила која нè чува и штити. Со што го споредува во 24 стих, и какво е неговото значење?**

---

---

Зборот преведен како „стражар“ доаѓа од грчкиот збор *paidagogos* (учител, педагог). Некои преводи се служат со називи како што се „редар“, „старател“, па дури и „стражар“, но ниеден од овие зборови не е во состојба сама да го покрие целосното значење на овој збор. *Pedagogos* во римското општество бил роб на кого му бил доверен еден вид надзор над синовите на неговиот господар од времето кога ќе наполнат шест или седум години, па сè до времето кога ќе станат зрели. Освен што морал да се грижи за физичките потреби на своите штитеници, за хигиената, исхраната и облеката, тој морал да ги заштитува од која било друга опасност, водел целосен надзор над нив со цел редовно да одат на училиште и да ги работат своите домашни задачи. Потоа, требало да ги учат на моралните доблести со цел истите да ги покажат во својот секојдневен живот.

Иако некои педагози биле љубезни и омилени меѓу своите штитеници, старата литература претежно ги опишува како строги редари или надзорници. Тие ја осигурувале дисциплината и послушноста не само со остри закани, туку и со камшикување и тепање.

Павловиот опис на законот како педагог понатаму го разјаснува неговото разбирање на улогата на законот. Тој бил даден да укаже на гревот и да обезбеди поука. Самата природа на оваа задача значела дека законот има и свои негативни страни со тоа што нè опоменува и осудува како грешници. Сепак, и таквиот негативен аспект Бог го употребува за наше добро, бидејќи осудата на законот нè упатува на Христа. Според тоа, законот и евангелието се наоѓаат во хармонија. Бог одредил заедно да работат на нашето спасение.

„Во текстот во Галатјаните 3,24 Светото писмо преку апостолот зборува за моралниот закон. Законот ни го открива гревот и нè наведува да ја почувствуваме нашата потреба за Христа и да прибегнеме кај Него барајќи проштавање и мир, покажувајќи покајание пред Бога и вера во Исуса Христа“ (Елена Вајт, *Selected Messages,* 1. книга, стр. 234).

**Кога последен пат сте ги спoредиле своите постапки, зборови и мисли со законот? Сторете го тоа токму сега, споредувајќи ги не само со словото на законот, туку и со духот на законот (Матеј 5,28; Римјаните 7,6). Каков е резултатот? Што ви кажува вашиот одговор за она што го нагласува Павле во ова послание?**

## ЗАКОНОТ И ВЕРНИКОТ

Мнозина ги толкувале Павловите коментари во Галатјаните 3,25 како целосно отфрлање на законот. Меѓутоа, таквата оценка има многу малку смисла во светлината на Павловите позитивни коментари за законот кој ги дал на другите места во Библијата. Што сакал да каже?

Прво, ние не сме повеќе под проклетството на законот (Рим. 8,3). Како верници, ние сме во Христа и ја уживаме предноста да бидеме под благодатта (Рим. 6,14.15). Тоа ни дава слобода со цело срце да му служиме на Господа, без страв да бидеме под проклетство поради грешките што ги правиме во текот на тој процес. Тоа е вистинската слобода во евангелието, која радикално се разликува од тоа да му бидеме послушни единствено на законот – претставена од некои луѓе како „слобода“ во Христа. Но, непослушноста на законот, наместо тоа, претставува грев, а гревот претставува сè друго само не слобода (Јован 8,34).

**Што значи повеќе да не бидеме под осудата на законот? На кој начин оваа прекрасна вистина влијае на нашиот начин на живот? Римјаните 8,1-3.**

___

___

Како последица на фактот дека преку Христа сме добиле проштавање, се менува и нашиот однос кон законот. Ние сега сме повикани да живееме таков живот кој ќе му биде угоден на Бога (1. Солуњаните 5,18); Павле зборува за таа состојба како „одење според Духот“ (Галатјаните 5,18). Тоа не значи дека моралниот закон повеќе не е употреблив – тоа никогаш не било проблем. Како би можел да биде кога толку јасно сме согледале дека моралниот закон го дефинира гревот и дека истиот тој закон е запишан во нашето срце?

Бидејќи законот е препис на Божјиот карактер, слушајќи го законот ние едноставно го одразуваме и Неговиот карактер. Но, и многу повеќе од тоа, ние не следиме низа правила, туку примерот на Исуса Христа кој го направил за нас тоа што законот никогаш не би можел да го стори; Тој го напишал законот на ѕидовите на нашето срце (Евреите 8,10) и овозможил праведните барања на законот целосно да се исполнат во нас (Римјаните 8,4). Тоа значи, преку нашиот меѓусебен однос со Христа ние сме добиле сила да му бидеме послушни на законот како никогаш пред тоа.

**Прочитај го текстот во Римјаните 8,4! За што зборува Павле овде? На кој начин ова ветување се покажало во вашиот живот? Во исто време, наспроти сите позитивни промени што сте ги доживеале, зошто спасението секогаш мора да биде втемелено на она што Христос го прави за нас, а не на она што ние самите сме го сториле за себе?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Ме прашаа за законот во Посланието до Галатјаните: кој закон е учител кој треба да нè доведе кај Исуса? Јас одговарам: двата, и церемонијалниот и моралниот закон, односно десетте заповеди.

Христос бил темел на целокупното еврејско уредување. Смртта на Авел била последица на Каиновото одбивање да го прифати Божјиот план во школата на послушноста, за да биде спасен со крвта на Исуса Христа која симболички била претставена со жртвениот принос кој укажувал на Христа. Каин одбил да пролее крв која симболички укажувала на крвта на Исуса која ќе биде пролеана за целиот свет. Целата оваа церемонија ја подготвил самиот Бог, а Христос станал темел на целиот систем. Тоа бил почеток на Неговото дејствување како учител со цел да ги доведе грешните човечки суштества до тоа да го разберат фактот дека единствено Христос е темелот на целокупното човечко уредување.

Сите кои ја извршувале службата поврзана со светилиштето добивале постојани поуки за Христовата интервенција во полза на човековиот род. Таа служба била одредена со цел во секое срце да ја разгори љубовта кон Божјиот закон, кој претставува и закон на Неговото царство“ (Елена Вајт, *Selected Messages,* 1. книга, стр. 233).

„Законот на десетте заповеди не треба да се набљудува како закон кој забранува, туку како закон кој нуди милост. Неговите забрани се сигурна гаранција за среќа во послушноста. Кога ќе го прифатиме во Христа, тој во нас изградува чистота на карактерот која ќе ни донесе голема радост во вечните времиња. За послушните тој претставува заштитен ѕид“ (Елена Вајт, *Selected Messages,* 1. книга, стр. 235).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Ние често се бориме со прашањето како да го победиме гревот во својот живот? Кои ветувања за победа ги наоѓаме запишани во Библијата? На кој начин да се поставиме за да помогнеме ваквите ветувања да се остварат во нашиот живот? Во исто време, зошто мораме да бидеме мошне внимателни нашите надежи во спасението да не ги темелиме на нашите победи туку на победите коишто Христос ги постигнал за нас?**

**2. Често пати ги слушаме христијаните како тврдат дека законот е укинат. Истите тие христијани потоа огнено ќе зборуваат против гревот што, се разбира, укажува на фактот дека тие не мислат дека законот е навистина укинат. Што тогаш навистина мислат кога ќе кажат дека законот е укинат? Напомена: За која заповед обично станува збор кога почнуваат да тврдат дека законот е укинат?**

**РЕЗИМЕ:** Законот е прогласен за да им укаже на грешниците на нивната потреба за Спасителот, Исус Христос. Како чувар и педагог тој ни дава поуки за Бога и ни обезбедува целосна заштита од злото. Но, како стражар, укажува и на нашата грешност и прогласува осуда. Христос нè ослободува од осудата на законот и го запишува својот закон во нашето срце.

**Поука 8**
**12 - 18 август 2017**

# ОД РОБОВИ ДО НАСЛЕДНИЦИ



**ПРОЧИТАЈ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Галатјаните 3,26 – 4,20; Римјаните 6,1-11; Евреите 2,14-18; 4,14.15; Римјаните 9,4.**

**ЗАПОМНИ ГО СТИХОТ: „Затоа не си повеќе роб, туку син; а ако си син, тогаш си и наследник на Бога преку Христа“ (Галатјаните 4,7).**

Павле им кажува на Галатјаните дека повеќе не треба да живеат и да работат како робови, туку како Божји синови и ќерки, со сите права и предности кои ги носи со себе таквото звање. Нивната положба во многу нешта наликува на положбата на обесхрабрениот кинески новообратен христијанин кој дошол да поразговара со својот кинески брат во Христа:

„Колку и да се молам, колку и да се трудам, никако не ми изгледа дека сум му доволно верен на својот Господ! Сè ми се чини дека го губам моето спасение!“ Братот Ни му одговорил: „Дали го гледаш она куче? Тоа е моето куче. Обучено е да се однесува пристојно кога е дома. Никогаш не прави неред. Многу е послушно и е вистинско уживање да имате такво куче дома. Меѓутоа, во кујната се наоѓа мојот син кој е сè уште многу мал. Постојано прави хаос, ја расфрла храната наоколу и ја валка својата облека. Но, кој ќе го наследи мојот имот? Моето куче сигурно нема, бидејќи синот е мојот наследник! Ти си наследник на Исуса Христа, бидејќи Тој умрел за тебе!“ (L. Nicholes, *Hebrews: Patterns for Living,* стр. 31).

И ние сме Божји наследници, не поради нашите заслуги, туку поради Неговата благодат. Во Христа имаме многу повеќе отколку што сме имале пред Адамовиот грев; тоа е нешто што Павле очајнички се обидува да им го објасни на Галатските верници, кои скоро се одвратиле од христијанскиот пат.

## НАШАТА ПОЛОЖБА ПРЕД ХРИСТА (ГАЛАТЈАНИТЕ 3,26-29)

**Имајќи го на ум текстот во Галатјаните 3,25 прочитајте го текстот во Галатјаните 3,26! Како овој текст може да ни помогне да го разбереме нашиот однос кон законот, сега кога сме откупени во Христа?**

---

Зборот „зашто“ во почетокот на 26. стих укажува на тоа дека Павле гледа непосредна врска помеѓу овој и претходниот стих. На ист начин како што синот на господарот бил под надзор на педагогот додека бил малолетник, исто така, кажува Павле, и оние кои со вера доаѓаат кај Христа не се повеќе малолетници; нивниот однос кон законот се променил затоа што сега се пораснати Божји „синови“.

Поимот „син“ во овој стих сигурно не се однесува само на машкиот род; Павле јасно го вклучува и женскиот род во оваа категорија (Галатјаните 3,28). Причината поради која се служи со поимот син наместо со поимот деца, секако, треба да се припише на фактот дека Павле зборува за семејното наследство кое преминувало на машките наследници. Меѓутоа, и старозаветната традиција Израелците ги сместува меѓу „синовите Божји“ (5. Мојсеева 14,1; Осија 11,1). Во Христа, сега и незнабошците уживале посебен синовски однос кон Бога, кој некогаш бил резервиран само за Израелците.

**Што го прави крштавањето толку важен чин? Галатјаните 3,27.28; Римјаните 6,1-11; 1. Петрово 3,21.**

---

Павловата употреба на зборот „зашто“ во 27 стих укажува на уште еден логички развој на неговото докажување. Павле крштавањето го смета за радикална одлука со цел човекот да го соедини својот живот со Христовиот. Во Римјаните 6, симболички го опишува крштавањето како наше соединување со Христа, и во Неговата смрт и во Неговото воскресение. Во Галатјаните, Павле се служи со поинаква матафора: крштавањето е дело на облекување со Христа. Павловата терминологија потсетува на прекрасните текстови во Стариот завет кои зборуваат за облекувањето во праведност и спасение (Исаија 61,10; За Јов 29,14). „Павле го набљудува крштавањето како момент кога Христос, слично на облеката, го наметнува верникот со себе. Иако не се служи со овој термин, Павле на овој начин ја опишува праведноста која му се засметува на верникот“ (F. Matera, *Galatians,* 145). Нашето единство со Христа, симболички претставено со крштавањето, значи дека она што е вистина за Христа, преставува вистина и за нас. Бидејќи Христос е „семето“ Аврамово, како „сонаследници Христови“ (Рим. 8,17) и верниците се наследници на сите заветни ветувања кои му биле упатени на Аврам и неговите наследници.

**Размислете за фактот дека она што е вистина за Христос претставува вистина и за нас. На кој начин оваа восхитувачка вистина мора да влијае на секое подрачје од нашиот живот?**

## ЗАРОБЕНИЦИ НА ОСНОВНИТЕ НАЧЕЛА

Споредувајќи го нашиот однос кон Бога со односот на синовите и наследниците, Павле ја разработува оваа метафора вклучувајќи ја и тематиката за наследството во Галатјаните 4,1-3. Павловата терминологија упатува на ситуацијата во која некој сопственик на голем имот умрел, оставајќи му го целото наследство на најстариот син. Меѓутоа, неговиот син е сè уште малолетник. И како што се случува многу често со тестаментите дури и во денешно време, тестаментот одредува дека синот ќе биде под старателство сè додека не стане полнолетен. Иако има право на сопственост над целиот имот, тој, како малолетник, се наоѓа во малку подобра положба од робовите.

Павловата аналогија е слична на онаа со педагогот во Галатјаните 3,24, само што во овој случај власта на повереникот и управителот е далеку понадмоќна и поважна. Тие се одговорни не само за воспитувањето на синот на сопственикот, туку и за сите финансиски и управувачки дејности, сè додека синот не стане доволно зрел за да ги преземе тие должности.

**Што нагласува Павле во Галатјаните 4,1-3, што е тоа што треба да ни помогне да ја сфатиме улогата која треба ја има законот во нашиот живот, дури и сега кога сме во Христа?**

---

Останува нејасно што подразбира Павле под поимот „првобитните учења на светот“ (Галатјаните 4,3) или „основните начела“ како што гласат во други преводи. Грчкиот збор *stoicheia* значи „елементи“. Некои во нив виделе опис на основните елементи од кои се состои вселената (2. Петрово 3,10.12), или демонските сили кои управуваат со ова зло време (Кол. 2,15); или основните начела на верскиот живот, азбуката на религијата (Евреите 5,12). Павловото нагласување на малолетничката положба на човековиот род пред Христовото доаѓање (Галатјаните 4,1-3) навестува дека на ова место тој сепак зборува за основните начела на верскиот живот. Ако е така, Павле вели дека старозаветниот период, со своите закони и жртви, бил само евангелски буквар кој ги опишува основите на спасението. Според тоа, колку и да биле важни и поучни церемонијалните закони за Израел, тие сепак биле само сенка на она што требало да дојде. Никогаш не постоела намера тие да го заземат Христовото место.

Да се прилагодува животот кон овие начела наместо кон Христа е слично на желбата да се вратиме во некој постар временски период. Галатјаните да се вратат на овие основни елементи, откако Христос веќе дошол, тоа би било како возрасниот син од Павловата аналогија да посака повторно да стане малолетник.

**Иако детската вера може да биде позитивна (Матеј 18,3), дали таа може да се изедначи со духовна зрелост? Или можеби ќе речете дека вашата вера ќе стане сè послична на детската паралелно со вашето духовно растење? Колку е детска и „простодушна“ и полна со доверба вашата вера?**

## „БОГ ГО ИСПРАТИ СВОЈОТ СИН“ (ГАЛАТЈАНИТЕ 4,4)

**„А кога се исполни времето, Бог го испрати Својот Син, роден од жена, роден под Законот“ (Галатјаните 4,4)**

Павловиот избор на зборот „исполни“ укажува на Божјата активна улога во остварувањето на Неговата намера во човековата историја. Исус не дошол во кое било време; Тој дошол во време кое било точно одредено во Божјиот план. Од историска перспектива, тоа време е познато како Pax Romana - римски мир, период од двестотини години релативен мир и стабилност во целата Римска империја. Римското освојување на средоземниот простор донело мир, заеднички јазик, удобни превозни средства за патувања и заедничка култура која овозможила брзо ширење на евангелието. Од библиска перспектива, тоа било време кое Бог однапред го одредил како време во кое Месија треба да дојде (Даниел 9,24-27).

**Зошто Христос морал да земе човечка природа за да нè откупи? Јован 1,14; Галатјаните 4,4.5; Римјаните 8,3.4; 2. Коринќаните 5,21; Филипјаните 2,5-8; Евреите 2,14-18; 4,14.15.**

______________________________________________________________

Текстот во Галатјаните 4,4.5 содржи еден од најсодржајните извештаи за евангелието во Библијата. Исусовото влегување во човечката историја не било случајно. „Бог го прати својот Син“. Со други зборови, Бог презел чекори за да нè спаси.

Она што е содржано во овие зборови претставува темелно христијанско верување за Христовото вечно божество (Јован 1,1-3.18; Филипјаните 2,5-9; Колошаните 1,15-17). Бог не пратил небесен гласник, туку самиот Тој дошол кај нас!

Иако бил божествен прапостоечки Син Божји, Исус сепак бил и „роден од жена“. Иако Неговото натприродно зачнување овде е само навестено, многу попрецизно е потврдена Неговата вистинска припадност на човечкиот род. Изразот „покорен на законот“ укажува не само на Исусовото еврејско потекло, туку го вклучува и фактот дека Тој го носел и нашето проклетство и дека бил роден да умре за нашите гревови.

Било неопходно Христос да ја прифати нашата човечка природа, бидејќи самите ние не сме биле во состојба да се спасиме. Соединувајќи ја својата божествена природа со нашата грешна човечка природа, Христос законски се квалификувал да биде наш Заменик, Спасител и Првосвештеник. Како втор Адам, Тој дошол повторно да побара сè што изгубил првиот Адам со својата непослушност (Римјаните 5,12-21). Со својата послушност совршено ги исполнил сите барања на законот, искупувајќи го на тој начин трагичниот Адамов престап. Со својата смрт на крстот, Тој ја задоволил правдата според законот, која барала смрт за престапникот и на тој начин стекнал право да ги откупи сите кои доаѓаат кај Него во вистинска вера и целосно предавање.

## ПРЕДНОСТИ НА ПОСИНУВАЊЕТО (ГАЛАТЈАНИТЕ 4,5-7)

Во Галатјаните 4,5-7 Павле ја проширува истата тема, нагласувајќи дека Христос сега ги откупил оние кои се „под законот“ (Галатјаните 4,4.5). Зборот откупи значи „повторно да се купи“. Зборот се однесува на цената која е платена за да се купи слободата на заробеникот или робот. Како што покажува контекстот, откупувањето подразбира негативна заднина: личноста има потреба да биде ослободена.

Тогаш, од што треба да бидеме ослободени? Новиот завет претставува четири причини, меѓу останатите: (1)ослободени од ѓаволот и неговите лукавства (Евреите 2,14.14); (2) ослободени од смртта (1. Коринќаните 15,56.57); (3)ослободени од силата на гревот која нè заробува преку нашата грешна природа (Римјаните 6,22); (4) ослободени од проклетството на законот (Римјаните 3,19-24; Галатјаните 3,13; 4,5).

**Која позитивна цел ја постигнал Христос за нас преку откупувањето кое го имаме во Него? Гал. 4,5-7; Ефес. 1,5; Рим. 8,15.16.23; 9,4.5.**

---

Ние често го нарекуваме „спасение“ она што Христос го постигнал за нас. Иако овој збор е добар, тој ни оддалеку толку содржајна како единствениот начин на кој се служи Павле за да ги објасни термините „посинување“ и „посвојување“ (*huiothesia*). Иако Павле е единствениот новозаветен автор кој се служи со овој поим, посвојувањето било добро позната законска работа во римско-грчкиот свет. Неколку римски императори се послужиле со посвојувањето за да си изберат наследник, кога самите тие немале свое потомство. Посвојувањето носело со себе неколку предности: „(1) посвоениот син станува вистински... на својот посвоител (2) посвоителот се обврзува правилно да го воспитува посвоеникот, да му ја осигура неопходната храна и облека; (3) посвоителот не можел да се откаже од својот посвоеник; (4) детето не можело да биде претворено во роб; (5) природните родители на детето немале право повторно да го бараат назад; (6) посвојувањето воспоставувало право на наследство“ (D. Moore-Crispin, *Galatians 4,1-9: The Use and Misuse od Parallels, стр*. 216).

Ако такви права се даваат на земно ниво, замислете колкави ли се само предностите што ги добиваме како Божји посвоени деца!

**Прочитај го текстот во Галатјаните 4,6 имајќи на ум дека арамејскиот збор „аба“ бил омилен израз на љубов со кој децата му се обраќале на својот татко. Исус се послужил со овој збор во молитвата (Марко 14,36), и како Божји деца и ние имаме предност Бога да го нарекуваме со ова име. Дали уживаш во таквата блиска врска со Бога во својот живот? Ако не, во што е проблемот? Што можеш да сториш за да дојде до позитивна промена во твојот однос со Бога?**

## ЗОШТО ДА МУ ГО СВРТИМЕ ГРБОТ НА РОБУВАЊЕТО? (ГАЛ. 4,8-20)

**Прочитај го текстот во Галатјаните 4,8-20! Што ни кажува Павле во овој текст? Колку сериозно ја сфаќал појавата на лажни учења меѓу Галатјаните?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Павле не ја објаснил точната природа на верските обичаи на Галатјаните, но го имал на ум лажниот систем на богослужение кој доведувал до религиско робување. Навистина, таа состојба ја сметал за толку многу опасна и разорна, што им напишал огнено писмо опоменувајќи ги дека она што го прават е слично на претворувањето на синот во роб.

**Иако не се впуштал во подробности, сепак, што им рекол Павле на Галатјаните кои го правеле она што тој сметал дека е неприфатливо? Галатјаните 4,9-11.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Многумина Павловите зборови за „деновите, и месеците, и времињата, и годините“ (Галатјаните 4,10) ги сметале како приговор не само против церемонијалните закони, туку и против седмичната сабота. Таквото толкување зад себе нема никакви докази кои го потврдуваат. Првенствено, ако Павле навистина сакал да ја издвои саботата и другите посебни еврејски обичаи, лесно можел да ги именува. Второ, Павле објаснува дека, независно од тоа што прават Галатјаните, токму тоа ги води, од слободата што ја уживаат во Христа, во ропство. „Ако почитувањето на седмиот ден, саботата, ги довело во ропска положба, тогаш и самиот Создател влегол во ропски однос кога ја празнувал првата сабота по создавањето“ (*The SDA Bible Commentary,* 6. книга, стр. 967). Според тоа, зошто Исус би ја празнувал саботата и би ги учел и другите да ја празнуваат, ако нејзиното правилно светкување на кој било начин ги лишувало луѓето од слободата која ја имаат во Него? (Марко 2,27.28; Лука 13,10-16)

**Дали во нашата црква има некои обичаи кои ја загрозуваат слободата која ја имаме во Христа? Или, доколку самите обичаи не се проблематични, дали е проблематичен нашиот однос кон тие обичаи? На кој начин погрешното држење може да нè наведе на еден вид робување, за кое Павле толку описно ги предупредувал Галатјаните?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Во небесниот совет, пронајдена е можност човекот, иако престапник, да не пропадне во својата непослушност, туку со вера во Христа како наш посредник и залог, да може да стане Божји избраник, предодреден да биде усвоен од Христа во согласност угодноста на својата волја. Бог сака сите луѓе да се спасат, бидејќи давањето на единородниот Син кој ќе плати откупнина за човекот, обезбедил широка можност за тоа. Оние кои ќе пропаднат, ќе пропаднат затоа што одбиваат да бидат посвоени како Божји деца преку Исуса Христа. Човековата надменост го спречува да ја прифати можноста за спасение. Меѓутоа, човечките заслуги нема да ѝ овозможат на душата да се најде во Божјата присутност. Она што го прави човекот прифатлив пред Бога, е засметаната Христова благодат со вера во Неговото име. Никој не смее да се потпре на своите дела или на радосниот полет на чувствата како доказ дека човекот станал Божји избраник, бидејќи избраните стануваат избрани само преку Христа“ (Елена Вајт, „*Chosen in Christ*“, Sign of the Times, 2. јануари 1893).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислете малку повеќе за тоа што значи а што не значи да се биде како дете во своето одење со Господа? Кои аспекти на однесувањето на детето треба да ги прифатиме во поглед на нашата вера и односот кон Господа? Во исто време, на кој начин би можеле да отидеме во крајност при применувањето на оваа мисла?**

**2. Што е тоа во човечките суштества што толку ги плаши кога станува збор за благодатта и спасението само преку вера? Зошто некои луѓе упорно се обидуваат да го заработат своето спасение со сопствените дела?**

**3. Како класа, разговарајте за последното прашање во отсекот за четврток! На кој начин и ние можеме да бидеме заробени со идеите од кои би требало веќе да бидеме ослободени? Како може и тебе да ти се случи тоа, и како можеш да препознаеш дека ти се случило? Како можеш конечно да се ослободиш од ваквите мисли?**

**РЕЗИМЕ:** Во Христа сме посвоени во Божјето семејство како Негови синови и ќерки. Како Божји деца, имаме пристап кон сите права и предности што ни ги овозможува тој семеен статус. Меѓутоа, не е разумно нашето однесување кон Бога да се темели само на правилата и прописите. Тоа би било како синот да сака да се откаже од својата положба и од наследството за да стане роб.

**Поука 9**
**19 - 25 август 2017**

# ПАВЛОВИОТ ПАСТИРСКИ ПОВИК



**ПРОЧИТАЈ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Галатјаните 4,12-20; 1. Коринќаните 11,1; Филипјаните 3,17; 1. Коринќаните 9,19-23; 2. Коринќаните 4,7-12.**

**ЗАПОМНИ ГО СТИХОТ: „Бидете каков што сум јас, зашто и јас сум како вас!“ (Галатјаните 4,12)**

Како што видовме досега, Павле не штедел на зборови кога им се обраќал на Галатјаните. Меѓутоа, неговите строги изрази едноставно изразувале вдахновен копнеж, кој тој го чувствувал, за црквата што ја основал духовно да напредува и да јакне. Освен клучните теолошки прашања со кои се занимава, посланието до Галатјаните во поширока смисла јасно покажува колку е важна правилната доктрина. Кога она што го веруваме не би било толку важно, зошто Павле би бил толку загрижен и бескомпромисен во своето писмо? Се разбира, вистина е дека она што го веруваме и она што го правиме е мошне важно, особено во рамките на целокупниот предмет на евангелието.

Во Галатјаните 4,12-20 Павле продолжува со своето излагање, иако го менува својот пристап, барем донекаде. Павле предложил неколку исцрпни и теолошки разработени докази со цел да ги осведочи Галатјаните дека грешат, но сега им упатува личен, пастирски повик. За разлика од лажните учители кои не биле вистински заинтересирани за Галатјаните, Павле покажува вистинска грижа, надеж и љубов на еден добар пастир кон заскитаното стадо. Тој не само што ја исправувал нивната теологија, туку се трудел да им служи на оние кои ги сакал.

## ПАВЛОВОТО СРЦЕ

**Прочитај го текстот во Галатјаните 4,12-20! Што сака Павле да постигне со овие зборови?**

---

Првичното навестување на грижата која го оптоварувало Павловото срце е неговиот личен повик во 12. стих. Повикот се упатува непосредно по Павловото барање Галатјаните да станат „како него“. Важноста на изразот „ве молам“, „ве преколнувам“, не е совршено изразена во некои преводи. Овој збор на грчки гласи *deomai.* Иако навистина може да се преведе со зборовите „ве повикувам“, таа во оригиналот содржи силен израз на очај кој е поврзан со тој збор (2. Коринќаните 5,20; 8,4; 10,2). Павле навистина со овие зборови сакал да каже „ве преколнувам“!

Павловата грижа едноставно не била предизвикана од теолошки идеи или доктринални гледишта. Неговото срце било поврзано со животот на луѓето кои со својата служба ги довел кај Христа. Тој се сметал себеси и повеќе од нивни пријател; тој бил нивни духовен татко, а тие негови деца. Дури и повеќе од тоа, Павле ја споредува својата грижа за Галатјаните со загриженоста и стравот што ја обзема мајката кога го раѓа своето дете (Гал. 4,19). Павле мислел дека неговиот претходен „труд“ бил доволен за нивното „безбедно раѓање“ кога ја основал црквата. Меѓутоа, сега, кога Галатјаните скршнале од патот на вистината, Павле повторно чувствува родилни маки во своите намери да ја осигура нивната благосостојба.

**Каква цел имал Павле на ум за Галатјаните? Какви резултати од својата работа сакал да види од сиот свој „труд“ што го вложил околу нив? Гал. 4,19.**

---

Опишувајќи ги најпрвин Галатјаните како новороденчиња, како штотуку родени бебиња, Павле сега им зборува како и самите тие да се идни мајки. Поимот кој е преведен со зборот „раѓа“ во оригиналот гласи „обликува“ и се употребува во медицината за да го означи развојот на ембрионот. Преку оваа метафора Павле опишува што значи да се биде христијанин, и поединечно и како црковна заедница. Да се биде Христов следбеник значи многу повеќе отколкук само да се исповеда верата; тоа опфаќа радикално преобразување во Христовиот лик. Павле од Галатјаните „не барал само неколку помали промени туку такво преобразување, што, оние кои ги гледаат нив, всушност го гледаат Христа“ (Л. Морис, *Galatians,* стр. 142).

**На кој начин Христовиот карактер се покажува во твојот живот? На кои подрачја имаш уште многу простор за растење?**

# ПРЕДИЗВИК ДА СТАНАТ КАКО НЕГО

**Прочитај ги текстовите во 1. Кор. 11,1; 1. Фил. 3,17; 2. Сол. 3,7-9, Дела 26,28. 29! Што нагласува Павле во овие текстови, а на некој начин повторно го повторува и во Галатјаните 4,12? Како да ги сфатиме неговите зборови?**

---

Неколку пати во своите посланија Павле ги повикува христијаните да го следат неговиот пример и да се поведуваат според неговото однесување. Во секој од овие случаи, Павле се поставува себеси како авторитативен пример кој верниците треба да го следат. Во 2. Солуњаните 3,7-9 Павле се нуди себеси како пример за тоа на кој начин солунските верници треба да работат за да стекнат средства за живот и повеќе никогаш да не бидат на товар на некој друг. Во 1. Коринќаните 11,1 Павле ги повикува Коринќаните да го имитираат во тоа што интересите на другите ќе ги стават на прво место. Сепак, изгледа дека Павловата грижа во Посланието до Галатјаните е малку поинаква.

Во Галатјаните 4,12 Павле не ги повикува Галатјаните да го имитираат, наместо тоа, од нив бара да бидат како него – зборува за тоа да бидат, а не да прават. Зошто? Неволјата во Галатија не била неетичкото однесување или некој безбожен начин на живот, како во црквата во Коринт. Проблемот во Галатија бил втемелен во самата суштина на христијанството. Се работело за тоа „да се биде“, а не „да се однесува“. Павле не им зборувал: однесувајте се како што се однесувам јас, туку *бидете* како мене! Истата терминологија од Галатјаните 4,12 се појавува во Павловиот повик до Ирод Агрипа II во Дела 26,29, каде што Павле вели: „Би Го молел Бога, со малку или со многу, не само ти, туку и сите, кои ме слушаат денес, да станете такви каков што сум јас, освен овие окови“. Со други зборови, Павле зборува за своето искуство како христијанин, искуство чиј темел се наоѓа единствено во Христа, вера која се потпира на она што Христос го направил за него, а не на сопствените дела на законот. Галатјаните давале поголемо значење на своето однесување, отколку на својот идентитет во Христа.

Иако Павле не кажува точно како сака Галатјаните да станат како него, контекстот на состојбата опишан во Галатјаните укажува на тоа дека не се работи за секој аспект од неговиот живот. Бидејќи неговата грижа била сосредоточена против легалистичката религија на Галатјаните, Павле сигурно ја имал предвид прекрасната љубов, радоста, слободата и сигурност во спасението кое самиот го пронашол во Исуса Христа. Во светлината на прекрасниот пример на Исуса Христа, Павле научил да смета дека сѐ друго е „загуба“ (Филипјаните 3,5-9) – копнеел и самите Галатјани да го стекнат истото искуство.

**Познаваш ли некој – освен Христа – кој може да ти биде добар пример? Ако е така, кои особини или доблести на таа личност се добар пример за тебе, и на кој начин и ти можеш да ги покажеш во твојот живот?**

## „И ЈАС СТАНАВ КАКО ВАС!“

**Прочитајте го текстот во 1. Коринќаните 9,19-23! Што ни кажува Павле во овие стихови, а може да ни помогне подобро да ги сфатиме неговите зборови во последниот дел на текстот во Галатјаните 4,12? (Види: Дела 17,16-34; 1. Коринќаните 8,8-13; Галатјаните 2,11-14).**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Текстот во Галатјаните 4,12 може малку да нѐ збуни. Зошто Галатјаните би требало да станат слични на Павле, кога тој веќе станал сличен на нив?

Како што видовме и во вчерашниот дел на поуката, Павле сакал тие да станат слични на него во неговата вера и доверба во вистината дека Христос ни е сосем доволен за нашето спасение. Неговиот коментар дека станал како нив бил само потсетување дека тој, иако Евреин, станал како „незнабожец без законот“, за да може со евангелието ги досегне незнабошците меѓу нив. Како голем мисионер меѓу незнабошците, Павле научил како да им го проповеда евангелието и на Евреите и на незнабошците. Всушност, според текстот во 1. Коринќаните 9,19-23, иако евангелието останува исто, Павловиот метод на проповедање се менува зависно од народот на кој сака да му проповеда.

„Павле бил пионер во она што денеска го нарекуваме контекстуализација, потреба евангелието да се објавува на таков начин што целосно ќе се прилагоди на особеностите на народот до кој е упатено“ (T. George, *The New American Commentary: Galatians,* стр. 321).

Павловиот личен коментар во 1. Коринќаните 9,21 укажува на тоа дека тој верува дека постојат граници до кои може да се оди во контекстуализацијата на евангелието. На пример, тој споменува дека човекот, иако има право на различен начин да им го проповеда евангелието и на Евреите и на незнабошците, нема слобода да живее беззаконички начин на живот, бидејќи христијаните се наоѓаат под „законот Христов“.

Иако контекстуализацијата не е секогаш лесна, „онолку колку што сме во можност да го раздвоиме срцето на евангелието од неговата културна рамка и да ја контекстуализираме Христовата порака без да ја изневериме неговата содржина, и ние треба да станеме Павлови имитатори“ (Т. Џорџ, *Galatians,* стр. 321.322).

**Толку е лесно да се прават компромиси, зар не? Понекогаш, колку подолго некој е христијанин, толку полесно прави компромиси. Зошто е тоа така? Погледнете се сами себе, и тоа вистински! Во колкава мера компромисите се вовлекле во вашиот живот и на кој начин сте се обидувале да ги оправдате своите постапки? На кој начин можеш да се вратиш на вистинскиот пат во подрачјата на кои ти е најпотребно?**

## ТОГАШ И СЕГА

Павловиот однос со верниците во Галатија не бил секогаш толку студен и тежок како што станал сега. Всушност, сеќавајќи се на времето кога прв пат проповедал во Галатија, Павле одушевено зборува за тоа колку добро го примиле. Меѓутоа, што се случило во меѓувреме?

**Кој настан го навел Павле да го проповеда евангелието во Галатија? Галатјаните 4,13.**

---

Очигледно дека Павле првобитно немал намера да го проповеда евангелието во Галатија. Меѓутоа, некаква болест го нападнала во текот на патувањето и го принудила или да остане во Галатија подолго од предвиденото или да оптатува во Галатија за потполно да закрепне. Природата на неговата болест е обвиена со тајна. Некои сметале дека добил маларија; други (врз основа на Павловата примедба дека Галатјаните биле подготвени да ги жртвуваат своите очи и да му ги дадат на Павле) мислеле дека се работи за некоја очна болест. Неговата болест можела да биде поврзана и со „трнот во телото“ кој се споменува во 2. Коринќаните 12,7-9.

Од што и да боледувал Павле, самиот вели дека тоа станало толку непријатно што станало проба за самите Галати. Во светот во кој болеста се сметала како знак на Божјето незадоволство (Јован 9,1.2; Лука 13,1-4), Павловата болест можела лесно да им послужи на Галатјаните како оправдување да го отфрлат и него и неговата порака. Меѓутоа, тие многу срдечно го дочекале Павле. Зошто? Затоа што нивните срца биле загреани со неговото проповедање на крстот (Галатјаните 3,1) и со осведочувањето кое им го дал Светиот Дух. Кои причини сега можеле да ги наведат за да го променат своето однесување?

**Кои причините би можел да ги има Бог што дозволил Павле да страда? Како можел Павле да им служи на другите иако се борел со еден ваков проблем? Римјаните 8,28; 2. Коринќаните 4,7-12; 12,7-10.**

---

Каква и да била Павловата болест, секако дека била сериозна и можела да му послужи како изговор за да го обвини Бога или едноставно да престане да го проповеда евангелието. Павле не го направил ниту едното ниту другото. Наместо да дозволи болеста да го кутне и оневозможи во работата, Павле ја искористил можноста уште еднаш целосно да се потпре на Божјата благодат. „Многу пати Бог ги користел тешките моменти во животот, како болест, прогонство, сиромаштија, па дури и природни катастрофи и неразјаснети трагедии како можност да ја покаже својата милост и благодат како средство за унапредување на евангелието“ (Т. Џорџ, *Galatians,* стр. 323.324).

**На кој начин би можел да научиш во неволјите и страдањата подобро да го запознаеш Господа? Какви други можности пружаат неволјите и страдањата?**

## ДА СЕ ЗБОРУВА ВИСТИНАТА

**Прочитајте ги текстовите во Галатјаните 4,16! Што нагласува Павле овде? На кој начин и ти си доживеал нешто слично? Види Јован 3,19; Матеј 26, 64.65; Еремија 36, 17-23!**

---

Изразот „ја зборувам вистината“ често има негативен призвук, особено во денешно време, кога може да се толкува како некоректно, безобѕирно, нељубезно и непосакувано изнесување на вистинити податоци. Кога не би биле Павловите коментари во Галатјаните 4,12-20 и други расеани низ целото послание (види: Галатјаните 6,9.10), некој би можел погрешно да заклучи дека заинтересираноста за вистината на евангелието го спречила Павле да ја изрази својата љубов кон Галатјаните. Меѓутоа, како што видовме, иако Павле бил заинтересиран Галатјаните да ја запознаат вистината на евангелието (види Галатјаните 2,5.14), таа заинтересираност била втемелена на неговата љубов кон нив. Кој досега не искусил колку е болно и непријатно кога некому морате да му ја кажете вистината на некој кој, од која било причина, не е подготвен да ја сослуша? Ние тоа го правиме бидејќи ја сакаме таа личност, а не затоа што сакаме да ја повредиме, иако понекогаш непосредна последица на нашите зборови е ранување и непријателство кон нас. Но и покрај тоа, ние го правиме тоа бидејќи знаеме дека на оваа личност вистината ѝ е неопходна, иако таа е неподготвена да ја слушне.

**Што им кажал Павле во Галатјаните 4,17-20 на оние на кои им се спротивставувал? Освен на нивната теологија на што друго им се спротивставувал?**

---

---

Во спротивност со отвореноста на Павловото евангелие, со која можел да предизвика одбивност кај Галатјаните, неговите противници се бореле да ја стекнат нивната наклонетост, но од себични побуди. Не е познато што точно мислел Павле кога рекол дека неговите противници се трудат „да ги одвојат“, иако можеби тоа се однесувало на нивниот обид да им ги скусат можностите кои им ги пружало евангелието додека не се обрежат.

**Можете ли да се сетите на некој случај кога вашите зборови, колку и да биле вистинити и неопходни, навеле некого да се налути на вас? Што научивте од тоа искуство? Колку тоа ви помогнало следниот пат да го промените начинот на зборување или пристапот кон оваа личност?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Меѓутоа, во галатиските цркви се заканувала отворена и нескриена заблуда целосно да ја потисне пораката на евангелието. Вистинскиот темел на верта - Христос - бил практично отфрлен заради застарените церемонии на јудејството. Апостолот увидел дека мора да се преземат најрешителни мерки и да се упатат најостри опомени за верниците во Галатија да се спасат од опасните влијанија што им се заканувале.

Секој Христов проповедник од ова треба да извлече значајна поука и својата работа да ја прилагоди кон условите и состојбата на оние на кои сака да им помогне. Еднакво се потребни нежност, трпение, решителност и цврстина, но мора да се применуваат со соодветно разликување на случаите и околностите. За мудро да се постапува со луѓето со различен карактер и во нееднакви околности и прилики, потребна е мудрост и расудување просветено и посветено со Божјиот Дух...

Луѓето кои во својот живот ја искусиле силата на Божјата милост, Павле ги повикувал да се вратат на својата првобитна љубов кон вистината на евангелието. Со непобитни докази им укажал на нивната привилегија да станат слободни во Христа, со чијашто откупителна милост се облекуваат во облеката на неговата праведност сите што исцело му се предаваат. Тој тврдел дека секоја душа, која сака да биде спасена, навистина мора да има лично искуство со Бога.

Павловите сесрдни зборови полни со совет и неговите преколнувања не останале празни. Светиот Дух дејствувал со голема сила и мнозина, чиишто нозе скршнале од патот, се вратиле на својата првобитна вера во евангелието. Од тогаш тие биле цврсти во слободата што им ја дал Христос. (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 385.386.388, ориг.)

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислувајте повеќе на кој начин Бог може да го искористи целокупниот проблем на страдањето? Како да постапуваме во ситуации кога ни изгледа дека страдањата не донеле никаква полза?**

**2. Размислете за идејата Христос да се обликува во нас. Што практично значи тоа? Како можеме да знаеме дека ова навистина се случува во нас? Како да се сочуваме од разочарувањата ако видиме дека тоа не се случува толку брзо како што сме очекувале?**

**РЕЗИМЕ:** Откако изнел низа исцрпни и теолошки сложени докази, Павле сега преминува на личен и поемотивен повик кон Галатјаните. Тој ги преколнува да ги послушаат неговите совети, потсетувајќи ги на добрите односи што ги негувале некогаш и на вистинската љубов и грижа којашто ја имал кон нив како нивен духовен татко.

**Поука 10**
**Од 26 август до 2 септември 2017**

# ДВА ЗАВЕТА



**ПРОЧИТАЈ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Галатјаните 4,21-31; 1. Мојсее-ва 1,28; 2,2.3; 3,15; 15,1-6; 2. Мојсеева 6,2-8; 19,3-6.**

**ЗАПОМНИ ГО СТИХОТ: „Но небесниот Ерусалим е слободен, тој е наша мајка“ (Галатјаните 4,26).**

Христијаните, кои го отфрлаат авторитетот на Стариот завет, често на давањето на заветот на Синај гледаат како нешто што не може да се спои со евангелието. Тие сметаат дека заветот склучен на Синај претставува една ера и еден систем од времето на човечката историја кога спасението се темелело на послушноста на законот. Меѓутоа, бидејќи луѓето пропуштиле да живеат според барањата на законот, како што велат тие, Бог воспоставил нов завет, завет на благодатта, втемелен на заслугите на Исуса Христа. Значи, ова е нивното сфаќање на двата завета: стариот завет втемелен на законот и новиот завет втемелен на заслугите Исуса Христа, на Неговата благодат.

Колку и да е распространето, сепак ова гледиште е погрешно. Спасението никогаш не било втемелено на послушноста на законот; библискиот јудаизам, од самиот почеток, била религија на благодатта. Легализмот на кој Павле се спротивставувал во Галатија бил изопачување не само на христијанството, туку и на Стариот завет. Двата завета не биле прашање на време; наместо тоа, тие одразуваат човечки став. Тие претставуваат два различни начини на однесување кон Бога, начини кои нè враќаат во минатото сè до времето на Каин и Авел. Стариот завет ги претставува оние кои, слично на Каин, погрешно се потпираат на својата послушност како средство да му угодат на Бога; спротивно на тоа, новиот завет претставува искуство кое го имаат оние кои, слично на Авел, во целост се потпираат на Божјата благодат да го направи она што го ветил.

## ОСНОВНИ ФАКТИ ЗА ЗАВЕТОТ

Многумина сметаат дека Павловото толкување на историјата на Израел во Галатјаните 4,21-31 претставува најтежок текст во целото послание. Се работи за многу сложено докажување, кое бара широко познавање на старозаветните личности и настани. Првиот чекор во осмислувањето на овој текст е правилното разбирање на старозаветната замисла која има централно место во Павловото докажување: замислата за заветот.

Еврејскиот збор преведен како „завет“ гласи *берит*. Таа се појавува над триста пати во Стариот завет и се однесува на задолжителен договор, спогодба или повелба. Илјадници години заветот имал главна улога во дефинирањето на односите меѓу народите и државите на Блискиот исток. Заветите често пати содржеле и жртвување на животни како дел на процесот на склучување на заветот. Жртвувањето на животни симболички го претставувало она што ќе ѝ се случи на другата договорна страна, која ќе пропушти да ги одржи своите заветни ветувања и обврски.

„Од Адама до Исуса, Бог се занимавал со човечкиот род преку низа заветни ветувања кои биле сосредоточени на доаѓањето на Избавителот, а својот врв го достигнале во Давидовиот завет (1. Мојсеева 12,2.3; 2. Самоилова 7,12-17; Исаија 11). На Израел, кој бил во вавилонско ропство, Бог му ветил поуспешен „нов завет“ (Еремија 31,31-34) во врска со доаѓањето на Месија од Давидовата лоза (Езекил 36,26-28; 37,22-28)“ (Х. Ларондел, *Our Creator Remeemer,* стр. 4).

**Што претставувало темел на Божјиот првобитен завет со Адам во Едемската градина пред падот во грев? 1. Мојсеева 1,28; 2. 2.3.15-17**

---

Додека бракот, физичката работа и саботата претставувале дел на општите услови на заветот при создавањето, неговата средишна точка била Божјата заповед со која забранува да се берат плодови од забранетото дрво. Суштината на заветот била: „биди послушен и живеј“! Бидејќи природата била создадена во согласност со Божјата волја, Господ не го барал невозможното. Послушноста била природна тенденција на човечкиот род; па сепак, Адам и Ева избрале да постапат спротивно на својата природа и со тоа го прекршиле заветот склучен при создавањето, направиле неговите услови да станат невозможни за луѓето кои сега биле расипани со гревот. Бог морал да најде начин да го обнови односот кој Адам и Ева го прекинале. Тој го сторил тоа веднаш, ставајќи го на сила заветот на благодатта, втемелен на ветувањето за Спасителот (1. Мојсеева 3,15).

**Прочитај го текстот во 1. Мојсеева 3,15! Тоа е првото евангелско ветување во Библијата. Каде во овој стих препознаваш навестување на надежта која ја имаме во Исуса Христа?**

## ЗАВЕТОТ СО АВРАМ

**Кои заветни ветувања му ги дал Бог на Аврам во 1. Мојсеева 12,1-5? Како одговорил Аврам?**

Ветувањето кое Бог првично му го дал на Аврам, претставува едно од најмоќните текстови во Стариот завет. Тие стихови зборуваат за Божјата благодат. Само Бог, но не и Аврам, дава ветувања. Аврам не направил ништо за да ја заслужи Божјата наклонетост и нема некакви навестувања дека Бог и Аврам се договарале да го направат овој меѓусебен договор. Бог ги дава сите ветувања. Спротивно на тоа, Аврам, бил повикан да покаже вера во сигурноста на Божјите ветувања, но не каква било вера, туку вера која се покажала во тоа што го напуштил поширокото семејство – на возраст од седумдесет и пет години – и тргнал во земјата која што Бог му ја ветил.

„Преку благословот што го изрекол над Аврам, а преку него и над целиот човечки род, Создателот ја обновил својата намера да го спаси. Тој веќе претходно ги благословил Адам и Ева во Едем (1. Мојс. 1,28; 5,2), а потоа го благословил Ное и неговите синови по Потопот (1. Мојс. 9,1). На тој начин го објаснил своето поранешно ветување за Откупителот, кој ќе го спаси човештвото, ќе го уништи злото и ќе го обнови Едем (1. Мој. 3,15). Бог го потврдил своето ветување дека ќе ги благослови сите народи со својот глобален пристап“ (Х. Ларондел, *Our Creator Redeemer,* pp. 22.23).

**По десет години чекање на ветениот син, какви прашања поставувал Аврам за Божјите ветувања? 1. Мојсеева 15,1-6.**

---

Често пати лесно ни е да го фалиме Аврама како човек на верата, кој никогаш немам никакви сомнежи, ниту пак поставувал какви било прашања. Меѓутоа, Писмото ни дава една сосема поинаква слика за него; Аврам верувал, но попатно имал и многу прашања. Неговата вера била вера која расте. Како и таткото во Марко 9,24, всушност, Аврам всушност му зборувал на Бога: „Верувам, но помогни му на моето неверување!“ (1. Мој. 15,8). Во својот одговор Бог милостиво го уверува Аврам во известноста на своите ветувања, правејќи заветен договор со него (1. Мој. 15,7-18). Во целиот овој текст не нè изненадува толку фактот дека Бог склопил завет со Аврам, туку длабочината до која се спуштил Бог за да го направи тоа. За разлика од другите владетели на стариот Блиски Исток, кои се притеснувале да им ги дадат задолжителните ветувања на своите слуги, Бог, не само што го дал својот збор туку минувајќи низ деловите на исечените животни, симболички го заложил и сопствениот живот. Се разбира, Исус на крајот го дал својот живот на Голгота и направил Неговите ветувања да станат реалност.

**На кои подрачја мораш со вера да зачекориш и да поверуваш во она што изгледа невозможно? На кој начин можеш да истраеш, без оглед на околностите?**

## АВРАМ, САРА И АГАРА

**Зошто Павле толку потценувачки се однесува кон настаните врзани за Агара? Галатјаните 4,21-31; 1. Мој. 16. Која клучна точка за спасението ја нагласува Павле кога го споменува овој старозаветен извештај?**

---

Местото што Агара во овој извештај во 1. Мојсеева е директно поврзано со неверувањето кое Аврам го покажал кон Божјето ветување. Оваа египетска робинка веројатно дошла во домаќинството на Аврам како дел од бројните дарови кои фараонот му ги дал како замена за Сара, што повторно претставува извештај за Аврамовиот прв чин на неверување во Божјите ветувања (1. Мојсеева 12,11-16).

Иако чекале десет години за да се роди ветениот син, Аврам и Сара и понатаму биле без деца. Заклучувајќи дека на Бога му е потребна нивната помош, Сара му ја дала Агара на Аврам како наложница. Иако денес тоа ни изгледа чудно, планот на Сара бил доста досетлив. Во согласност со старите обичаи, робинката можела да послужи како помошна мајка на својата неплодна господарка. Според тој обичај, Сара можела секое дете, кое ќе биде родено во врската меѓу Аврам и Агара, да го смета за свое. Иако според овој план навистина се родил син, тој не бил дете на ветувањето.

Во овој извештај имаме силен пример за тоа дека и големите Божји луѓе, кога ќе се соочат со неповолни околности, можат да покажат недостаток на вера. Во 1. Мојсеева 17,18.19 Аврам го молел Бога да го прифати Исмаил како негов наследник; Господ, се разбира, ја одбил оваа молба. Единствениот чудесен елемент во раѓањето на Исмаил била подготвеноста на Сара да го дели својот маж со друга жена. Немало ништо невообичаено што оваа жена ќе роди, но тоа ќе биде дете родено „според телото“. Кога Аврам би се надевал на Божјото ветување, наместо да дозволи околностите да ја поткопаат неговата доверба, работите би биле поинакви, не би се одиграле така и многу болки би биле избегнати.

**Спротивно на раѓањето на Исмаил, какви биле околностите при раѓањето на Исак? 1. Мој. 17,15-19; 18,10-13; Евреите 11,11.12. Зошто токму ваквите околности барале толку голема вера од Аврам и Сара?**

---

**На кој начин недостатокот на вера во Божјите ветувања ви предизвикало болка? Како да научите, врз основа на своите грешки, да го држите Бога за збор, без оглед на сè? Какви одлуки треба да донесете, одлуки кои ќе ја засилат вашата способност да се потпрете на Божјите ветувања?**

## АГАРА И ГОРАТА СИНАЈ (ГАЛАТЈАНИТЕ 4,21-31)

**Каков вид заветен однос Бог сакал да воспостави со својот народ на Синај? Какви сличности има овој завет со Божјето ветување кое му било дадено на Аврам? 2. Мој. 6,2-8; 19,3-6; 5. Мој. 32,10-12.**

---

Бог сакал да склучи таков заветен однос со Израеловите синови на Синај, каков што имал со Аврам. Всушност, постојат одредени сличности меѓу Божјите зборови кои му биле упатени на Аврам во 1. Мој. 12,1-3 и Неговите зборови упатени на Мојсеј во 2. Мојсеева 19. Во двата случаја, Бог го нагласува она што ќе го направи со својот народ. Тој не бара од Израелците да направат нешто за да го заслужат Неговиот благослов, туку, наместо тоа, требале да бидат послушни одговарајќи на ваквите благослови. Еврејскиот збор преведен како „послуша“ и „држи“ во 2. Мојсеева 19,5 буквално значи „слуша“. Божјите зборови нѐ упатуваат на оправдување со дела. Спротивно на тоа, Бог сака Израел да ја покаже истата вера која го обележувала Аврамовиот одговор на Неговите ветувања.

**Ако заветниот однос што Бог му го понудил на Израел на Синај е сличен на оној што му бил понуден на Аврам, зошто Павле ја изедначува горатa Синај со негативното искуство на Агара? 2. Мој. 19,7-25; Евр. 8,6.7**

Заветот на Синај бил одреден да укаже на грешноста на човечкиот род и на лекот кој бил даден во вид на изобилна Божја благодат, која симболички била прикажана со службите во светилиштето. Проблемот со заветот на Синај не бил од Божја страна, туку од страна на грешните ветувања на луѓето (Евреите 8,6). Наместо да одговорат на Божјите ветувања со понизност и вера, Израелците одговориле со самодоверба. „Ќе правиме сѐ што нареди Господ“ (2. Мојсеева 19,8). Бидејќи живееле како робови во Египет повеќе од четиристотини години, немале никаква вистинска престава за Божјото величие ниту, пак, за големината на својата грешност. На истиот начин на кој Аврам и Сара се обиделе да му помогнат на Бога да ги исполни своите ветувања, Израелците се обиделе Божјиот завет на благодатта да го претворат во завет на дела. Агара симболички го претставувала Синај, бидејќи и двата случаја покажуваат човечки обиди за спасение со дела.

Павле не тврди дека законот, кој е прогласен на Синај, е лош или укинат. Него го загрижува легалистичкото погрешно толкување на законот од страна на Галатјаните. „Наместо да послужи за да ги осведочи дека е апсолутно невозможно да му угодат на Бога со држење на законот, законот во нив дладоко всадена решеност да се потпрат на личните сили во напорите да му угодат на Бога. И на тој начин, законот не послужил на намерата на благодатта јудаистите да ги доведе кај Христа. Наместо тоа, тој ги оддалечил од Него“ (П. Робертсон, *The Christ of the Covenants,* стр. 181).

## ИСМАИЛ И ИСАК ДЕНЕС

Павловиот краток преглед на историјата на Израел бил изнесен за да ги негира доказите на неговите противници кои тврделе дека припаѓаат на вистинските Аврамови потомци и дека Ерусалим – центарот на еврејското христијанство и законот – е нивна мајка. Незнабошците, зборувале тие, претставуваат незаконски деца и ако сакаат да станат вистински Христови следбеници, најпрвин мора да станат синови Аврамови, покорувајќи се на законот за обрезание.

Според Павле, вистината е спротивна на тоа. Овие легалисти не се синови Аврамови туку незаконски деца, како Исмаил. Потпирајќи се на обрезанието, тие се потпираат на „телото“ слично како што направила Сара со Агара и како што направиле Израелците со Божјиот закон на Синај. Меѓутоа, обратениците од незнабоштво станале синови Аврамови не по природен, туку, како Исак, по натприроден пат. „Слично на Исак, тоа било исполнување на ветувањето кое му било дадено на Аврам... слично на Исак, нивното раѓање во слобода било последица на божествената благодат; слично на Исак, и тие припаѓале на низата припадници на заветот на ветувањето“ (Д. Дан, *The Epistle to the Galatians,* стр. 256).

**Со што ќе се соочат вистинските Христови следбеници во овој свет? Галатјаните 4,28-31; 1. Мојсеева 21,8-12**

---

Фактот дека бил дете на ветувањето, тоа на Исак му донело не само благослови, туку и противење и прогонство. Кога зборува за прогонствата, Павле ја има на ум церемонијата во 1. Мој. 21,8-10, во која Исак се слави, но во која подоцна се појавува Исмаил и зборува многу навредливи работи за него. Еврејскиот збор во 1. Мој. 21,9 буквално значи „се смее“, но реакцијата на Сара покажува дека Исмаил, всушност, му се потсмевал на Исак и се поигрувал со него. Иако однесувањето на Исмаил нам денес не ни изгледа значајно, тоа го покажувало длабокото непријателство кое завладеало во семејството кога на дневен ред дошло прашањето за правото на првородство. Многу владетели во старо време се обидувале да ја зацврстат својата позиција отстранувајќи ги своите соперници, вклучувајќи ги и роднините (Судии 9,1-6). Иако Исак се соочувал со противење, уживал и во предноста на љубовта, заштитата и наклонетоста кои доаѓале заедно со положбата наследник на имотот на својот татко.

**На кои начини сте трпеле прогонства поради својата вера, особено од оние кои ти биле најблиски? Или, постави си го себеси ова тешко прашање: дали можеби сте биле виновни што другите биле прогонувани поради својата вера? Размисли за тоа!**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата „Патријарси и пророци“ Прочитај ја главата под наслов Закон и завет.

„Но зошто на Синај е формулиран друг завет кога во аврамовскиот завет било содржано ветување за откуп? Израелскиот народ за време на своето робување во голема мера го загубил поимот за Бога и за начелата на аврамовскиот завет... Бог ги довел под Синајската гора и им ја открил својата слава. Тука им го дал својот закон и, под услов да бидат послушни, им ветил големи благослови: ’Па сега, ако го слушате мојот глас, и го пазите мојот завет... ќе ми бидете царство на свештеници и народ свет’ (2. Мој. 19,5.6). Меѓутоа, тие не ја увидувале грешноста на своето сопствено срце и фактот дека без Христа не е можно да се држи Божјиот закон. Затоа биле готови веднаш и без премислување да склучат сојуз (завет) со Бога...

Присуствувале при објавувањето на законот во величественост што бара најдлабока страхопочит и стоеле под горага тресејќи се од страв, а сепак само по неколку седмици го раскинале својот завет со Бога и се клањале пред делкан кип. Не можеле веќе да се надеваат на Божја милост врз основа на заветот што го раскинале. И сега, откако ја увиделе својата грешност и потреба од проштавање, биле доведени во состојба лично да почувствуваат колку им е потребен и Спасителот кој бил откриен во заветот на Аврама и навестуван со принесувањето на жртвите. И сега со вера и со љубов се врзале за Бога како свој Ослободител од робувањето на гревот. Дури сега биле подготвени да ги ценат благословите на неговиот завет“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 385.386; ориг. 371.372/)

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Дали вашето одење со Спасителот е послично на новиот или на стариот завет? Во што може да се види разлика?**
**2. Кои проблеми во вашата месна црква предизвикуваат напнатост меѓу верниците? На кој начин можат да се разрешат овие судири? Иако можеби сметате дека сте жртва на „прогонство“, како можете да бидете сигурни дека не сте еден од прогонувачите? Во што се состои разликата? Види Матеј 18,15-17!**
**3. Колку пати сте му ветиле на Господа дека нема повеќе да го правите ова или она, па сепак и понатаму сте го правеле тоа? На кои начини овој жалосен факт ти ја објаснува важноста на благодатта?**

**ЗАКЛУЧОК**: Извештајот за Агара, Исмаил и синовите Израелови на Синај ја покажува неразумноста на обидите да се потпреме на своите напори за да го постигнеме она што Бог ветил дека ќе го постигне за нас. Овој метод на самоправедност се нарекува стар завет. Новиот завет е вечниот завет на благодатта, кој е воспоставен најпрво со Адам и Ева по падот во грев, обновен со Аврам и конечно исполнет со Христовите заслуги.

**Поука 11**
**2 - 8 септември 2017**

# СЛОБОДА ВО ХРИСТА



**ПРОЧИТАЈ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Галатјаните 5,1-15; 1. Коринќаните 6,20; Римјаните 8,1; Евреите 2,14.15; Римјаните 8,4; 13,8.**

**ЗАПОМНИ ГО СТИХОТ: „Зашто вие, браќа, повикани сте кон слобода; само слободата да не ви биде повод за угодување на телото, туку со љубов служете си еден на друг“ (Галатјаните 5,13).**

Во текстот во Галатјаните 2,4 Павле се навраќа на важноста да ја чуваме слободата која ја имаме во Христа. Меѓутоа, што мисли Павле кога вели слобода, а тоа го прави многу често? Што сѐ вклучува таа слобода? Колку далеку се простира оваа слобода? Дали воопшто има ограничувања? И каква е врската меѓу слободата во Христа и законот?

Павле ги поставува овие прашања опоменувајќи ги Галатјаните на две опасности. Првата е легализмот. Павловите противници во Галатија толку биле обземени со настојувањето да ја заслужат Божјата наклонетост со своето однесување, што целосно ја изгубиле од вид ослободителната природа на Христовото дело на спасение кое секогаш го имале преку верата во Исуса. Другата опасност била склоноста да ја злоупотребиме слободата која Христос ја купил за нас и да не почитуваме никакви правила. Оние кои го прифатиле ова гледиште сметале дека слободата е спротивност на законот.

И легализмот и непочитувањето се правила спротивни на законот, бидејќи на ист начин ги држат своите следбеници во еден облик на робување. Меѓутоа, Павле ги повикува Галатјаните да останат цврсто во вистинската слобода, која е нивно законско право во Исуса Христа.

## ХРИСТОС НÈ ОСЛОБОДИ

**„Христос нè ослободи за слободата. Според тоа, стојте цврсто и не потчинувајте му се пак на ропскиот јарем“ (Галатјаните 5,1).**

Како што воениот заповедник им наредува на своите поколебани единици да ги збијат своите редови, така Павле ги повикува Галатјаните да не се откажат од својата слобода која ја имаат во Христа. Силата и уверливоста на Павловиот глас прави неговите зборови едноставно да излегуваат од страниците на напишаниот текст и да нè водат напред. Всушност, изгледа дека Павле токму тоа и го сакал. Иако овој стих е тематски поврзан со стиховите по и пред него, неговата отсечност и непостоењето на синтактичка поврзаност во грчкиот јазик, наведуваат да помислиме дека Павле сакал тој да биде истакнат како нагласена парола. Слободата во Христа како да претставува резиме на целокупното Павлово докажување, а Галатјаните биле во голема опасност да се откажат токму од оваа своја слобода во Христа!

**Прочитај го текстот во Галатјаните 1,3.4; 2,16 и 3,13! Кои метафори се употребени во овие текстови и како тие ни помагаат да разбереме што Христос направил за нас?**

Павловите зборови „слободата со која Христос нè ослободи“ (Гал. 5,1) како да ни навестуваат дека Павле на ова место има на ум друга метафора. Составот на овоја израз е сличен на изразот што се употребувал во свечената церемонија на ослободувањето на робовите. Бидејќи робовите немале никакви граѓански права, се претпоставувало дека некое божество ќе ја купи нивната слобода, а за возврат робот, иако вистински слободен, законски ќе му припаѓа на тоа божество. Се разбира, во практика, процесот бил фиктивен, токму самиот роб ја уплатувал сумата за својата слобода во храмската ризница. Земете го предвид, на пример, изразот кој бил напишан во повеќе од илјада натписи најдени во храмот на Аполон во Делфи, кои датираат од 200 година пред Христа до 100 години по Христа: „За слободата, Аполон Питијски ја откупил од Сосибус од Амфис, робинката по име Никеа... Откупнината за својата слобода, меѓутоа, му ја посветила на Аполон“ (Бен Витерингтон, *Grace in Galatia,* стр. 340).

Овој израз по својата терминологија е многу сличен со Павловите зборови, но постои и одредена разлика. Во Павловата метафора нема никакви фикции, туку сè е реалност. Ние самите не даваме откупнина за себеси (1. Коринќаните 6,20; 7,23). Откупната цена би била премногу висока за нас. Ние би биле премногу немоќни да се спасиме самите себеси, но Исус пристапил и го направил за нас она што не сме можеле самите да го направиме. Тој ја платил цената за нашите гревови, ослободувајќи нè од осудата на законот.

**Внимателно анализирај го сопствениот живот! Дали некогаш сте помислиле дека можете да се спасите сами себе? Што ви кажува вашиот одговор и колку мора да бидете благодарни за она што ви е подарено во Исуса?**

## ПРИРОДАТА НА ХРИСТИЈАНСКАТА СЛОБОДА

Павловата заповед на христијаните да останат цврсто во својата слобода не е дадена во вакуум. Нејзе ѝ претходи важно набројување на фактите. „Христос нè ослободи!“ Зошто христијаните треба да останат цврсти во својата слобода? Затоа што Христос веќе ги ослободил! Со други зборови, нашата слобода е последица на она што Христос веќе го направил за нас!

Овој начин на изнесување на фактите, по кој доаѓа налог, е типичен за Павловите посланија (1. Коринќаните 6,20; 10,13.14). На пример, Павле дава неколку изјави во Римјаните 6 глава за нашата состојба во Исуса Христа, како, на пример: „Тоа го знаеме: нашиот стар човек е распнат заедно со Него!“ (Римјаните 6,6). Врз основа на овој факт Павле изрекува опомена и заповед: „И така, нека не царува гревот во вашето смртно тело, па да ги слушате неговите страсни желби!“ (Рим. 6,12). Ова е Павловиот начин да го каже она што е важно: „Станете она што веќе сте во Исуса Христа!“ Етичкиот живот на евангелието претставува настојување да направиме нешто за да докажеме дека сме Божји деца. Наместо тоа, ние го правиме она што го правиме затоа што веќе сме Божји деца.

**Од што нè ослободил Христос? Римјаните 6,14.18; 8,1; Галатјаните 4,3.8; 5,1; Евреите 2,14.15.**

______________________________________________________________________

Употребата на зборот *слобода*, за да се опише христијанскиот живот, повеќе се истакнува во Павловите посланија, отколку во кои било други новозаветни списи. Самиот збор слобода и неговите изведенки се појавуваат 28 пати во Павловите посланија, а само 13 пати во останатите книги.

Што мисли Павле кога вели слобода? Прво, тоа не е никаква апстрактна мисла. Поимот не се однесува на политичка или економска слобода, или на слободата да живееме на начин кој нам најмногу ни одговара. Спротивно на тоа, тоа е слобода која е втемелена на нашиот однос со Исуса Христа. Контекстот навестува дека Павле зборува за слободата од оковите и осудите на легалистичкиот облик на христијанство, но нашата слобода опфаќа далеку повеќе. Таа ја опфаќа и слободата од гревот, вечната смрт и сатаната.

„Надвор од Исуса Христа, човечкото постоење е одбележано со окови - окови на законот, потоа окови на лошите елементи кои владеат со светот, оковите на гревот, телото и ѓаволот. Бог го пратил својот Син на светот за да ја затресе власта на овие робовладетели“ (Т. Џорџ, *Galatians,* стр. 354).

**На што му робувате во својот живот? Научете го напамет текстот во Галатјаните 5,1 и побарајте од Господа слободата што ја имате во Христа да ја направи реалност во твојот живот.**

## ОПАСНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ НА ЛЕГАЛИЗМОТ (ГАЛАТЈАНИТЕ 5,2-12)

Начинот на кој им се обраќа Павле на верниците во Галатјаните 5,2-12 укажува на важноста на она што сака да им го каже. „Слушајте!“ „Пазете на мојте зборови!“ „Еве, јас, Павле, ви го кажувам ова!“ Со силната употреба на зборот „Еве“, не само што го бара целосното внимание на своите читатели, туку укажува и на својот апостолски авторитет. Сака Галатјаните да разберат дека, во случај да го прифатат обрезанието за да го осигураат своето спасение, ќе мора да се изложат на опасните последици на својата одлука.

**Прочитајте го текстот во Галатјаните 5,2-12! На што нѐ предупредува Павле во врска со целокупниот проблем на обрезанието?**

---

Првата последица на одлуката Божјата наклонетост да се обезбеди со обрезание е обврската на почитување на целокупниот закон. Павле во 2. и 3. стих се впушта во многу интересна игра на зборови. Христос, вели тој, нема да ви биде од полза (*ophelesei*); наместо тоа, ќе имате обврска да го почитувате целиот закон (*opheiletes*). Ако некој сака да живее во согласност со церемонијалниот закон, не може да избира кои прописи ќе ги применува а кои не. Тука се работи за сѐ или ништо!

Второ, „ќе го изгубат“ Христа или ќе бидат „отсечени“ од Христа: Одлуката да се оправдаме со делата, истовремено го опфаќа и отфрлањето на Божјиот начин на оправдување во Христа. „Не може да го имате и едното и другото. Невозможно е да го примите Христа, прифаќајќи ја со тоа вистината дека самите не сме во состојба да се спасиме, а потоа да извршиме и обрезување, изјавувајќи со тоа дека можеме!“ (Џ. Стот, *The Message of Galatians,* стр. 133).

Павловиот трет приговор за обрезанието гласи дека тоа го спречува духовното растење. Се служи со аналогија на атлетичарот чие напредување кон целта е намерно попречено. Всушност, зборот преведен како „попречи“ (Гал. 5,7) се употребувал во воените кругови за да се означи „рушење на патиштата или мостовите, или ставање пречки на патот пред непријателот за да се спречи неговото напредување“ (SDA BC 6,978).

Конечно, обрезанието го отстранува проклетството на крстот. Како? Пораката на обрезанието е дека може да се спасите самите себеси; како такви си ласкате самите себеси, бидејќи таквата способност ѝ годи на човековата суета. Меѓутоа, пораката на крстот е навредлива за човековата ароганција, бидејќи мора да признаеме дека во целост и во сѐ зависиме од Христа. Павле е толку огорчен на овие луѓе поради нивното упорно настојување да го воведат обрезанието, што изјавува дека посакува ножот да им се лизне и самите да се осакатат! Силни зборови, но Павловата изјава само ја одразува сериозноста со која тој му пристапува на овој проблем.

## СЛОБОДА, А НЕ НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА (ГАЛ. 5,13)

Текстот во Галатјаните 5,13 обележува една важна пресвртница во посланието до Галатјаните. Сè до овој момент Павле целосно се сосредоточил на теолошката содржина на својата порака, а сега преминува на проблемот на христијанското однесување. Како треба да живее верникот кој не се спасува со своите дела?

**На која злоупотреба на слободата сака Павле да ги предупреди верниците во Галатија? Галатјаните 5,13**

___

Павле бил целосно свесен за можното неразбирање кое го следело неговото нагласување на благодатта и слободата која верниците ја имаат во Христа (Рим. 3,8; 6,1.2). Меѓутоа, проблемот не бил во Павловото евангелие, туку во човековата тенденција да им попушта на своите слабости. Страниците на историјата се преполни со извештаи за луѓе, градови и народи чија расипаност и пад во морален хаос биле непосредно поврзани со недостатокот на самоконтрола и владеење со себеси. Кој не ја почувствувал ваквата склоност во својот живот? Токму затоа Павле отворено ги повикува Христовите следбеници да се чуваат од попуштањето на телесните желби. Всушност, тој сака да го прават токму спротивното, што значи „со љубов да си служат едни на други". Како што знаат сите што им служат на ближните од љубов, тоа може да се прави само ако претходно умреме за нашето „јас" и за желбите на телото. Оние кои му попуштаат на своето тело, не се тие кои сакаат да им служат на своите ближни. Сосема спротивно на тоа!

Според тоа, нашата слобода во Христа не е само слобода од робување на светот, туку и повик на нов вид служба и одговорност на ближните да им служиме од љубов. Тоа е прилика „да ги сакаме нашите ближни без пречки, можност да создаваме човечки заедници втемелени на заемно давање, наместо на трка за моќ и положба" (С. Вилијамс, *Galatians,* стр. 145).

Поради тоа што христијанството ни станале нешто сосема обично, а и порди текстот на современите преводи на Галатјаните 5,13, лесно можеме да ја предвидиме силата која овие зборови им ја пренесувале на Галатјаните. Прво, грчкиот јазик укажува дека љубовта која ја вдахнува таквата служба не е вообичаена човечка љубов, тоа би било невозможно, бидејќи човечката љубов е премногу условна. Павловата употреба на членот пред зборот љубов, во грчкиот јазик укажува дека зборува за божествената љубов што ја добиваме само преку Светиот Дух (Римјаните 5,5). Вистинско изненадување се крие во фактот дека зборот преведен како „служите", всушност, во грчкиот оригинал значи „да се заробите". Нашата слобода не се огледува во независноста и самостојноста, туку во меѓусебното служење втемелено на Божјата љубов.

**Бидете чесни: дали некогаш сте помислиле слободата која ја имате во Христа барем малку да ја искористите за понекогаш да се впуштите во некој грев? Што е лошо во таквиот начин на размислување?**

## ИЗВРШУВАЈЌИ ГО ЦЕЛИОТ ЗАКОН (ГАЛАТЈАНИТЕ 5,13-15)

**Како да го усогласите Павловиот негативен коментар за „да го исполни целиот Закон“ (Галатјаните 5,3) со неговата позитивна изјава дека „целиот Закон се извршува во еден збор“ (Галатјаните 5,14)? Спореди Рим. 10,5; Галатјаните 3,10.12; 5,3 со Римјаните 8,4; 13,8; Галатјаните 5,14.**

---

Многумина гледале спротивност меѓу Павловиот негативен коментар „да го исполни целиот закон“ и неговиот позитивен повик дека „целиот закон е исполнет“. Всушност, нема никава спротивност во тоа! Решението лежи во фактот дека Павле намерно ги употребува овие две фрази, за да подвлече јасна разлика помеѓу двата различни начини на опишување на христијанското однесување во однос на законот. На пример, важно е да се забележи, кога Павле се изразува позитивно за христијанското почитување на законот никогаш за тоа не зборува како за „исполнување на законот“. Тој израз го резервира само за погрешното однесување на оние кои живеат под законот и се трудат да го заработат Божјето одобрување „вршејќи“ го она што го бара законот.

Тоа воопшто не значи дека оние кои го нашле спасението во Христа, не се послушни на законот. Павле вели дека „тие го извршуваат законот“. Тој сака да каже дека вистинското христијанско однесување подразбира многу повеќе отколку само надворешна послушност или „исполнување на законот“. Павле се служи со зборот „извршува“, бидејќи оди многу подалеку од зборот „исполнува“. Ваквата послушност има свој темел во Исуса Христа (види Матеј 5,17). Тоа не е отфрлување на законот, ниту негово ограничување само на љубовта, туку тоа начин на кој верникот може да ја искуси вистинската намера и значење на целокупниот закон.

**Според апостол Павле, каде се наоѓа вистинското значење на законот? 3. Мој. 19,18; Марко 12,31.33; Матеј 19,19; Римјаните 13,9; Јаков 2,8.**

---

Иако ова е цитат од 3. Мојсеева, Павловата изјава во Галатјаните е втемелена на Исусовата употреба на текстот во 3. Мојсеева 19,18. Меѓутоа, Исус не бил единствениот еврејски учител кој се повикувал на текстот во 3. Мојсеева 19,18 како резиме на целиот закон. Рабинот Хилел, кој живеел една генерација пред Христа, рекол: „Она што го мразиш за себе, не му го прави на својот ближен, тоа е суштината на целокупниот закон!“ Меѓутоа, Исусовата перспектива е радикално поинаква (Матеј 7,22). Не само што е позитивна, туку покажува дека љубовта и законот не се неспоиви величини. Без љубовта, законот е празен и студен; без законот, љубовта нема насока.

**Што е полесно и зошто: да ги сакаш ближните, или едноставно да ги слушаш Десетте заповеди? Разговарајте за твојот одговор во класата!**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Вистинската вера секогаш дејствува преку љубовта. Кога гледате на Голгота, тоа не го правите за да ја смирите својата душа поради неизвршената должност, за спокојно да заспиете, туку за да ја разбудите верата во Исуса, онаа вера која ќе дејствува и ќе ја чисти душата од калта на себичност. Кога со вера ќе се фатиме за Исуса, нашето дело тукуштo почнало. Секој човек има расипани и грешни навики кои мора да ги совлада со остра борба. Од секоја душа се бара да се бори во борбата на верата. Ако е некој Христов следбеник, тој не може да биде остар во постапувањето, со тврдо срце, без сочувство. Не може да биде ни груб во зборувањето. Не може да биде полн со самовозвишување. Тој не може да биде арогантен, ниту може да се служи со груби зборови, да критикува или да осудува.

Делата на љубовта произлегуваат од делата на верата. Библиската религија значи постојано дејствување. 'Нека светли вашето видело пред луѓето, за да ги видат вашите добри дела и да го слават вашиот Татко кој е на небесата!' 'Градете го спасението со страв и трепет, бидејќи Бог право во вас, да сакате и да го сторите она што е според Неговата волја.' Ние треба да бидеме ревни во напорите да правиме добри дела, да се трудиме да истраеме во добрите дела. Верниот сведок вели: 'Ги знам твоите дела!'

Иако е вистина дека нашите активности нема сами по себе да ни обезбедат спасение, вистина е и тоа дека верата, која нè соединува со Христа, ќе нè поттикне на активност" (EGW, SDA BC 6, 1111).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како класа прегледајте ги уште еднаш одговорите на прашањата во делот на поуката за четврток. Кое решение повеќето луѓе сметаат дека е полесно и зошто? На кои важни вистини упатуваат вашите одговори за тоа што значи да се извршува законот?**

**2. Павле вели дека верата работи преку љубовта. Што сака да каже со тоа?**

**3. Разработете ја идејата за обидот да се послужиме со нашата слобода во Христа за да се впуштиме во грев! Зошто толку лесно може тоа да се направи? Меѓутоа, кога луѓето размислуваат на таков начин, во која стапица може да паднат? (види 1. Јованово 3,8)**

**РЕЗИМЕ:** Слободата е еден од омилените Павлови зборови за дефинирање на евангелието. Таа го опфаќа и она што Христос го направил за нас, ослободувајќи нè од оковите на светот, но и фактот дека сме повиканида живееме христијански живот. Меѓутоа, мораме да бидеме мошне внимателни нашата слобода да не падне како плен на легализмот или непочитувањето на правилата. Христос не нè ослободил за да си служиме себеси, туку да можеме својот живот да го предадеме во служба на ближните.

*Ви препорачуваме во саботата да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 12**
**10 - 16 септември 2017**

# ДА ЖИВЕЕМЕ ПО ДУХОТ



**ПРОЧИТАЈ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Галатјаните 5,16-25; 5. Мојсеева 13,4.5; Римјаните 7,14-24; Еремија 7,9; Осија 4,2; Матеј 22,35-40.**

**ЗАПОМНИ ГО СТИХОТ: „А велам: одете во Духот и нема да ги исполнувате страстите на телото“ (Галатјаните 5,16).**

Една од најомилените христијански химни е „Дојди, изворе на сите благослови!“ од Роберт Робинсон. Меѓутоа, Робинсон не бил отсекогаш човек на верата. Татковата смрт го оставила гневен, така што се препуштил на пијанството и распуштеноста. Откако го слушал познатиот проповедник Џорџ Вајтфилд, Робинсон му го предал својот живот на Господа, станал методистички пастор и ја напишал оваа позната химна, која во својот оригинал ги содржи зборовите: „О колку голем должник сум на благодатта, секој ден одново! Твојата добрина, како со синџири нека го врзе моето немирно срце за Тебе!“

Незадоволен од стиховите кои зборувале за немирното срце на христијанинот, некој запишал нови зборови: „Копнеам да те славам, Господе, копнеам да го љубам Господа на кого му служам!“

Наспроти сите добри намери на издавачот, првичните зборови точно ги опишуваат борбите на христијанинот. Како верници, ние имаме две природи, телесна и духовна, и тие се постојано во судир. Иако нашата грешна природа е секогаш подготвена да заскита од Господа, ако сме подготвени да се предадеме на неговиот Дух, не мораме да останеме робови на желбите на своето тело. Тоа е основната мисла на Павловата порака и текстот предвиден за оваа седмица.

## „ОДЕТЕ ВО ДУХОТ“

**Прочитај го текстот во Галатјаните 5,16! Каква е поврзаноста меѓу идејата за одењето и животот со вера? 5. Мојсеева 13,4.5; Римјаните 13,13; Ефесјаните 4,1.17; Колошаните 1,10.**

---

„Одете“ е метафора извлечена од Стариот завет и се однесува на начинот на кој треба да се однесува верникот. Павле, и самиот Евреин, често пати во своите посланија ја употребува оваа метафора за да го опише начинот на однесување кој треба да биде обележје на христијанскиот живот. Неговата употреба на оваа метафора веројатно е поврзана со првото име на раната црква. Пред да го добијат името христијани (Дела 11,26), Христовите следбеници едноставно биле познати како следбеници на „Патот“ (Јован 14,6; Дела 22,4; 24,14). Тоа укажува дека христијанството во тие рани денови не претставувало само низа теолошки верувања кои биле сосредоточени на Исуса Христа, туку и „Пат“ во животот по кој треба да се „оди“!

**На кој начин Павловата метафора за одењето се разликува од истата метафора во Стариот завет? Спореди ги текстовите во 2. Мојсеева 16,4; 3. Мојсеева 18,4; Еремија 44,23 со Галатјаните 5,16.25; Римјаните 8,4.**

---

Однесувањето во Стариот завет не било опишано како „одење“, туку многу поодредено, како „одење според законот“. „Halakhah“ е правен термин со кој се служеле Евреите за да ги означат правилата и прописите на законот и рабинските традиции на нивните татковци. Иако *halakhah* вообичаено се преведува како „еврејски закони“, самиот збор е втемелен на еврејскиот збор „оди“ и буквално значи „пат по кој треба да се оди“.

Павловиот коментар за „одење во Духот“ не е спротивен со послушноста на законот. Павле не зборува дека христијаните треба да живеат живот исполнет со кршење на законот. Патем, Павле не е противник на законот или на послушноста на законот. Тој се спротивставува на легалистичкото држење со кое се злоупотребува законот. Вистинската послушност која Бог ја бара од нас никогаш не може да се постигне со сила и надворешни протисоци, туку мора да биде последица на внатрешната желба поттикната од Духот (Галатјаните 5,18).

**Какво е твоето искуство со „одењето во Духот?“ На кој начин го постигнуваш тоа? Кои обичаи во твојот живот го отежнуваат одењето според Духот?**

## БОРБАТА НА ХРИСТИЈАНИНОТ

**„Зашто телото копнее против Духот, а Духот против телото; зашто тие се противат еден на друг, за да не го правите она, што сакате“ (Галатјаните 5,17; види и Римјаните 7,14-21). Како сте ја искусиле болната и сурова реалност на овие зборови во вашиот верски живот?**

---

---

Борбата која ја опишува Павле не е борба што ја води секое човечко суштество; таа се однесува првенствено на внатрешната борба која беснее во секој христијанин. Бидејќи луѓето се раѓаат во согласност со желбите на телото (Римјаните 8,7), дури кога ќе бидеме повторно родени од Духот почнува вистинската духовна борба (Јован 3,6). Тоа не значи дека нехристијаните никогаш не се вклучени во морални судири, бидејќи ни тие не се поштедени од тоа. Меѓутоа, и тој судир во крајна линија е резултат на дејствувањето на Духот. Борбата на христијанинот поприма нова димензија, бидејќи верникот има две природи - телото и Духот, кои војуваат една против друга.

Во текот на целата историја христијаните копнееле да се ослободат од оваа борба. Некои се обидувале да се повлечат од општеството и на тој начин да ја прекинат борбата, додека други тврделе дека грешната природа може да се избрише со некој чин на божествената благодат. Двата обида биле безуспешни. Иако со силата на Духот можеме да ги победиме желбите на телото, судирот ќе продолжи на разни начини сè додека не добиеме ново тело при второто Христово доаѓање. Бегањето од општеството ништо не може да ни помогне бидејќи, без оглед каде одиме, ние борбата ја носиме со себе, и така ќе биде сè до нашата смрт или до второто Христово доаѓање.

Бидејќи имаме две природи, ние едновремено се наоѓаме на двете страни. Нашата духовна природа го сака она што е духовно и го презира телото. Телесната природа, меѓутоа, копнее по она што е телесно и се спротивставува на духовното. Бидејќи обратениот ум е премногу слаб самиот да се спротивстави на телото, нашата единствена надеж да го покориме телото лежи во то секојдневното да донесуваме одлуки заедно со Духот да се бориме против нашата телесна природа. Токму затоа Павле е толку упорен кога нè повикува да одиме во Духот.

**Врз основа на своето лично искуство во борбата меѓу вашите две природи, кој совет би можеле да му го дадете на христијанинот кој се обидува да победи во оваа постојана борба со самиот себеси, борба која никогаш не завршува ниту престанува?**

## ТЕЛЕСНИТЕ ДЕЛА

Бидејќи зборувал за судирот кој постои меѓу телото и Духот, Павле во Галатјаните 5,18-26 расправа за природата на овој судир, давајќи една листа на етички мани и доблести. Каталогот на мани и доблести била вообичаена литерарна појава и во еврејската и во грчко-римската литература. Овие листи донесувале попис на маните кои треба да се избегнуваат и доблестите кои треба да се развиваат.

**Внимателно проучи ја листата на маните и доблестите во наведените текстови. На кој начин Павловата листа во Галатјаните 5,19-24 е слична а сепак поинаква од оние на другите места? Еремија 7,9; Осија 4,2; Марко 7,21.22; 1. Тимотеј 3,2.3; 1. Петрово 4,3, Откровение 21,8**

---

Иако Павле бил свесен за постоењето на листата со мани и доблести, постојат значајни разлики во начинот на кој тој ги употребува своите две листи во Галатјаните. Прво, иако Павле ги споредува овие две листи, за нив не зборува на ист начин. Листата со мани ја нарекува „дела на телото“, додека листата на доблести ја нарекува „плод на Духот.“ Тоа е многу важна разлика. И како што пишува еден писател: „Телото бара, а Духот произведува. Додека едната листа зрачи со атмосфера на наметливост и неразумна попустливост на сопствените желби, другата зборува за грижата кон другите, ведрината, обновувањето и довербата. Едната ги опишува човечките манипулации, а другата божествено оспособување и доделување на благодатта, нагласувајќи го фактот дека внатрешната преобразба е извор на одговорно однесување“ (И. Дун, *The Epistle to the Galatians,* стр. 308).

Втора интересна разлика меѓу двете листи на Павле е во тоа што листата со мани е намерно наведена во множина како „дела на телото“. Меѓутоа, „плод на Духот“ е во еднина. Таа разлика може да укаже дека животот со кој се живее во тело не може да унапреди ништо друго освен поделби, немир, предизвикување расколи и неединство. Наспроти тоа, животот кој се живее во Духот произведува еден плод на Духот кој се покажува преку девет доблести кои го поткрепуваат единството.

Во овој контекст, некои луѓе тврдат дека она што го верува човекот за Бога, всушност, и не е многу важно сè додека е искрен и чесен. Меѓутоа, ова е далеку од вистината! Павловата листа на мани нè осведочува во спротивното: погрешните гледишта за Бога нè наведуваат на изопачени идеи за сексуалното однесување, религијата и етиката воопшто, што, пак, од друга страна, доведува до раскинување на меѓучовечките односи. Освен тоа, може да дојде и до губење на вечниот живот (Гал. 5,21).

**Прегледајте ја листата на „телесните дела!“ На кој начин можеш да согледаш дека секое од нив претставува кршење на една или повеќе од Десетте заповеди?**

## ПЛОД НА ДУХОТ (ГАЛАТЈАНИТЕ 5,22-24)

**„А плодот на Духот е: љубовта, радоста, мирот, трпението, љубезноста, добрината, верноста, кротоста, самоконтролата; нема закон против вакви нешта“ (Гал. 5,22.23). На кои начини послушноста на моралниот закон, односно Десетте заповеди, го одразува продот на Духот, онака како што е изразен во овие стихови? (види и Матеј 5,21.22.27.28; 22, 35-40)**

---

---

Десетте заповеди не се алтернатива на љубовта; тие ни ги покажуваат начините на кои можеме да ја изразиме љубовта кон Бога и кон ближните. Без оглед колку го надминува словото на законот, љубовта не е во судир во судир со законот. Мислата дека љубовта кон Бога и љубовта кон ближните ги укинуваат Десетте заповеди има толкава смисла како кога ќе кажеме дека љубовта кон природата го укинува законот на гравитација.

Освен тоа, како спротивност на описот на телесните дела искажани со 15 зборови, плодот на Духот е опишан со девет доблести. Теолозите веруваат дека овие девет доблести се организирани во три грозда со по три доблести, но малкумина се согласуваат околу тоа колку е важен нивниот редослед. Некои во бројот три гледаат прикриено повикување на Тројството; други веруваат дека тие трите илјади ги одразуваат начините на кои треба да се однесуваме кон Бога, нашите ближни и конечно кон самите себеси; додека трети, пак, во оваа листа гледаат опис на самиот Христос.

Иако секој од овие погледи има некои заслуги, најважен факт кој не смее да се занемари е тоа што на љубовта во животот на христијанинот Павле ѝ го дава највисокото место.

Не случајно Павле ја наведува љубовта како прва од десетте доблести. Тој веќе ја нагласил централната улога на љубовта во животот на христијаните во Галатјаните 5,6 и 13, а ја вклучува во својата листа на доблести и на други места (2. Коринќаните 6,6; 1. Тимотеј 4,12; 6,11; 2. Тимотеј 2,22). Додека сите други доблести се појавуваат и во нехристијански извори, љубовта претставува исклучително христијанска доблест. Сето тоа покажува дека љубовта треба да се посматра не само како една меѓу многуте доблести туку и како најважна христијанска карактеристика која претставува клуч за сите останати доблести. Љубовта е најважниот плод на Духот (1. Корин. 13,13; Рим. 5,5), и таа треба да го дефинира животот и однесувањето на секој христијанин (Јован 13,34.35), колу и да е понекогаш тешко да се покаже љубов.

**Во колкава мера самоодрекувањето е содржано во љубовта? Дали можете да сакате без самооткажување? Што учи Исус за љубовта и самооткажувањето?**

## ПАТОТ КОН ПОБЕДАТА

Иако внатрешниот судир меѓу телото и Духот ќе беснее во срцето на секој верник, со христијанскиот живот не треба да доминираат поразите, пропустите и гревот.

**Според текстот во Галатјаните 5,16-26, кој е клучот за Духот да владее со телото во живот на луѓето?**

---

---

Текстот во Галатјаните 5,16-26 содржи клучни глаголи кои го опишуваат начинот на живот во кој владее Духот. Прво, верникот треба да „оди во Духот“ (5,16). Грчкиот глагол е *peripateo* кој буквално значи „да се оди наоколу или да се следи некого“. Следбениците на познатиот грчки филозоф Аристотел станале познати како „перипатетици“, затоа што го следеле Аристотела каде и да одел. Фактот дека глаголот се наоѓа во сегашно време укажува дека Павле не зборува за некое повремено одење, туку за трајно секојдневно искуство. Освен тоа, бидејќи заповедано ни е да „одиме во Духот“, се гледа дека одењето во Духот претставува избор кој секојдневно се повторува.

Другиот глагол е „да се биде воден“ (5,18). Тоа покажува дека треба да му дозволиме на Духот да нè води во правецот во кој треба да одиме (спореди со Римјаните 8,14; 1. Коринќаните 12,2). Нашата работа не е да водиме, туку да следиме.

Следните два глагола се појавуваат во Галатјаните 5,25. Првиот е „живее“ (на грчки *zao*). Под овој глагол Павле го подразбира искуството на новото раѓање кое мора да го обележува животот на секој верник. Павловата употреба на сегашно време укажува на искуството на ново раѓање кое треба да се обновува секој ден. Бидејќи ние живееме во Духот, Павле продолжува и пишува дека треба и да „одиме“ во Духот. Зборот преведен како „оди“ се разликува од оној во 16. стих. Тука е зборот *stoicheo*, а тоа е воен термин кој буквално значи „застанување во ред“, „да се биде во чекор“ или „усогласување.“ Основната мисла овде е дека Духот ни дава не само живот туку дека тој живот треба секојдневно да го насочува.

Во 24. стих Павле го употребува глаголот „распнува“. Секако дека ваквиот пристап по малку изненадува. Ако треба да го следиме Духот, мора да донесеме цврста одлука да ги усмртиме желбите на телото. Се разбира, овде Павле зборува симболички. Ние го распнуваме телото, хранејќи го својот духовен живот и пренебрегнувајќи ги желбите на телото.

**Кои промени и одлуки мора да ги донесете за да ги постигнете победите кои ви се ветени во Христа – победи кои постојано знаат да ви избегаат?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Животот на христијанинот не е секогаш лесен. Тој се соочува со сериозни судири. Го напаѓаат сурови искушенија. Телото живее против Духот, а Духот против телото! Колку повеќе се приближуваме кон крајот на историјата на оваа земја, толку поизмамни и позаводливи ќе бидат нападите на непријателот. Неговите напади ќе стануваат сè поостри и почести. Тие кои се спротивставуваат на светлината и вистината стануваат сè потврдоглави, понеосетливи и погорчени кон оние кои го сакаат Бога и ги држат Неговите заповеди“ (EGW, *SDA Bible Commentary* 6, 1111).

„Влијанието на Светиот Дух е Христовиот живот во душата. Ние не го гледаме Христа и не зборуваме со Него, но Неговиот Свет Дух подеднакво близу до нас на кое било место. Тој зборува секому и преку секој оној што го примил Христа. Оние кои прифаќаат дека Духот живее во нив, ги покажуваат плодовите на Духот – љубов, радост, мир, трпение, добрина, милост и вера“ (EGW, *SDA Bible Commentary* 6, 1112).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислувајте подлабоко за распнување на желбите на телото. Што всушност значи тоа? На кој начин може тоа да се оствари? Зошто Павле употребил толку строг збор? Што ни кажува употребата на глаголот „распнува“ за тоа колку е тешка таа битка?**

**2. Каква улога имаат човечките напори во раѓањето на плодови на Духот? Што ти кажува твоето лично искуство за оваа улога?**

**3. Павле вели дека оние што прават телесни дела нема да го наследат Божјото царство. Како да ја помириме оваа изјава со фактот дека Павле зборува дека се спасуваме со вера, а не со дела?**

**4. Во вашето одење со Господа, која е најголемата борба со која се соочувате? Зар тоа не е гревот и како гревот влијае на вашата заедница со Бога? Кој христијанин не почувствувал отуѓување, сомнеж и разочарување како последица на гревот во својот живот, а особено затоа што имаме ветување за победа над тој грев? Земајќи го предвид фактот во контекст на победа над гревот, зошто секогаш мораме да имаме на ум дека нашето спасение во потполност почива на она што Исус го направил за нас?**

**РЕЗИМЕ:** Иако во животот на секој верник постои судир помеѓу телесните желби и желбите на Духот, христијанскиот живот не мора да биде осуден на пораз. Бидејќи Христос ја победил силата на гревот и смртта, христијанскиот живот може да биде живот во кој владее Духот, снабдувајќи нè секој ден со Божјата благодат, која нè оспособува да ги победиме телесните желби.

**Поука 13**
**16 - 24 септември 2017**

# ЕВАНГЕЛИЕТО И ЦРКВАТА



**ПРОЧИТАЈ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Галатјаните 6,1-10; Матеј 18,15-17; 1. Коринќаните 10,12; Римјаните 15,1; Јован 13,34; Лука 22,3.**

**ЗАПОМНИ ГО СТИХОТ: „Затоа, додека имаме време, да им правиме добро на сите, а најмногу на оние, кои припаѓаат на нашето семејство по вера“ (Галатјаните 6,10).**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

Некои земјоделци одлучиле најголемите компири да ги зачуваат за себе, а најситните да ги употребат за семе. По неколку обесхрабрителни жетви, заклучиле дека самата природа ги направила нивните компири да се смалат како џамлии. Од оваа катастрофа луѓето научиле една важна животна поука.

„Не требало најдоброто да го задржат за себе, а само остатоците да ги употребат за семе. Законот на животот гласи дека ќе го пожнееш она што си го посеал.

Во извесна смисла, сеењето на ситни компири и понатаму сеопшт обичај. Ние во животот го земаме за себе она што е најдобро, а остатоците ги сееме. Потоа очекуваме, со чудесно менување на духовните закони, нашата себичност да биде наградена со несебичност“ (*International Student Fellowship Newsletter,* March 2007).

Ова начело Павле го применува во Галатјаните 6,1-10. Наместо верниците меѓусебно да се „колат и да се јадат“ (Галатјаните 5,15), црквата треба да биде место во кое Духот ќе нè упатува да си даваме предност едни на други. Сфаќањето дека се спасуваме преку благодатта треба да нè направи поскромни и потрпеливи во начинот на кој се однесуваме едни кон други.

## ПОДИГНЕТЕ ГИ ОНИЕ КОИ ПАДНАЛЕ

Иако Павле имал големи очекувања кога е во прашање начинот на христијанскиот живот (Галатјаните 5,16), советите што им ги дал на верниците во Галатјаните 6,1 носеле толку реално освежување. Луѓето не се совршени, па дури ни најпреданите христијани не се отпорни на грешки. Во грчкиот јазик, Павловите зборови во Галатјаните 5,16 укажуваат дека тој си ја замислува состојбата која ќе завладее во црквата во одредено време. Павле на Галатјаните им дава практични совети како да постапуваат во случај да дојде до такви ситуации.

**Како треба христијаните да се однесуваат кога некој верник ќе прифати одреден облик на нехристијанско однесување? Гал. 6,1; Матеј 18,15-17**

---

За да имаме полза од Павловиот совет во Галатјаните 6,1, мора да си ја замислиме токму онаа состојбата што ја има на ум апостол Павле. Таа состојба е опишана со два збора кои се појавуваат во првиот дел на овој текст. Првата е „падне“ или „биде фатен“. Буквално, овој збор значи „пронајден, фатен или изненаден“. Контекстот, но и нијансите во значењето кои се поврзани со тој збор, упатуваат на тоа дека Павле има на ум два аспекта. Тој не зборува само за верник кој успеал да „фати“ друг верник во некое недолично однесување, туку и за процес во кој и самиот тој верник е „фатен“ во однесување (види Мудри изреки 5,22) кое, во подобри околности, сигурно би ги избегнал.

Дека грешката за која Павле зборува не е намерна, покажува и терминологијата со којашто тој се служи. Зборот преведен како „грев“ доаѓа од грчкиот збор *paraptoma* кој не се однесува на намерен грев, туку на грешка, потклекнување или погрешен чекор. Ова последново има смисла во светлината на Павловиот претходен коментар за „одењето“ во Духот. Иако тоа никако не ја оправдува сторената грешка, јасно е дека Павле не зборува за намерен грев (1. Коринќаните 5,1-5).

Правилниот пристап во ваков случај не треба да биде казна, осуда или исклучување, туку подигање. Грчкиот збор преведен како „обновува“ гласи *katartizo* и значи „крпи“ или „доведува во ред“. Во Новиот завет овој збор се употребува за крпење на мрежи (Матеј 4,21), но и за да се објасни процесот на местење на скршена коска според грчката медицинска литература. Исто како што не би го оставиле верникот кој паднал и скршил нога, како членови на Христовото тело, ние нежно ќе се погрижиме за братот или сестрата кои паднале додека заедно сме оделе на патот кон Божјето царство.

**Наместо да го применуваме советот од Матеј 18,15-17, зошто толку често зборуваме лошо за оние на кои им се лутиме, и му дозволуваме на нашиот гнев да се разгори, па дури и да планираме одмазда?**

## ЧУВАЈТЕ СЕ ОД ИСКУШЕНИЈАТА

„Тогаш Натан му рече на Давида: „Ти си тој човек!“ (2. Самоилова 12,7)

Сериозноста на Павловите зборови во Галатјаните 6,1 да се чуваме себеси и својот живот за да не паднеме во искушение не смее да се занемари. Итноста и грижата кои ги пратат Павловите зборови може да се видат според начинот на кој го упатува својот повик. Зборот преведен како „земајќи го во обзир“ или „грижејќи се“ буквално значи „внимателно гледајте“ или „вложете големи напори“ (спореди со Римј. 16,17, Филип. 2,4). Според тоа, Павле буквално зборува „внимателно да се чуваме себеси“ со цел нападот на гревот да не нè изненади и да нè најде неподготвени. За да ја нагласи својата опомена, Павле преминува од второ лице множина „сите вие“ во првата половина на текстот во Галатјаните 6,1 на второ лице еднина „ти“ во последниот дел на стихот. Тоа не е некое општо предупредување кое се однесува на целата црква, туку претставува лично предупредување упатено до секој поединец во рамките на црквата.

Павле не ја објаснува изречно природата на искушението на која толку строго ги предупредува Галатјаните. Можеби и нема предвид некој одреден прекршок, туку едноставно зборува за опасноста некој да не го стори *истиот* грев, без оглед каков, од кој сака да ги зачува другите. Во исто време, неговите зборови во Галатјаните 5,26 упатени против „самољубието“ (лажната слава) укажуваат дека ги опоменува против чувството дека на некој начин се духовно надмоќни, далеку над оние кои сакаат да ги спасат, да ги подигнат.

**Зошто Павле чувствува потреба да ги опомене Галатјаните против духовната горделивост? Земете ги предвид и 1. Коринќаните 10,12, Матеј 26,34; 2. Самоилова 12,1-7**

---

---

Една од најголемите опасности во христијанскиот живот е чувството на духовна горделивост, кое прави да мислиме дека на некој начин сме отпорни на некои облици на гревот. Сепак, нè отрезнува фактот дека сите ние имаме грешна природа – природа која му се противи на Бога. И така, без воздржувачката сила на Божјиот Дух, можеме да се спуштиме до скоро секој облик на грев, само кога за тоа ќе настанат поволни околности. Таквата свест за нашата вистинска состојба без Христа може да ни помогне да не паднеме во гревот на самоправедноста, а може да нè вдахне и со поголемо сочувство кон оние кои ќе паднат и ќе сторат некаков грев.

**Колку пати сте се фатиле себеси како ги осудуваш другите (можеби само во своето срце) за гревови за кои и вие некогаш сте станале криви пред Бога?**

## НОСЕЊЕ НА ТОВАРОТ (ГАЛАТЈАНИТЕ 6,2-5)

**Освен да ги подигаат паднатите, која друга одговорност им ја дал Павле на верниците во Галатија? Гал. 6,2-5; види и Рим. 15,1, Матеј 7,12.**

---

Грчкиот збор преведен како „бреме“ во Галатјаните 6,5 гласи *baros*. Тој се однесува на тешките товари кои некој морал да ги носи на голема оддалеченост. Меѓутоа, со текот на времето, зборот станал метафора за каков било вид на неволја или тешкотија, како, на пример, товарот на долгиот работен ден полн со спарина и жега (Матеј 20,12). Иако непосредниот контекст на Павловиот совет „да ги носат бремињата едни на други“ сигурно го опфаќало и моралното потклекнување на другите верници, споменати во претходниот стих, замислата која тој ги има на ум, да се носат товарите, е многу поширока. Павловите совети откриваат неколку вида духовни видувања во христијанскиот живот, кои не смеат да бидат занемарени.

Прво, како што забележува еден писател. „Сите христијани имаат свои товари. Нашите товари можат да се разликуваат по големина, облик или вид, зависно од намерите кои ги има Провидението во нашиот живот. За некои, тоа е товарот на искушенијата и последиците на моралното потклекнување, како во Галатите 6,1. За други, тоа може да биде физичка болест или ментална несреденост, семејна криза, невработеност или измачување од демони, како и мноштво други неволји; но ниту еден христијанин не е изземен од носењето на товарите“( T. George, Galatians, стр. 413).

Второ, Бог не сака своите товари да ги носиме сами. За несреќа, често пати сме многу поподготвени да им помогнеме на другите во носењето на нивните товари, отколку што им дозволуваме на другите да ни помогнат во носењето на нашите. Павле го осудува ваквото однесување како самодоволност (Галатјаните 6,3), како човечка горделивост, кога одбиваме да признаеме дека имаме потреби и слабости. Не само што таквата горделивост ни ја ускратува утехата којашто можеме да ја примиме од другите туку ги спречува и другите да ја исполнат службата која Бог ги ја повеикал да ја извршат.

Конечно, Бог нè повикува да ги носиме товарите на другите, бидејќи преку таквото наше однесување се покажува Божјата утеха. Оваа грижа е втемелена на фактот дека Црквата е Христово тело. Илустрација за оваа вистина наоѓаме во Павловите зборови: „Но, Бог, кој ги утешува потиштените, нè утеши со доаѓањето на Тит!“ (2. Коринќаните 7,6). Забележете дека таа Божјата утеха не му била дадена на Павле преку негова лична молитва и чекање на Господа, туку преку дружењето со пријателите и преку радосната вест што тој им ја донел. „Човечкото пријателство, во кое ги носиме товарите едни на други, се дел од Божјата намера со Неговиот народ“ (Џ. Стот, *The Message of Galatians,* стр. 158).

**Што те задржува да побараш помош – горделивоста, недостатокот на доверба или чувството на самодоволност? Ако имаш некоја потреба, зошто не побараш некого во кого имаш доверба и не го замолиш да ти помогне да го носиш својот товар?**

## ХРИСТОВ ЗАКОН (ГАЛАТЈАНИТЕ 6,2-5)

**Носењето на товарите Павле го поврзува со исполнувањето на Христовиот закон. Што мисли кога вели „законот Христов“? Галатјаните 5,14; 6,2; Јован 13,34; Матеј 22,34-40.**

---

Павловата употреба на изразот „законот Христов“ (*ton nomon tou Christou*) не се појавува на ниедно друго место во Библијата, иако тој се служи со сличен израз во 1. Коринќаните 9,21 (*ennomos Christou*). Единственоста на овој израз како последица имала голем број толкувања. Некои погрешно сметаат дека тоа е доказ во прилог на фактот дека Божјиот закон на Синај бил заменет со друг закон, Христовиот закон. Други мислат дека зборот едноставно означува општи начела (види Рим. 7,21), во кои со носењето на товарите на другите го следиме Христовиот пример. Иако второто толкување има и некои добри страни, контекстот и сличната терминологија како во Галатјаните 5,14 упатуваат дека „исполнувањето на Христовиот закон“ е само уште едно повикување на исполнување на Мојсеевиот закон преку љубовта. Павле многу порано во своето послание покажал дека моралниот закон не е укинат со Христовото доаѓање. Наместо тоа, моралниот закон, протолкуван со љубовта, продолжува да има важна улога во животот на христијанинот. Тоа е кус приказ на она што го направил Исус за време на својата земна служба, а го правел во текот на целиот свој живот, па дури и при својата смрт. Со носењето на товарите на другите, ние не само што ги следиме Исусовите стапки туку го исполнуваме и Неговиот закон.

Во овие стихови се појавува уште еден проблем, очигледна спротивност меѓу Галатјаните 6,2 и 6,5. Овој проблем, меѓутоа, се решава многу лесно кога ќе сфатиме дека Павле ги употребува овие два збора за да опише две различни состојби. Како што веќе видовме, зборот *товар* во 2. стих (*baros*) се однесува на тешки товари кои се носат на голема оддалеченост. Зборот „phortion“ во 5. стих, меѓутоа, се однесува на бродски товар, на војнички ранец, па дури и на дете во мајчината утроба. Додека претходниот товар можел да се симне, вториот не можел. Бремената жена мора да го носи своето дете. Како што покажува овој пример, има некои товари кои другите луѓе може да ни помогнат да ги носиме заедно, или тие да ги носат наместо нас. Наспроти тоа, има и такви товари, како што се разбудената совест, страдањата или смртта, во кои не може да ни помогне помошта на другите луѓе. За овие товари мораме да се потпреме единствено на Божјата помош (Матеј 11,28-30).

**Додека за некои товари можете да добиете помош од другите луѓе, други товари, пак, треба да ги повериме само на Господа. Како да научите на Господа да му ги препуштите товарите кои не сте во состојба да ги носите сами?**

## СЕТВА И ЖЕТВА (ГАЛАТЈАНИТЕ 6,6-10)

Во Галатјаните 6,7 зборот преведен како „се потсмева“ (*mukterizo*) се појавува само овде во Новиот завет, иако често пати го наоѓаме во грчкиот превод на Стариот завет. Овој збор буквално значи „го свртиш носот со презир“. Во Стариот завет тоа се однесува главно на презирање на Божјите пророци (2. Дневникот 36,16; Еремија 20,7), а овој збор еднаш дури е употребен за да се опише бунтовниот однос на народот кон Бога (Езекил 8,17). Павле нагласува дека луѓето можат да го занемарат Бога, па дури да ги отфрлат Неговите заповеди, но според мудроста не можат да се мерат со Него, не можат да го надмудрат. Тој е конечен судија и на крајот грешниците ќе ја платат цената за своите дела.

**Прочитај го текстот во посланието до Галатјаните 6,8! Што сака да каже Павле овде? Кои примери во Библијата може да ги најдеме за луѓето кои сееле во тело и оние кои сееле во Дух? (види, на пример, Дела 5,1-5; Лука 22,3; Даниел 1,8; Матеј 4,1)**

Павловата метафора за сеењето и собирањето на плодот не е единствена. Тоа е животен факт кој се појавува во многу стари поговорки и изреки. Меѓутоа, важен е начинот на кој го употребува Павле за да ги нагласи своите претходни коментари за телото и Духот. Еден писател вели: „Современиот еквивалент е дека сме слободни да избереме, но не сме слободни да ги избереме последиците на својот избор“ (Ј. Дан, *Galatians,* p.30).

Иако Бог не нѐ ослободува секогаш од последиците на нашите гревови, ние не смееме да се препуштиме на очајот поради погрешните одлуки што сме ги донеле. Може да се радуваме дека Бог ни ги простил гревовите и нѐ прифатил како свои деца. Треба да се радуваме на шансите кои сме ги добиле за да го сееме она што ќе ни донесе небесна жетва.

Во меѓувреме, текстот во Галатјаните 6,10 го опишува фактот дека „христијанската етика има двостран фокус: првиот е универзален и сеопфатен: ’Да правиме добро на сите луѓе!’, а другиот е посебен и личен: ’А особено на оние кои се со нас во верата!’“ Павловиот универзален повик е втемелен на фактот дека сите луѓе се создадени според Божјиот лик и затоа се бескрајно вредни во Неговите очи. Секогаш кога христијаните го заборавале овој важен факт на божественото откровение, неизбежно запаѓале во заслепувачките гревови на расизмот, сексизмот*, трибализмот**, класните поделби и во илјадниците други лаги кои го мачеле човечкиот род од Адам и Ева па сѐ до нашите денови“ (Т. Џорџ, *Galatians*, стр. 427.428).

**Сееш или за добро или за зло. Добро да се погледнеме себеси! Каква жетва на крајот ќе пожнееме?**

* Сексизам, нерамноправност на половите, дискриминација начесто од страна на мажите кон жените.

** Трибализам, организација на здружение засновано на солидарноста на луѓето кои потекнуваат од ист крај, иста етничка група и сл.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Божјиот Дух го држи злото под власта на совеста. Кога човекот ќе се издигне над влијанието на Духот, ја пожнее жетвата на беззаконието. Над таквиот човек Духот има сè помало и помало влијание да го заузди да не сее непослушност. Опомените имаат сè помало и помало влијание и не допираат до него. Тој постепено го губи и стравот Господов. Тој сее во тело; ќе пожнее расипаност. Жетвата на семето што самиот го посеал, тукуштo созрева. Тој ги презира Божјите свети заповеди. Неговото телесно срце станува камено. Отпорот кон вистината го охрабрува во беззаконието. Токму затоа што луѓето сееле зло, во претпотопниот свет преовладувале насилства, злосторства и беззаконие.

Сите треба да бидат известени за сретставата кои ја разоруваат душата. Тоа не се случува поради некој декрет што Бог го издал против луѓето. Бог не направил луѓето да станат духовно слепи. Тој им дал доволно светлина и докази за да го оспособи човекот да ја разликува вистината од заблудата. Меѓутоа, Тој не го присилува човекот да ја прифати вистината. Тој му дава слободна волја да го избере доброто или да го избере злото. Ако човек им се спротивставува на доказите кои се сосем доволни да ги поведат неговите мисли во исправна насока, а тој сепак го избере злото, следниот пат ќе биде многу поподготвен да го стори тоа. Третиот пат уште порешително ќе се оддалечи од Бога и со поголема желба да застане на страната на сатаната.И ќе продолжи да оди во таа насока сè додека не се утврди во злото, да верува во лагата што ја негувал како вистина. Неговиот отпор ја донел својата жетва“ (EGW, SDA BC 6, 1112).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Во практична смисла, што значи тоа „да го подигнеш“ верникот кој западнал во грев? На кој начин природата на сторениот грев ќе влијае на процесот на закрепнување? Дали станувањето значи дека се ќе биде исто како пред паѓањето во грев?**

**2. Бидејќи постојат некои товари кои луѓето мораат да ги носат сами (Галатјаните 6,5), како верникот да одлучи дали треба некому да му помогне?**

**3. Во колкава мера твојата црква успеала да ги примени Павловите совети во Галатјаните 6 глава? Со што би можел да придонесеш состојбата да се унапреди?**

**РЕЗИМЕ:** Доказот на Божјата присутност меѓу припадниците на својот народ е христоликиот дух кој владее во црквата. Тој може да се забележи според начинот на кој проштавањето и христијанската помош се укажуваат на оние кои грешат, според тоа како верниците си помагаат едни на други во неволја, во намерни дела на љубезност не само во однос на верниците, туку и во однос на другите луѓе.

**Поука 14**
**23 - 29 септември 2017**

# ДА СЕ ФАЛИМЕ СО КРСТОТ



**ПРОЧИТАЈ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Галатјаните 6,11-18; Римјаните 6,2-6; 12,1-8; 2. Коринќаните 4,10; 5,17; 11,23-29**

**ЗАПОМНИ ГО СТИХОТ: „А мене, да не ми даде Господ да се фалам со ништо друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку кого за мене светот е распнат, а и јас за светот“ (Галатјаните 6,14).**

Ова проучување на посланието до Галатјаните беше мошне сериозно и исцрпно. Свесен за својот позив и за вистинитоста на она што го проповедал (впрочем, како што рекол многу пати, вистината доаѓа од Господа), Павле пишувал вдахнат од ревноста на старозаветните пророци Исаија, Еремија и Осија. Исто како што тие го преколнувале Божјиот народ во нивно време да се одврати од своите грешни патишта, така и Павле го правел тоа за народот во негово време.

Без оглед на различните околности, конечно, зборовите на пророк Еремија исто така можат да се применат на Галатјаните како што се применувале на народот во негово време: „Така вели Господ: мудриот да не се фали со мудроста своја, силниот да не се фали со силата своја, богатиот да не се фали со богатството свое. А кој се фали, нека се фали со тоа дека ме разбира мене и дека знае дека Јас сум Господ, кој покажува милост, суд и правда на земјата; зашто само овие работи Ми се угодни, вели Господ“ (Еремија 9,23.24).

На ниедно место нашата „славна“ човечка мудрост, нашето богатство и нашата моќ не се појавуваат појасно во својата залудност и суета како пред крстот на Исуса Христа – кој е фокус на Павловото писмо упатено до неговото заталкано стадо во Галатија.

## СО ПАВЛОВАТА СОПСТВЕНА РАКА

**Спореди ја Павловата завршна забелешка во Галатјаните 6,11-18 со завршните забелешки во неговите други посланија. На кој начин завршните зборови во Галатјаните се разликуваат од завршните зборови во другите посланија, а на кој начин тие се слични? Види ги завршните зборови во Римјаните, Прва и Втора Коринќаните, во Ефесјаните, Филипјаните, Колошаните и во Прва и Втора Солуњаните.**

---

Павловите завршни зборови не се секогаш еднакви, но сепак во нив се појавува извесен број заеднички елементи: (1) поздрави упатени до одредени поединци, (2) конечни опомени, (3) личен потпис и (4) завршна молитва и благослов. Кога овие заеднички елементи во другите посланија ќе се споредат со Павловите завршни зборови во Галатјаните, ќе се видат две значајни разлики.

Прво, за разлика од другите Павлови посланија, во Галатјаните нема поединечни поздрави. Зошто? Како и изоставувањето на традиционалната благодарност на почетокот на посланието, тоа веројатно претставува уште еден доказ за затегнатите односи меѓу Павле и Галатјаните. Павле е љубезен, но воздржан.

Второ, мораме да се сетиме дека Павле имал обичај своите писма да му ги диктира на својот писар (Римјаните 16,22). А тогаш, кога ќе завршел, би го зел перото во својата рака и би напишал неколку кратки зборови на крајот на посланието (1. Кор. 16,21). Меѓутоа, во Галатјаните Павле го менува својот вообичаен начин на постапување. Кога го зема перото од рацете на писарот, Павле и понатаму е загрижен поради околностите кои владееле во Галатија, така што напишал многу подолга порака. Едноставно, не бил во состојба да го прекине пишувањето сè додека уште еднаш не ги повика Галатјаните да се одвратат од своите неразумни патишта.

Во Галатјаните 6,11 Павле нагласува дека својот текст го пишува со големи букви. Нам навистина не ни е познато зошто го прави тоа. Некои претпоставуваат дека Павле не зборува за големината на буквите, туку за нивниот искривен облик. Тие мислат дека неговите раце биле толку изнемоштени од прогонставата и правењето шатори, што повеќе не бил во состојба правилно да ги обликува своите букви. Други, пак, веруваат дека неговите коментари даваат уште еден доказ за неговиот слаб вид. Иако и двете толкувања се можни, изгледа оти е многу поедноставно да заклучиме дека Павле намерно пишувал со големи букви за да ги нагласи и подвлече важните зборови или мисли на тој начин што ќе ги напише со големи букви или ќе ги подвлече со црта.

Без оглед на причината, Павле сигурно сакал неговите читатели да ги послушаат неговите зборови на совет и опомена.

## ФАЛЕЊЕ ПО ТЕЛО

**Прочитај го текстот во Галатјаните 6,12.13! Што ни зборува Павле во овие стихови?**

---

Иако Павле веќе укажувал на побудите и намерите на своите противници (Галатјаните 1,7; 4,17), неговата забелешка во Галатјаните 6,12.13 е прв прецизен коментар за неговите непријатели. Тој ги опишува како луѓе кои сакаат „да се фалат со телото“. Изразот „да се фалат“ на грчки јазик буквално значи да стават „добро лице.“ Всушност, зборот за „лице“ во грчкиот јазик е ист како и за актерската маска; оттука овој збор се употребувал симболички за да означи некоја актерска улога. Со други зборови, Павле зборува дека тие луѓе се слични на глумци, кои бараат аплауз од своите гледачи. Во една култура втемелена на чест и срам, согласувањето е важно, бидејќи и оние кои проповедале заблуди изгледа се обидувале да го поправат својот углед пред своите сонародници Евреи во Галатија, како и пред другите еврејски христијани во Ерусалим.

Павле истакнува еден важен факт поврзан со нивните побуди и желбата да го избегнат прогонството. Иако прогонството може да се сфати во неговиот драматичен облик, кој ја опфаќа и физичката злоупотреба, тоа може да биде исто така разорно и во своите поблаги облици, како што се вознемирување и исклучување. Павле и останатите фанатични ревнители во Јудеја некогаш се служеле со првиот облик (Гал. 1,13), но и вториот облик имал многу непријатни последици за христијаните.

Еврејските религиски старешини и понатаму имале значајно политичко влијание на многу подрачја. Тие ја имале политичката потврда на Рим; според тоа, многу еврејски христијани биле мошне ревни во тоа да ги одржат добрите односи со нив. Обрежувајќи ги незнабошците, учејќи ги да ја почитуваат Тората, Павловите противници во Галатија можеле да укажат на заедничките цели со локалните Евреи. Тоа би им овозможило да ги задржат добрите односи во синагогите и би ги засилиле пријателските врски со еврејските верници во Ерусалим, кои негувале сè поголеми сомнежи кон делото кое се извршувало меѓу незнабошците (Дела 21,20.21). Несомнено е дека, во извесна смисла, нивното дејствување можело да придонесе сведочењето меѓу Евреите да биде поуспешно.

Без оглед што имал Павле на ум, неговите зборови се јасни: „А и сите, што сакаат да живеат побожно во Христос Исус ќе бидат гонети“ (2. Тимотеј 3,12).

**Зошто Павловите противници ги проповедале своите заблуди? Кога ќе се земат предвид сите работи, сè изгледа многу разумно. Што ни кажува тоа за опасноста дека дури и од најдобри побуди можеме да скршнеме од патот, доколку не сме доволно внимателни? Кога последен пат си направил нешто грешно од добри побуди?**

## ФАЛЕЈЌИ СЕ СО КРСТОТ

**„А мене, да не ми даде Господ да се фалам со ништо друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого за мене светот е распнат, а и јас за светот“ (Галатјаните 6,14).**

Откако ги разобличил мотивите што навеле некои од христијаните да проповедаат за обрезанието, Павле уште еднаш конечно, иако во збиен облик, на Галатјаните им го претставува своето евангелие. За Павле, евангелието е втемелено на два основни столба: (1) на централното место кое го има крстот (Галатјаните 6,14) и (2) на доктрината за оправдувањето (Галатјаните 6,15). Во денешниот дел на поуката ќе се сосредоточиме на првиот столб.

Живеејќи во дваесет и првиот век, нам ни е тешко да го сфатиме шокот кој првобитно го предизвикале Павловите коментари за крстот (Галатјаните 6,14). Во денешно време Христовиот крст е општо прифатен и ценет симбол кој предизвикува позитивни чувства кај повеќето луѓе. Меѓутоа, во деновите на апостол Павле, крстот не бил нешто за фалење, туку нешто презрено и срамно. Презирот со кој стариот свет гледал на Христовиот крст, јасно се гледа на првото познато ликовно претставување на распетието. Временски сместен во првата половина на вториот век, прастариот графит - цртеж на ѕид - претставува распетие на човек со глава на магаре. Под крстот, поврзан со човекот кој се моли со склопени раце, стои натписот: „Александар му се моли на својот бог!“ Едно е јасно: Христовиот крст го сметале за нешто срамно. Токму во овој контекст Павле храбро изјавува дека со ништо друго не се фали, освен со крстот на својот Господ Исус Христос!

**До кои разлики довел Христовиот крст во Павловиот однос кон светот? Галатјаните 6,14; Римјаните 6,1-6; 12,1-8; Филипјаните 3,8**

---

Христовиот крст за верникот значи сè. Тој нè повикува не само повторно да го преиспитаме начинот на кој се посматраме себеси, туку и нашиот однос кон светот. Светот – ова сегашно расипано време и сè што опфаќа тоа (1. Јованово 2,16) – целосно му се спротивставува на Бога. Бидејќи ние сме умреле со Христа, светот нема повеќе сила да нè заробува како некогаш, така што повеќе го нема ни стариот живот со кој некогаш сме живееле. Раководејќи се според Павловата аналогија, одвојувањето меѓу верникот и светот треба да изгледа како да умреле еден за друг.

**Како влијаел крстот на твојот однос кон светот? До какви промени дошло во твојот живот? Колку твојот живот сега е поинаков од поранешниот, пред да му го предадаш својот живот на Господа, кој умрел за тебе?**

## НОВО СОЗДАНИЕ

Откако го нагласил централното место на Христовиот крст во животот на христијанинот, Павле сега нагласува еден друг темелен столб на својата евангелска порака: оправдувањето со вера.

Како што проучувавме во текот на целото тримесечје, Павле, всушност, го поставил обрезанието наспроти евангелието. Но, тој не бил против самото обрезание. Павле дал неколку важни изјави против обрезанието (види Галатјаните 5,2-4), но тој не сака Галатјаните да дојдат до заклучок дека необрежувањето му е многу поугодно на Бога од обрежувањето. Тој не го тврди тоа, бидејќи некој може да биде исто толку легалистички настроен во поглед на она што некој го прави, како и кон она што не го прави! Зборувајќи со духовен јазик, прашањето на обрезанието само по себе не е важно. Вистинската религија е помалку втемелена на видливото однесување, а повеќе на состојбата на човечкото срце. Како што рекол и самиот Исус, некој може прекрасно да изгледа на очи, а однатре да биде расипан (Матеј 23,27).

**Што значи да бидеш ново создание? Галатјаните 6,15; 2. Коринќаните 5,17. На кој начин лично си го искусил тоа?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Грчкиот збор преведен како „создание“ гласи *ktisis*. Тој може да се однесува на секое поединечно создание (Евреите 4,13) или на сите создадени суштества (Римјаните 8,22). Во двата случаја, зборот укажува на дејствувањето на Создателот. Токму тоа Павле сака да го истакне. Да се стане „ново создание“ не е нешто што можеме да го постигнеме со човечки напори - било со обрезание или што и да е друго. Исус зборува за тој процес како ново раѓање (Јован 3,5-8). Тоа е божествен акт со кој Бог ја зема личноста која е духовно мртва и во неа вдахнува духовен живот. Тоа е уште една метафора која го опишува спасоносниот акт, кој Павле симболички го нарекува оправдување со вера.

За тоа искуство на ново создавање, Павле многу подетално зборува во 2. Кор. 5,17. Во овој стих објаснува дека станувањето ново создание значи многу повеќе од промената на статусот во небесните книги; тоа носи промена и во нашиот сегашен живот. И како што вели еден писател, тоа „вклучува цел процес на промена: обновувачкото дело на Светиот Дух кое води кон покајание и вера, секојдневниот процес на умртвување и оживување, постојаното растење во светоста која на крајот доведува до усогласување со ликот на Исуса Христа“ (Т. Џорџ, *Galatians,* стр. 438).

Но, нас не нè оправдува тоа што стануваме ново создание. Наместо тоа, оваа радикална промена е очевидно покажување на сè она што значи да се биде оправдан.

## ЗАВРШНИ ЗАБЕЛЕШКИ

**Павле го изрекува својот благослов над оние кои „живеат според ова правило“ (Галатјаните 6,16). Гледајќи на контекстот, за какво правило зборува Павле?**

---

---

Зборот преведен како „правило“ буквално се однесува на стап што го употребувале ѕидарите и столарите за мерење. Зборот на крајот добил фигуративно значење како правило или мерило со кое нешто се мери. На пример, кога зборуваат за канонот на Новиот завет, луѓето зборуваат за дваесет и седумте новозаветни книги, кои се сметаат за авторитативни во одредувањето на верувањата и животот на црквата. Според тоа, ако некое учење не е во согласност со мерилото кое го претставуваат овие книги, не може да се прифати.

**Какви се „раните на Господа Исуса“ кои Павле ги носел на своето тело? Што сакал да каже кога напишал дека никој не смее „да му досадува“ затоа што ги има? Можеби текстот во Галатјаните 6,14 ќе ни помогне да го добиеме одговорот? Галатјаните 6,17; 2. Коринќаните 4,10; 11,23-29**

---

---

Зборот „белези“ доаѓа од грчкиот збор *stigmata* од кој е изведен нашиот теолошки поим „стигма“. Павле можеби зборува за општиот обичај на жигосување на робовите со знакот на нивниот господар, како начин на препознавање или за обичајот на некои таинствени религии во кои предадените верници самите се обележуваат во знак на лојалност. Во секој случај, под „белезите на Господа Исуса“ Павле сигурно мисли на лузните на своето тело кои ги добил поради прогонствата и тешкотиите (види 2. Коринќаните 4,10; 11,24-27). Неговите противници бараат да ги наведе обратениците од незнабоштво да го прифатат знакот на обрезанието како доказ на нивното покорување на јудаизмот. Меѓутоа, Павле носи ознаки кои сведочат чиј роб станал, за него не постои друга верност освен верноста кон Исуса Христа... Лузните кои ги стекнал Павле од своите противници додека бил во служба на својот Господар, зборуваат многу повеќе за неговата преданост на Христа“ (E.G.W, SDA BC 6, 989).

**Какви белези, било физички или некои други, носиш на себе, белези кои си ги добил поради својата преданост и вера во Исуса? Со други зборови, со што си ја платил својата вера?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Крстот на Голгота ја предизвикува и конечно ќе ја победи секоја земска и пеколна сила. Во крстот се собираат сите влијанија, но од него и произлегуваат. Тој е голем центар на привлечност, бидејќи на него Христос го дал својот живот за човечкиот род. Оваа жртва била понудена со цел човекот да биде обновен во своето првобитно совршенство. Да, дури и повеќе, таа била понудена за да му овозможи целосно преобразување на карактерот, за да го направи целосен победник.

Оние кои со Христова сила ќе го совладаат големиот непријател на Бога и човекот, ќе заземат положби во небесните дворови во кои ќе бидат повисоки од ангелите кои никогаш не згрешиле.

Христос изјавува: 'И кога ќе бидам подигнат од земјата, сите ќе ги привлечам кон себе!' Ако крстот не пронајде некое влијание кое му оди во прилог, тој ќе го создаде. Како што минуваат генерациите, вистината за ова време се открива како сегашна вистина. Христос на крстот бил посредник во кој се сретнале милоста и вистината, а праведноста и мирот се бакнале. Тоа е средството кое може да го придвижи светот" (E.G.W, *SDA Bible Commentary,* 6 книга, 1113).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Какво значење му даваш на фактот дека Павле го почнува и го завршува своето послание повикувајќи се на Божјата благодат? Спореди со Галатјаните 1,3 со 6,18!**

**2. Во светлината на Павловата изјава дека е „распнат за светот" (Галатјаните 6,14), каков однос во денешно време треба христијанинот да воспостави со светот? Како треба да се однесува еден христијанин кон прашањата поврзани со животната средина, расизмот или абортусот, доколку умрел за светот?**

**3. Како некој може да утврди дали го стекнал искуството на новото создавање за коешто пишува апостол Павле?**

**4. Врз основа на она што го научивме ова тримесечје, како накратко би го опишале Павловото гледиште за следните теми: за законот, за делата на законот, оправдувањето со вера, стариот и новиот завет, Христовото дело и природата на христијанскиот живот?**

**РЕЗИМЕ:** Вистинската религија не се состои од видливи дела, туку од состојбата на човековото срце. Кога своето срце ќе му го предаде на Бога, како што ќе расте во верата, животот на човекот сè повеќе и повеќе ќе го одразува Христовиот карактер. Срцето мора да му се покори на Христа, а кога ќе се случи тоа, сè друго сигурно ќе се оствари.

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



## УТРИНСКИ СТИХОВИ - ЈУЛИ

# БОЖЈИ ХЕРОИ

### ДОГОВОР СО БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Сабота* | **2. Дневникот 1,1.** | *Договор со Бога* |

### НЕБОТО САКА СОРАБОТКА

| | | |
|---|---|---|
| *2. Недела* | **1. Царевите.** | *Како мало дете* |
| *3. Понеделник* | **Јаков 1,5.** | *Да бараме мудрост* |
| *4. Вторник* | **1. Царевите 4,33.** | *Најмудиот меѓу луѓето* |
| *5. Среда* | **2. Коринќаните 6,17.** | *Каков епитаф!* |
| *6. Четврток* | **Матеј 6,24.** | *Продадена чест* |
| *7. Петок* | **Мудри изреки 10,22.** | *Вистинско богатство* |
| *8. Сабота* | **1. Царевите 4,34.** | *На раскрсница* |

### ГЛАСОТ НА ИСКУСТВОТО

| | | |
|---|---|---|
| *9. Недела* | **Проповедник 2,11.** | *Задоцнето будење* |
| *10. Понеделник* | **Проповедник 11,9.** | *Гласот на искуството* |
| *11. Вторник* | **2. Дневникот 4,11.** | *Непосветени способности* |
| *12. Среда* | **1. Царевите 10,9.** | *Да се упати пофалба на оној што му припаѓа* |
| *13. Четврток* | **Проповедник 10,5.6.** | *Срамни спомeници* |
| *14. Петок* | **2. Дневникот 12,1.** | *„Сиот Израел со него.“* |
| *15. Сабота* | **1. Царевите 13,4**. | *Одземена рака* |

### БОЖЈИТЕ ХЕРОИ

| | | |
|---|---|---|
| *16. Недела* | **2. Дневникот 14,11.** | *Аса му верувал на Бога* |
| *17. Понеделник* | **1. Царевите 21,25.** | *Разорното влијание на Езавела* |
| *18. Вторник* | **1. Царевите 17,1.** | *Глас во пустината* |
| *19. Среда* | **1. Царевите 17,13.14.** | *Последната трошка храна* |
| *20. Четврток* | **Филипјаните 4,19.** | *„Поблажено е да се дава...“* |
| *21. Петок* | **1. Царевите 18,18.** | *Илија пред Ахав* |
| *22. Сабота* | **1. Царевите 18,21.** | *Божјите херои* |

### ОТКАЖИ СЕ ОД САМИОТ СЕБЕ

| | | |
|---|---|---|
| *23. Недела* | **2. Мојсеева 20,3.** | *Идолопоклонството некогаш и сега* |
| *24. Понеделник* | **1. Царевите 18,41.** | *Чекај на Бога* |
| *25. Вторник* | **Јаков 5,17.18.** | *Откажи се од самиот себе* |
| *26. Среда* | **1. Царевите 19,4**. | *Проникнат со обесхрабрување* |
| *27. Четврток* | **1. Царевите 19,9.** „ | *Што бараш ти тука?“* |
| *28. Петок* | **1. Царевите 19,18.** | *Денеска се потребни Илии* |
| *29. Сабота* | **1. Царевите 19,14.** | *Во мигови на слабост* |

### БОРБЕНА ПЕСНА

| | | |
|---|---|---|
| *30. Недела* | **2. Дневникот 20,12.** | *Битката е Господова* |
| *31. Понеделник* | **2. Дневникот 20,21.** | *Борбена песна* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - АВГУСТ
# ВЕРАТА И БОЖЈИТЕ ВЕТУВАЊА

### СЀ СТАВИ НА ОЛТАРОТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Вторник* | **2. Царевите 1,16.** | *Вражарењето, некогаш и сега* |
| *2. Среда* | **Лука 16,10.** | *Најблиска работа* |
| *3. Четврток* | **Матеј 10,37.38.** | *Зошто Елисеј?* |
| *4. Петок* | **Лука 9,62**. | *Сѐ стави на олтарот* |
| *5. Сабота* | **1. Коринќаните 15,51.52.** | *Наследникот на Илија* |

### БОЖЈИТЕ ПАТИШТА

| | | |
|---|---|---|
| *6. Недела* | **2. Царевите 2,21.** | *Загадена и прочистена вода* |
| *7. Понеделник* | **3. Мојсеева 19,32.** | *Казнето посмевање* |
| *8. Вторник* | **Псалм 33,18.19.** | *Трпеза во пустина* |
| *9. Среда* | **2. Царевите 5,2.** | *Иако само дете* |
| *10. Четврток* | **Исаија 55,8.9.** | *Божјите патишта* |
| *11. Петок* | **Откровение 14,13.** | *Без огнени кочии* |
| *12. Сабота* | **Јона 1,2.** | *Безволен пророк* |

### БЕЛ КАКО СНЕГ

| | | |
|---|---|---|
| *13. Недела* | **Исаија 26,21.** | *Постои граница* |
| *14. Понеделник* | **Исаија 6,8.** | *Испрати ме мене* |
| *15. Вторник* | **Исаија 6,3.** | *Понизност – права или лажна?* |
| *16. Среда* | **Исаија 6,6.7.** | *Жив јаглен* |
| *17. Четврток* | **Исаија 57,15.** | *Бел како снег* |
| *18. Петок* | **Псалм 68,31.** | *За сѐ* |
| *19. Сабота* | **Плачот на Еремија 3,26.** | *Еремија, Божји весник* |

### ВЕРАТА И БОЖЈИТЕ ВЕТУВАЊА

| | | |
|---|---|---|
| *20. Недела* | **Еремија 35,18.19.** | *Рихавовото семејство* |
| *21. Понеделник* | **2. Дневникот 32,8.** | *Одбранета Божјата чест* |
| *22. Вторник* | **2. Царевите 20,3.** | *Божествено исцелување* |
| *23. Среда* | **Исаија 39,4.** | *Што видоа?* |
| *24. Четврток* | **Авакум 2,4.** | *Верата и Божјите ветувања* |
| *25. Петок* | **Естира 1,10.11.** | *Под дејство на вино не може да се размислува* |
| *26. Сабота* | **Естира 4,14.** | *За време како што е ова* |

### ИЗВОР НА МУДРОСТА

| | | |
|---|---|---|
| *27. Недела* | **Откровение 12,17.** | *Човековите декрети наспроти Божјите* |
| *28. Понеделник* | **Даниел 1,17.** | *Четирите младичи во Вавилон* |
| *29. Вторник* | **1. Дневникот 22,12.** | *Извор на мудроста* |
| *30. Среда* | **1. Самоилова 2,30.** | *Без спогодба* |
| *31. Четврток* | **1. Коринќаните 9,27.** | *Сведочење* |

УТРИНСКИ СТИХОВИ - СЕПТЕМВРИ

# ВИСТИНИТ СВЕДОК

## ПОД БОЖЈА УПРАВА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Четврток* | **Даниел 2,20.21.** | *Под Божја управа* |
| *2. Петок* | **Даниел 2,28.** | *Вавилонскиот водач* |
| *3. Сабота* | **Даниел 3,17.** | *Четирите младичи во вжарената печка* |

## БОГ ГО ИСПРАТИ СВОЈОТ АНГЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *4. Недела* | **Даниел 4,35**. | *Навуходоносор е понижен* |
| *5. Понеделник* | **Даниел 6.4.** | *Даниел, Божји пратеник* |
| *6. Вторник* | **Даниел 6,16.** | *Бог го испрати својот ангел* |
| *7. Среда* | **Даниел 9,3.4.** | *Поделба на товарите* |
| *8. Четврток* | **Исаија 44,28.** | *Божјата рака придвижува сè* |
| *9. Петок* | **Захарија 4,10.** | *Пречките се проверка на верата* |
| *10. Сабота* | **Ездра 7,10.** | *Ездра, ученик и учител* |

## СВЕТА НАМЕРА

| | | |
|---|---|---|
| *11. Недела* | **Ездра 7,6.** | *Знаењето бара дејствување* |
| *12. Понеделник* | **Ездра 8,22.** | *Бог е нивен заштитник* |
| *13. Вторник* | **Немија 1,11.** | *Света намера* |
| *14. Среда* | **Немија 2,6.** | *Човек подготвен за работа* |
| *15. Четврток* | **Немија 2,18.** | *„Да ѕидаме!“* |
| *16. Петок* | **Немија 3,5.** | *Оние кои стојат на страна* |
| *17. Сабота* | **Немија 4,20.** | *Несвет сојуз* |

## ЖИВА ЖРТВА

| | | |
|---|---|---|
| *18. Недела* | **5. Мојсеева 15,7.8.** | *Не заборавајте ги сиромашните* |
| *19. Понеделник* | **Немија 6,3**. | *„Не можам да дојдам...“* |
| *20. Вторник* | **Исаија 58,12.** | *Ѕидај – поправи – обнови!* |
| *21. Среда* | **Лука 1,15.** | *Божјиот голем човек* |
| *22. Четврток* | **Лука 1,17.** | *Во духот на Илија* |
| *23. Петок* | **Амос 4,12.** | *Јасна порака* |
| *24. Сабота* | **Римјаните 12,1.** | *Жива жртва* |

## ВИСТИНИТ СВЕДОК

| | | |
|---|---|---|
| *25. Недела* | **Јован 1,29.** | *Подготвен да истапи* |
| *26. Понеделник* | **Јован 3,29.30.** | *Јас треба да се смалувам* |
| *27. Вторник* | **Матеј 11,11.** | *Што го прави голем?* |
| *28. Среда* | **Филипјаните 1,29.** | *Во темнина поради Христа* |
| *29. Четврток* | **Матеј 10,28.** | *Најголема чест* |
| *30. Петок* | **Јован 10,41.42**. | *Вистинит сведок* |

# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Јули*

| | |
|---|---|
| **1.** | Амос 1-3 |
| | |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| 4. | Авдија и Јона 1-4 |
| 5. | Михеј 1-4 |
| 6. | 5-7 |
| 7. | Наум 1-3 |
| **8.** | Авакум 1-3 |
| | |
| 9. | Софонија 1-3 |
| 10. | Агеј 1-2 |
| 11. | Захарија 1-3 |
| 12. | 4-6 |
| 13. | 7-10 |
| 14. | 11-14 |
| **15.** | Малахија 1-4 |
| | |
| 16. | Матеј 1-5 |
| 17. | 6-8 |
| 18. | 9-11 |
| 19. | 12-13 |
| 20. | 14-15 |
| 21. | 16-17 |
| **22.** | 18-20 |
| | |
| 23. | 21-25 |
| 24. | 26-28 |
| 25. | Марко 1-3 |
| 26. | 4-6 |
| 27. | 7-9 |
| 28. | 10-13 |
| **29.** | 14-16 |
| | |
| 30. | Лука 1-3 |
| 31. | 4-6 |

## *Август*

| | |
|---|---|
| 1. | Лука 7-8 |
| 2. | 9-11 |
| 3. | 12-14 |
| 4. | 15-17 |
| **5.** | 18-20 |
| | |
| 6. | 21-22 |
| 7. | 23-24 |
| 8. | Јован 1-3 |
| 9. | 4-6 |
| 10. | 7-9 |
| 11. | 10-12 |
| **12.** | 13-15 |
| | |
| 13. | 16-18 |
| 14. | 19-21 |
| 15. | Дела 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-12 |
| **19.** | 13-15 |
| | |
| 20. | 16-18 |
| 21. | 29-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-28 |
| 24. | Римјаните 1-3 |
| 25. | 4-6 |
| **26.** | 7-9 |
| | |
| 27. | 10-12 |
| 28. | 13-16 |
| 29. | 1. Кор. 1-5 |
| 30. | 6-9 |

## *Септември*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Кор. 10-12 |
| **2.** | 13-16 |
| | |
| 3. | 2. Кор. 1-5 |
| 4. | 6-9 |
| 5. | 10-13 |
| 6. | Галатјаните 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| 8. | Ефесјаните 1-6 |
| **9.** | Филипјаните1-4 |
| | |
| 10. | Колошаните 1-4 |
| 11. | 1. Солуњаните 2-5 |
| 12. | 2. Солуњаните 1-3 |
| 13. | 2. Тимотеј 1-6 |
| 14. | 2. Тимотеј 1-4 |
| 15. | Тит и Филимон |
| **16.** | Евреите 1-5 |
| | |
| 17. | 6-9 |
| 18. | 10-13 |
| 19. | Јаков 1-5 |
| 20. | 1. Петрово 1-3 |
| 21. | 2. Петрово 1-3 |
| 22. | 1. Јованово 1-3 |
| **23.** | 4-5 |
| | |
| 24. | 1. и 2. Јованово |
| 25. | Јудино послание |
| 26. | Откровение |
| 27. | 5-9 |
| 28. | 10-13 |
| 29. | 14-16 |
| **30.** | 17-19 |
| | |
| 31. | 20-22 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Јули*

**1.** Псалм 78,43-56.
2. Псалм 78,57-72.
3. Псалм 79.
4. Псалм 80.
5. Псалм 81.
6. Псалм 82.
7. Псалм 83.
**8.** Псалм 84.
9. Псалм 85.
10. Псалм 86.
11. Псалм 87.
12. Псалм 88
13. Псалм 89,1-13.
14. Псалм 89,14-26.
**15.** Псалм 89,27-39.
16. Псалм 89,40-52.
17. Псалм 90.
18. Псалм 91.
19. Псалм 92.
20. Псалм 93.
21. Псалм 94.
**22.** Псалм 95.
23. Псалм 96.
24. Псалм 97.
25. Псалм 98.
26. Псалм 99.
27. Псалм 100.
28. Псалм 101.
**29.** Псалм 102,1-14.
30. Псалм 102,15-28.
31. Псалм 103.

## *Август*

1. Псалм 104,1-18.
2. Псалм 104,19-35.
3. Псалм 105,1-15.
4. Псалм 105,16-31.
**5.** Псалм 105,32-45.
6. Псалм 106,1-16.
7. Псалм 106,17-32.
8. Псалм 106,33-48.
9. Псалм 107,1-21,
10. Псалм 107,22-43.
11. Псалм 108.
**12.** Псалм 109,1-16.
13. Псалм 109,17-31.
14. Псалм 110.
15. Псалм 111.
16. Псалм 112.
17. Псалм 113.
18. Псалм 114.
**19.** Псалм 115.
20. Псалм 116.
21. Псалм 117.
22. Псалм 118,1-14.
23. Псалм 118,15-29.
24. Псалм 119,1-34.
25. Псалм 119,35-63.
**26.** Псалм 119,64-90.
27. Псалм 119,91-117.
28. Псалм 119,118-143.
29. Псалм 119,144-176.
30. Псалм 120.

## *Септември*

1. Псалм 121.
**2.** Псалм 122.
3. Псалм 123.
4. Псалм 124.
5. Псалм 125.
6. Псалм 126.
7. Псалм 127.
8. Псалм 128.
**9.** Псалм 129.
10. Псалм 130.
11. Псалм 131.
12. Псалм 132.
13. Псалм 133.
14. Псалм 134.
15. Псалм 135.
**16.** Псалм 136,1-13.
17. Псалм 136,15-26.
18. Псалм 137.
19. Псалм 138.
20. Псалм 139.
21. Псалм 140.
22. Псалм 141.
**23.** Псалм 142.
24. Псалм 143.
25. Псалм 144.
26. Псалм 145.
27. Псалм 146.
28. Псалм 147.
29. Псалм 148.
**30.** Псалм 149.
31. Псалм 150.

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈУЛИ 2017 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 7. | 14. | 21. | 28. |
| Виница | 20:07 | 20:04 | 19:59 | 19:52 |
| Колешино | 20:04 | 20:01 | 19:56 | 19:49 |
| Стар Дојран | 20:04 | 20:01 | 19:56 | 19:49 |
| Куманово | 20:11 | 20:08 | 20:02 | 19:56 |
| Неготино | 20:07 | 20:04 | 19:59 | 19:53 |
| Струмица | 20:05 | 20:02 | 19:57 | 19:50 |
| Кочани | 20:07 | 20:04 | 19:59 | 19:53 |
| Велес | 20:09 | 20:06 | 20:01 | 19:55 |
| Кавадарци | 20:07 | 20:04 | 19:59 | 19:53 |
| Дебар | 20:14 | 20:10 | 20:05 | 19:59 |
| Скопје | 20:12 | 20:08 | 20:03 | 19:57 |
| Битола | 20:09 | 20:06 | 20:01 | 19:54 |
| Кичево | 20:12 | 20:09 | 20:04 | 19:57 |
| Лаки | 20:06 | 20:03 | 19:58 | 19:51 |
| Чифлик | 20:06 | 20:03 | 19:58 | 19:52 |
| Штип | 20:08 | 20:04 | 19:59 | 19:53 |
| Тетово | 20:14 | 20:10 | 20:05 | 19:59 |
| Јегуновце | 20:13 | 20:10 | 20:05 | 19:58 |
| Росоман | 20:08 | 20:05 | 20:00 | 19:53 |
| Гевгелија | 20:05 | 20:01 | 19:56 | 19:50 |
| Свети Николе | 20:09 | 20:06 | 20:01 | 19:54 |
| Делчево | 20:06 | 20:03 | 19:58 | 19:51 |
| Валандово | 20:05 | 20:02 | 19:57 | 19:50 |
| Охрид | 20:11 | 20:08 | 20:03 | 19:57 |
| Радовиш | 20:06 | 20:03 | 19:58 | 19:52 |
| Прилеп | 20:09 | 20:06 | 20:01 | 19:54 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| **АВГУСТ 2017** | **4.** | **11.** | **18.** | **25.** |
| Виница | 19:44 | 19:35 | 19:25 | 19:14 |
| Колешино | 19:42 | 19:33 | 19:23 | 19:12 |
| Стар Дојран | 19:42 | 19:33 | 19:23 | 19:12 |
| Куманово | 19:48 | 19:39 | 19:29 | 19:18 |
| Неготино | 19:45 | 19:36 | 19:26 | 19:15 |
| Струмица | 19:43 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |
| Кочани | 19:45 | 19:36 | 19:26 | 19:15 |
| Велес | 19:47 | 19:38 | 19:28 | 19:17 |
| Кавадарци | 19:45 | 19:36 | 19:26 | 19:16 |
| Дебар | 19:51 | 19:42 | 19:32 | 19:22 |
| Скопје | 19:49 | 19:40 | 19:30 | 19:19 |
| Битола | 19:47 | 19:38 | 19:28 | 19:18 |
| Кичево | 19:49 | 19:41 | 19:31 | 19:20 |
| Лаки | 19:43 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |
| Чифлик | 19:44 | 19:35 | 19:25 | 19:15 |
| Штип | 19:45 | 19:36 | 19:26 | 19:15 |
| Тетово | 19:51 | 19:42 | 19:31 | 19:21 |
| Јегуновце | 19:50 | 19:41 | 19:31 | 19:20 |
| Росоман | 19:46 | 19:37 | 19:27 | 19:16 |
| Гевгелија | 19:42 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |
| Свети Николе | 19:46 | 19:37 | 19:27 | 19:16 |
| Делчево | 19:43 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |
| Валандово | 19:43 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |
| Охрид | 19:49 | 19:40 | 19:31 | 19:20 |
| Радовиш | 19:44 | 19:35 | 19:25 | 19:14 |
| Прилеп | 19:47 | 19:38 | 19:28 | 19:17 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| СЕПТЕМВРИ 2017 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | 1. | 8. | 15. | 22. | 29. |
| Виница | 19:03 | 18:51 | 18:39 | 18:27 | 18:14 |
| Колешино | 19:01 | 18:49 | 18:37 | 18:25 | 18:13 |
| Стар Дојран | 19:01 | 18:50 | 18:38 | 18:26 | 18:14 |
| Куманово | 19:06 | 18:54 | 18:42 | 18:30 | 18:17 |
| Неготино | 19:04 | 18:52 | 18:40 | 18:28 | 18:16 |
| Струмица | 19:02 | 18:50 | 18:38 | 18:26 | 18:14 |
| Кочани | 19:03 | 18:51 | 18:39 | 18:27 | 18:15 |
| Велес | 19:06 | 18:54 | 18:42 | 18:29 | 18:17 |
| Кавадарци | 19:04 | 18:53 | 18:41 | 18:28 | 18:16 |
| Дебар | 19:10 | 18:59 | 18:47 | 18:34 | 18:22 |
| Скопје | 19:07 | 18:55 | 18:43 | 18:31 | 18:19 |
| Битола | 19:07 | 18:55 | 18:43 | 18:31 | 18:19 |
| Кичево | 19:09 | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:21 |
| Лаки | 19:02 | 18:50 | 18:38 | 18:26 | 18:14 |
| Чифлик | 19:03 | 18:52 | 18:40 | 18:28 | 18:16 |
| Штип | 19:04 | 18:52 | 18:40 | 18:28 | 18:16 |
| Тетово | 19:09 | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:20 |
| Јегуновце | 19:09 | 18:57 | 18:44 | 18:32 | 18:20 |
| Росоман | 19:05 | 18:53 | 18:41 | 18:29 | 18:17 |
| Гевгелија | 19:02 | 18:50 | 18:38 | 18:26 | 18:15 |
| Свети Николе | 19:05 | 18:53 | 18:41 | 18:29 | 18:17 |
| Делчево | 19:02 | 18:50 | 18:38 | 18:25 | 18:13 |
| Валандово | 19:02 | 18:50 | 18:38 | 18:26 | 18:14 |
| Охрид | 19:09 | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:21 |
| Радовиш | 19:03 | 18:51 | 18:39 | 18:27 | 18:15 |
| Прилеп | 19:06 | 18:54 | 18:42 | 18:30 | 18:18 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

**„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).**

**„Нема ниедно поглавје во нашето искуство што за него би било премногу мрачно да гочита; нема проблем кој за него би бил премногу тежок да го реши. Нема несреќа што би го снашла најмалечкото негово дете, нема грижа што би ја мачела душата, нема радост што би разгалила, нема искрена молитва што би полетала од усните на нашиот небесен Отец да не ја види, веднаш да не се заинтересира“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 99.**

НОВО! НОВО! НОВО! НОВО! НОВО! НОВО!




# Размислувај *за големи нешта*

• Оваа книга е продолжение на бестселерот „Надарени раце“ и во неа д-р Бен Карсон ја препорачува сопствената формула за успех. Може ли некој да даде подобар совет од човекот кој се преобразил од дете раснето во гето во прочуен детски неврохирург и кандидат за претседател на САД?

• Авторот на извонреден начин ги опишува суштинските вредности на животот, давајќи паралелно и примери од своето лично искуство. Акцентот го става на талентите, надежта, искреноста, добрината, знаењето, важноста на читање книги, развивање на вештините за темелно учење, а најпосле и на она што е најважно - човек да биде свесен за тоа дека Бог е негов Создател и Спасител кој секогаш ги храбри своите созданија да живеат промислено.

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

## ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА




**Проучувајте ја Библијата БЕСПЛАТНО по дописен пат иво 24 лекции дознајте што кажува таа за:**

- *Животот и личноста на Исус Христос*
- *Десетте Божји Заповеди*
- *Тајната за градење среќно семејство*
- *Здравиот начин на живот*
- *Пророштвата за нашево време*
- *Сигурноста во несигурниот свет...*

и многу други теми со извонредна важност!

Адресата каде што сакате да Ви пристигаат бесплатните лекции испратете ни ја на
**Поштенски фах 215, 1000 Скопје**

**www.adventisti.org.mk**

# ЈУЖНОАЗИСКА
## ДИВИЗИЈА




| УНИИ | ЦРКВИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Источноцентрална Индија | 2,516 | 967,972 | 137,544,009 |
| Североисточна Индија | 198 | 44,690 | 48,842,394 |
| Северна Индија | 460 | 169,520 | 755,163,499 |
| Јужноцентрална Индија | 251 | 75,433 | 68,225,340 |
| Југоисточна Индија | 450 | 123,029 | 79,577,833 |
| Северозападна Индија | 251 | 36,652 | 36,370,290 |
| Западна Индија | 254 | 113,342 | 187,962,007 |
| Андамани и Ниобари | 1 | 289 | 412,627 |
| Источно Хималајска | 7 | 696 | 757,000 |
| Непал | 26 | 9,035 | 28,039,000 |
| **ВКУПНО:** | 4,414 | 1,540,658 | 1,343,241,000 |

Статистика од декември 2015. година

**ПРОЈЕКТИ:**

1. Центар за обука на верниците во Ибрахимпатнам, Индија.
2. Женски спални соби во Адвентистичката гимназија, Димапур, Индија.
3. Женска спална соба во средната школа „Џејмс Меморијал“ Пракасапурам, Тамил Наду.
4. Училници во адвентистичката гимназија, Веларад, Индија.
5. Изградба на училници во адвентистичката школа »Алет«, Хатканангале, Индија.